| 3.1 | Изготвување на национална програма за поддршка на политичките реформи, пристапувањето и ефективноста на РСМ во Европската Унија, Националната програма се реализира преку Европска комисија, Министерство за надворешни работи на РСМ и Секретаријат за европски прашања, низ платформска проектна структура: (SUPRAE) Support for Policy Reforms, Accession and Effectives, Delegation of the European Union in North Macedonia | 3 |
| **4** | **Член на Комисија за изработка на закон** | **3** |
| 4.1 | Член на Работна група/Комисија за измени на Уставот на Република Северна Македонија, Министерство за правда на РСМ, врз основа на Предлог-преговарачката рамка за асоцирање на РСМ во ЕУ | 3 |
| **5** | **Учество во промотивни активности на факултетот/институтот** | **0,5** |
| 5.1 | Координатор на тим за промо активности на Правниот факултет | 0.5 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| **1** | **Член на уредувачки одбор на стручно списание** | **0,5** |
| | Предизвици/Challenges, списание за општествени прашања, FES | 0,5 |
| **2** | **Член на уредувачки одбор на меѓународно научно списание** | **2** |
| 2.1 | Iustinianus Primus Law Review (Faculty of Law, Iustinianus Primus, UKIM) – International Scientific Journal/Hein Online/EBSCO | 1 |
| 2.2 | Contemporary Macedonian Defense (Ministry of Defense, RNM), International Scientific Journal/EBSCO | 1 |
| **3** | **Членство во извршно тело на меѓународна организација која поддржува или организира научноистражувачка дејност** | **4** |
| 3.1 | Член на научен совет, т.е. Member of the Scientific Council of FEPS (Foundation foe European Progressive Studies), Belgium | 2 |
| 3.2 | Член на постојана научна конференција, т.е. Member of the Permanent Scientific Conference – Minorities for Europe of tomorrow – ISCOMET, with the participatory status of the ISCOMER in the Council of Europe (authorized to initiate procedures regarding the breaks of the European social charter) | 2 |
| **4** | **Член на факултетска комисија** | **1,5** |
| 4.1 | Во Комисија за попис на основни средства; во Комисија за спроведување избори за ректор на УКИМ; во Работна група за подготовка на предлог-содржина на студиски програми по политички студии, студии по новинарство и односи со јавност, на прв и втор циклус студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“, 0.5 x 3 | 1.5 |
| **5** | **Раководител на постдипломски студии** | **6** |
| 5.1 | Раководителка на Колегиум на студиска програма по политички науки на македонски и англиски јазик | 2 |
| 5.2 | Раководителка на Колегиумот на студиската програма на втор циклус студии – Меѓународни односи, дипломатија и европски интеграции (на македонски на англиски јазик | 2 |
| 5.3 | Раководител на Колегиумот на студиската програма на втор циклус студии – Медиуми и односи со јавност | 2 |
| **6** | **Подготовка на национални стратегии** | **2** |

| | | |
|---|---|---|
| 6.1 | Национална стратегија за интеркултурализам и општествена кохезија, 2024 – 2026 | 2 |
| **7** | **Учество во комисии и тела на државни и други органи** | **4** |
| 7.1 | Член на оперативно постојано тело за развој на концептот за едно општество и итеркултуразлимот | 1 |
| 7.2 | Член на комисија за доделување на државна награда „Климент Охридски“. | 1 |
| 7.3 | Член на комисија за доделување на признанието „Успешни млади“, што се доделува за врвни научно-иноваторски и други достигнувања при претседателот на Република Северна Македонија | 1 |
| 7.4 | Именуван од Влада на РСМ член на Заеднички интердисциплинарен комитет на експерти за историски, археолошки и образовни прашања од РСМ, согласно со Преспанскиот договор | 1 |
| | **Вкупно** | **40,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **134,66** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **118,9** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **40,5** |
| **Вкупно** | **294,06** |

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Ненад Марковиќ, с.р.**
**Проф. д-р Иван Дамјановски, с.р.**
**Проф. д-р Ирена Рајчиновска Пандева, с.р.**

***Прилог бр. 2***

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) РИМСКО ПРАВО НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 1.3.2024 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област римско право, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, донесена на 2.4.2024 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Владо Бучковски, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, д-р Гоце Наумовски, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и д-р Есин Кранли-Бајрам, вонреден професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област римско право, во предвидениот рок се пријави кандидатот **д-р Тимчо Звонко Муцунски**.

Кандидатот во прилог на својата пријава ги достави сите потребни документи, претходно наведени во конкурсот: доказ за стекнат соодветен степен на образование, изјава за исполнување на општите и посебните услови за избор, уверение за државјанство, кратка биографија (CV), список на објавени научни и стручни трудови и по еден примерок од трудовите, преглед на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Д-р Тимчо Муцунски е роден на 29.7.1989 година во Берово. Основното образование го завршил во Њујорк, САД, а средното образование во Отава, Канада. Завршил прв циклус на правните студии и дипломирал на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во јуни 2009 година, со просечен успех 8,96. По дипломирањето се запишал на постдипломски студии (правни студии од втор циклус). Сите предвидени испити ги положил со просечен успех 9,92. Магистерскиот труд успешно го одбранил на 4.7.2011 година и се стекнал со називот магистер по право. Во 2012 година се запишал на докторски студии (трет циклус студии по правни науки) на Правниот факултет „Јустинијан Први“. На 4.1.2019 година ја брани својата докторска дисертација со наслов: „Релации на институтите на римското право и современите приватни корпорации“ и се стекнува со научниот степен доктор на правни науки од областа на римското право.

Со одлуки на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“, м-р Тимчо Муцунски бил избран за демонстратор за периодот јуни 2009 – септември 2011 година. Со Одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“, м-р Тимчо Муцунски на 26.10.2015 е избран за асистент-докторанд на научната област римско право (Реторика и Правна реторика), а со Одлука на Наставно-научниот совет, во септември 2019 г., д-р Тимчо Муцунски е избран за доцент на научната област римско право.

Во периодот по неговиот избор во наставно-научното звање доцент, автор е на повеќе научноистражувачки трудови, една книга објавена во земја членка на ОЕЦД, како и една стручна монографија. Муцунски учествувал на голем број

меѓународни научни конференции, школи и работилници, а учесник е и на два научни проекта.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од изборот на доцент на научната област римско право, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата

**Наставно-образовна дејност**

Д-р Тимчо Муцунски одржувал настава во периодот од изборот во звањето доцент до објавување оглас за избор во наставно-научно звање вонреден професор на повеќе предмети на прв и втор циклус студии, и тоа: Римско право (Правни студии), Реторика (студии – Новинарство), Говорништво и невербална комуникација (студии по Односи со јавност), Корпоративна етика (насока Корпоративно право), Корпорациите и локалниот и регионалниот развој (насока Корпоративно право), ИКТ и Односи со јавност (студии по Односи со јавност), Аргументациони модели (студии по Односи со јавност).

Учествувал во настава во повеќе школи и работилници организирани од страна на домашни и меѓународни невладини организации и научни институции.

Д-р Тимчо Муцунски редовно одржувал консултации и создавал пакет-материјали за повеќе предмети од негово поле на поширок научен интерес. Исто така, учествувал како член во повеќе комисии за оценка и одбрана на магистерски трудови.

Конкретните активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност се наведени во табелата во Образец 2 кон Извештајот за избор во наставно-научно звање.

**Научноистражувачка дејност**

Во неговата научноистражувачка дејност, д-р Тимчо Муцунски, учествувал во раководењето на еден меѓународен научен проект, а бил учесник и во еден национален научен проект. Тој учествувал како пленарен и секциски предавач на голем број научно и стручни собири, како во државата така и надвор од нејзините граници. Во рамките на голем број од тие меѓународни научни собири, објавувал и повеќе апстракти во зборници.

Во периодот од избор во звањето доцент до објавувањето на оглас за избор во звањето вонреден професор, автор е на пет научни труда, како и на книга рецензирана и објавена во земја членка на ОЕЦД. Во наведениот период, д-р Тимчо Муцунски, бил и ментор на еден кандидат на втор циклус студии.

Сите пријавени и доставени научни и стручни трудови се соодветно прикачени и евидентирани во Ризницата (репозиториумот) на трудови на УКИМ: <https://repository.ukim.mk/simple-search?query=Timcho+Mucunski>

Другите активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, податоците за објавените трудови, за проектите во кои учествувал кандидатот и за предавањата на научни и стручни собири со меѓународно учество, се наведени во табелата во Образец 2 кон Извештајот за избор во наставно-научно звање.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Во делот на стручно-апликативна дејност д-р Тимчо Муцунски е автор на стручната монографија „Еволуцијата на корпоративната регулација од правните принципи и институти на римското право до современото корпоративно управување“, објавена во 2024 година. Исто така, учествувал во повеќе факултетски комисии, како и во промитивни активности на Правниот факултет „Јустинијан Први“.

Д-р Тимчо Муцунски учествувал во подготовка на национални документи, а бил учесник и во три студиски престои во странство.

Активностите кои припаѓаат во стручно-применувачката дејност и дејностите од поширок интерес, подетално се наведени во табелата во Образец 2 кон Извештајот за избор во наставно-научно звање.

**Оценка од самоевалуација**

На анонимно спроведените анкети на студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на првиот и на вториот циклус правни студии, каде што изведува настава, кандидатот д-р Тимчо Муцунски е континуирано позитивно оценуван.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Тимчо Муцунски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Тимчо Муцунски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето вонреден професор во научната област римско право.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, д-р Тимчо Муцунски да биде избран во звањето вонреден професор во научната област римско право.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Владо Бучковски, с.р.**
**Проф. д-р Гоце Наумовски, с.р.**
**Проф. д-р Есин Кранли-Бајрам, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
# ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** д-р Тимчо Звонко Муцунски
**Институција:** Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје
**Научна област:** римско право

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,96.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,92.<br>Просечниот успех изнесува 9,44 за интегрираните студии. | ДА |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: римско право, поле: правни науки, подрачје: општествени науки. | **ДА** |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | **ДА (подетално во Образец 2)** |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: __________<br>2. Назив на електронската база на списанија:___________<br>3. Наслов на трудот: _____________<br>4. Година на објава: _____________ | **ДА (подетално во Образец 2)** |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1.Назив на научното списание: __________<br>2.Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): __________<br>3. Наслов на трудот: ______________<br>4. Година на објава: ______________ | **ДА (подетално во Образец 2)** |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1.Назив на научното списание: _________<br>2.Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД________<br>3. Наслов на трудот: ______________<br>4. Година на објава: ______________ | **ДА (подетално во Образец 2)** |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Наслов на книгата: ________<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД_______<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: ___________ | **ДА (подетално во Образец 2)** |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1. Назив на зборникот: _______<br>2. Назив на меѓународниот собир: _____________<br>3. Имиња на земјите: _________<br>4. Наслов на трудот: ______________<br>5. Година на објава: ______________ | **ДА (подетално во Образец 2)** |
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање – доцент, датум и број на Билтен: 15.7.2019 г. бр. 1196 | **ДА** |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност. | **ДА** |

* На лицата кои имаат засснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на

интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.
** За кандидатот/ите кој има повеќе од 5 (пет) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Владо Бучковски, с.р.**
**Проф. д-р Гоце Наумовски, с.р.**
**Проф. д-р Есин Кранли-Бајрам, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** д-р Тимчо Звонко Муцунски
(име, татково име и презиме)
**Институција:** Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, УКИМ
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** римско право

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување настава** | **12** |
| | *Прв циклус студии*<br><br>**2019/2020: Одлука на Наставно-научен совет од 17.2019**<br>Прв циклус студии<br>1. Римско право (Правни студии)<br>2. Реторика часа (студии по Новинарство)<br>3. Говорништво и невербална комуникација (студии по Односи со јавност)<br>**2020/2021: Одлука на Наставно-научен совет од 6.7.2020**<br>Прв циклус студии<br>1. Римско право (Правни студии)<br>2. Говорништво и невербална комуникација (студии по Односи со јавност)<br>3. Реторика (студии по Новинарство и Политички студии)<br>**2021/2022: Одлука на Наставно-научен совет од 2.7.2021**<br>Прв циклус студии<br>4. Римско право (Правни студии)<br>5. Реторика (Новинарство)<br>6. Говорништво и невербална комуникација (студии – Односи со јавност)<br>7. ИКТ и односи со јавност (студии – Односи со јавност)<br>**2022/2023: Одлука на Наставно-научен совет од 4.7.2022**<br>Прв циклус студии<br>8. Римско право (Правни студии)<br>Аргументациони модели (студии – Односи со јавност)<br><br>*Втор циклус студии*<br>**2020/2021: Одлука на Наставно-научен совет од 6.7.2020**<br>Втор циклус студии<br>1. Корпоративна етика (насока Корпоративно право)<br>2. Корпорациите и локалниот и регионалниот развој (насока Корпоративно право) | |

| | | |
|---|---|---|
| 1.2 | **2021/2022: Одлука на Наставно-научен совет од 2.7.2021**<br>Втор циклус студии<br>1. Корпоративна етика (насока Корпоративно право)<br>2. Корпорациите и локалниот и регионалниот развој (насока Корпоративно право)<br><br>**2022/2023: Одлука на Наставно-научен совет од 4.7.2022**<br>Втор циклус студии<br>3. Корпоративна етика (насока Корпоративно право)<br>4. Корпорациите и локалниот и регионалниот развој (насока Корпоративно право) | 4,5 |
| 2. | **Пакет-материјали за одреден предмет:**<br>1. Пакет-материјали за предметот Корпоративна етика (втор циклус студии – Корпоративно право);<br>2. Пакет-материјали за предметот Корпорациите и локалниот и регионалниот развој (втор циклус студии – Корпоративно право). | **2** |
| | **Настава во школи и работилници**<br>- учесник<br><br>1. Политичка академија 2019: „Јакнење на капацитет на идните лидери“. 29 ноември – 1 декември 2019. Фондација „Конрад Аденауер“, Институт за општествени истражувања МК 91.<br>2. Политичка академија 2020: „Јакнење на капацитетите за поуспешен политички менаџмент“. Фондација „Конрад Аденауер“, Институт за општествени истражувања МК 91.<br>3. Катедра Аденауер 2020: Постизборни предизвици и ЕУ интеграции. Фондација „Конрад Аденауер“, Центар за европски студии „Вилфред Мартенс“.<br>4. Градење мостови за заедничка иднина: Западен Балкан на патот кон ЕУ. 29 октомври 2020 г. Фондација „Конрад Аденауер, Центар за европски студии „Вилфред Мартенс“.<br>5. Политички лидери на иднината – предизвиците на младите во постковид-19 општество. Вебинар, 16 април 2021 г. Фондација „Конрад Аденауер“.<br>6. Школо за политики при Претседателски центар за политичко образование. 3 – 5 септември 2021 г.<br>7. Создавање на европска општина. Политика на интегритет за 0 корупција. 2022. Фондација „Конрад Аденауер“.<br>8. Политичка академија 2022: Стратегија и визија во време на криза. 28 – 30 октомври 2022, Охрид. Фондација „Конрад Аденауер“.<br>9. Youth Political Academy: The Western Balkans In the Context of the Current Security and Economic Challenges After the Russian Aggression of Ukraine. 1 – 4 декември 2022. Фондација „Конрад Аденауер“.<br>10. Иднината на проширувањето на ЕУ во услови на актуелните безбедносни предизвици – кои се придобивките за Северна Македонија и Европската Унија. 18 мај 2023 година. Фондација „Конрад Аденауер“, Европско движење во Република Северна Македонија.<br>11. Катедра Аденауер 2023: ЕУ и НАТО на Западен Балкан во контекст на новите политички и безбедносни предизвици. 19 октомври 2023. Фондација „Конрад Аденауер“, Центар | |

| | | |
|---|---|---|
| | за европски студии „Вилфред Мартенс“, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.<br>12. Политичка академија 2024: Важноста на ефективна комуникација во градењето успех. 2024 г. Фондација „Конрад Аденауер“.<br>13. Стратешко планирање за политички промени. 2024 г. Фондација „Конрад Аденауер“.<br>„Чист воздух – основно човеково право или неостварливи обврски во Северна Македонија“. 2024. Фондација „Конрад Адануер“, Центар за правни истражувања и анализи – Скопје. | |
| 4. | **Консултации со студенти**<br><br>2019/2020: 200 студенти<br>2020/2021: 200 студенти<br>2021/2022: 200 студенти<br>2022/2023: 200 студенти | **1,6** |
| 5. | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд**<br><br>Вкупно: 4<br>*листата е доставена во пријавата | **1,2** |
| | **Вкупно** | **35,3** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Ментор на магистерски труд**<br><br>Вкупно: 1<br>*листата е доставена во пријавата | **2** |
| 2. | **Учесник во национални научни проекти**<br><br>2.1 Мегапроект „*Евроинтеграција на општествениот, правниот и политичкиот систем на Република Македонија*“, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје | **3** |
| 3. | **Раководител на меѓународен научен проект**<br><br>1. Создавање на европска општина: Политика на интегритет за 0 корупција. Фондација „Конрад Аденауер“, Правен факултет „Јустинијан Први“. 2022 година. | **9** |
| 4. | **Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на ЕУ или ОЕЦД**<br><br>1. From Forum to Boardroom: The Roman Roots of Corporate Law. Lambert Academic Publishing, Omniscriptum SRL Publishing Group. United Kingdom. 2024. | **8** |

| | | |
|---|---|---|
| 5. | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал „Математика“ или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование**<br><br>1. Societas, Societas Pyblicanorum and Peculium in the Context of Contemporary Corporate Entities. Ius Romanum, I/2021. Индексиран во HEINONLINE | **4.5** |
| 6. | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови**<br><br>1. The Effects of Privatisation on Economic Systems in Post-Socialist States. Political Thought, Year 18, Number 60, November, 2020. Konrad Adenauer Stiftung, Institute For Democracy „Societies Civils“.<br>2. Policies Over Politics: Putting a Focus on the Environment. Political Thought, Year 19, No. 61, 2021. Konrad Adenauer Stiftung, Institute For Democracy „Societies Civils“.<br><br>3. The Influence of the United States of America in the Creation of the New European Political Architecture. Year 21, Number 67, December 2023. Konrad Adenauer Stiftung, Institute For Democracy „Societies Civils“. | **14** |
| 7. | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји**<br><br>1. Roman Law Lessons in Contemporary Legal Contexts: The Creation of the Basic Characteristics of Contemporary Corporations in Market Economies. Conference Proceedings of the International Scientific Conference „Challenges and Perspectives of the Development of Legal Systems in the XXI Century“. University of Banja Luka, 2023. | **4.5** |

| | | |
|---|---|---|
| 8. | **Пленарно предавање на научен-стручен собир**<br><br>1. Проектини предизвици: Локална самоуправа, граѓански организации, образование и спорт. Здружение за развојни иницијативи „Глобал – Геостратешки институт“. Охрид, 29 – 31 мај 2023 г.<br>2. Today’s Sport: Sports Summit 2022. Здружение за развојни иницијативи „Глобал - Геостратешки институт“. October 26, 2022.<br>3. Улогата на локалната власт за развој на Спортот. Здружение за развојни иницијативи „Глобал – Геостратешки институт“. 24.10.2023 г. | **6** |
| 9. | **Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество**<br>1. Skopje Economic and Finance Forum 2021. Skopje, 6 – 7 September 2021. | **3** |
| 10. | **Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество**<br><br>1. Fourth International Conference of the Balkan Association of Roman Law and Roman Legal Tradition. Kragujevac, 2019.<br>2. Fifth International Conference of the Balkan Association of Roman Law and Roman Legal Tradition. University of Sofia (on-line), 2020.<br>3. Seventh International Conference of the Balkan Association of Roman Law and Roman Legal Tradition. University of Sarajevo, 2022.<br>4. Eight International Conference of the Balkan Association of Roman Law and Roman Legal Tradition. Cres, 2023.<br>5. International Scientific Conference „Challenges and Perspectives of the Development of Legal Systems in the XXI Century“. University of Banja Luka, 2023.<br>6. Annual Scientific Conference „The Prospects of European Integration In Time of Geopolitical Challenges“. Faculty of Law „Iustinianus Primus“. 2023. | **12** |
| 11. | **Апстракт објавен во зборник на конференција**<br>- **меѓународна**<br><br>1. Fourth International Conference of the Balkan Association of Roman Law and Roman Legal Tradition. Kragujevac, 2019.<br>2. Seventh International Conference of the Balkan Association of Roman Law and Roman Legal Tradition. University of Sarajevo, 2022.<br>3. Eight International Conference of the Balkan Association of Roman Law and Roman Legal Tradition. Cres, 2023. | **3** |
| | **Вкупно** | **69** |

## СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Учество во промотивни активности на Факултетот**<br>1. Отворени денови на УКИМ за учебната година 2019/2020 г.<br>2. Отворени денови на УКИМ за учебната година 2020/2021 г. | **1** |
| 2. | **Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.)**<br>1. Создавање на европска општина. Политика на интегритет за 0 корупција. Студија за интегритет во Општина Аеродром. Фондација „Конрад Аденауер“, Правен факултет „Јустинијан Први“. 2022 г. | **2** |
| 3. | **Стручна монографија**<br>1. Еволуцијата на корпоративната регулација од правните принципи и институти на римското право до современото корпоративно управување. 2024 година. | **8** |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 4. | **Студиски престој во странство**<br>1. International Visit Leadership Program, „Effective Local Government Financial and Resource Management“. United States Department of State. September, 2023.<br>2. European Union Visitors Program. European Commission. 2020.<br>3. PIPA Study Visit Program, Future Leaders Invitation Program. Center for Analysis, Preveision and Strategy. Ministry for Europe and Foreign Affairs of France. 2022. | **1,5** |
| 5. | **Член на факултетска комисија**<br>1. Член на Организационен одбор за Ораторска вечер „Иво Пухан“, 2019 г.<br>2. Член на Организационен одбор за Ораторска вечер „Иво Пухан“, 2020 г. | **1** |
| | **Вкупно** | **13,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **35,3** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **69** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **13,5** |
| **Вкупно** | **117,8** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Владо Бучковски, с.р.**
**Проф. д-р Гоце Наумовски, с.р.**
**Проф. д-р Есин Кранли-Бајрам, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ИНСТИТУТОТ ЗАСТАПНИШТВО И НЕГОВОТО ЗНАЧЕЊЕ ВО ГРАЃАНСКОТО ПРАВО“ ОД М-Р ТЕА ЛАЛЕВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 3.6.2024 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Теа Лалевска, со наслов: „Институтот застапништво и неговото значење во граѓанското право“, во состав: д-р Родна Живковска (менторка), редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, д-р Мирослав Лазиќ, редовен професор на Правниот факултет на Универзитет во Ниш, д-р Татјана Зороска-Камиловска, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, д-р Тина Пржеска, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и д-р Елена Игновска, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Теа Лалевска со наслов: „Институтот застапништво и неговото значење во граѓанското право“ содржи 258 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1.0 проред и големина на букви 12, со 1100 фусноти, 198 библиографски единици (учебници, монографии, научни трудови, статии, збирка на правни прописи, коментари, национални и меѓународни правни извори и интернет-извори).

Учесници во граѓанско-правните односи се физичките и правните лица. Лицата кои стапуваат во граѓанско-правните односи тоа го прават со изјавување на правно релевантна волја која доведува до создавање, менување или укинување на граѓанско-правни односи. Граѓанско-правните односи, кои по својата природа се имотни односи, се од големо значење за остварување на егзистенцијалните и други потреби на физичките и правните лица. Со стапување во граѓанско-правни односи, физичките и правните лица се стекнуваат со граѓански субјективни права и преземаат граѓански субјективни обврски во согласност со нивните потреби и правни интереси. Имајќи го предвид значењето на граѓанско-правните односи не само во правната, туку и во општествено-економската сфера, законодавците во современите правни системи стремат кон создавање на еднакви можности за учество на сите лица во граѓанско-правните односи. Создавањето еднакви можности за учество во граѓанско-правните односи подразбира и создавање правна можност лицата кои не се способни или не се во можност самостојно да стекнуваат граѓански субјективни права и да преземаат граѓански субјективни обврски, тоа да го направат со помош на друг. Правната можност граѓанските субјективни права и обврски да се стекнуваат со помош на друг е олицетворена во институтот застапништво. Застапништвото како граѓанско-правен институт овозможува потполна реализација на субјективитетот на физичките и правните лица на теренот на граѓанското право. Овој институт е составен дел од секој граѓанско-правен систем затоа што без институтот застапништво лицата без деловна способност би станале крајно

маргинализирана група без потенцијал да стекнуваат права од имотна природа и да уживаат во бенефитите кои ги дава правниот промет. За лицата, пак, кои од субјективни причини не се во можност лично да учествуваат во граѓанско-правните односи (на пр. отсуство, немање стручни знаење и сл.) остварувањето на правата и правните интереси во сферата на граѓанското право би била значително отежната. Институтот застапништво не само што овозможува потенцијал за вклучување на сите лица во правниот промет туку овозможува и заштита на имотните права и интереси на лицата. Бенефити од уредувањето на институтот застапништво во граѓанското право се повеќедимензионални и ги надминуваат границите на индивидуалниот интерес на субјектите во правото и се во функција на севкупниот развој на правниот промет.

Со оглед на значајната улога на институтот застапништво во системот на граѓанското право, институтот застапништво изискува потреба за негово научно истражување. Целта на оваа докторска дисертација е токму тоа, сестрано да го истражи институтот застапништво како единствен и комплексен граѓанско-правен институт, односно да ја анализира неговата историска генеза, правна природа, видови, карактеристики, функции итн., како и да ги истражи насоките на понатамошен развој на овој институт.

Истражуваната материја во докторската дисертација е претставена преку вовед, пет глави и заклучок. Во воведниот дел се претставува предметот и целите на истражувањето. Првата глава содржи историска анализа на институтот застапништво. Во втората глава се анализира институтот застапништво од аспект на неговото поимно определување, обележја, елементи и видови застапништво во современите правни системи, т.е. во правниот систем на РС Македонија и споредбено. Третата глава е посветена на анализа на вондоговорното (законското) застапништво во правниот систем на РС Македонија и во споредбеното право. Четвртата глава содржи анализа на правната уреденост на договорното застапништво во правниот систем на РС Македонија и во споредбеното право. Петтата глава од докторската дисертација содржи анализа на статутарното застапништво. Заклучокот ги содржи заклучните согледувања од истражувањето. Во секоја посебна глава материјата е јасно систематизирана во точки и потточки со наслови и поднаслови кои се нумерирани, што го прави трудот јасен и прегледен. Стилот на изразување е соодветен и прилагоден на природата на трудот. Текстот е мошне разбирлив и лесен за читање.

**Воведниот дел**, како што кажавме, го претставува предметот и целите на истражувањето. Во воведниот дел кандидатката аргументира дека институтот застапништво е мошне значаен институт во современото граѓанско право. Поаѓајќи од значењето на институтот застапништво, во поглед на стекнувањето и вршењето на граѓанските субјективни права, кандидатката укажува на потребата од негово детално истражување. Кандидатката поаѓа од хипотезата дека институтот застапништво е еден од најзначајните институти во системот на граѓанското право, кој што не може да се изостави од неговата содржина. Исто така, кандидатката аргументира дека институтот застапништво е подложен на постојан развој сѐ со цел истиот да се прилагоди кон современите потреби во правниот живот. Оттука, кандидатката заклучува дека институтот застапништво е неопходно да биде истражуван, не само од аспект на неговата актуелна правна уреденост, туку и од аспект на можностите за негов понатамошен развој. Со цел научно и објективно да ги прикаже појавата, развојот, функциите и значењето

на институтот застапништво, кандидатката потенцира дека ќе се служи со сите соодветни методи за научно истражување во областа на правото (историско-правниот, позитивно-правниот и споредбено-правниот метод). Кандидатката со право констатира дека историско-правниот метод е неопходен при анализа на појавата и развојот на институтот застапништво. Употребата на позитивно-правиот метод, според кандидатката, овозможува да се претстави актуелната правна уреденост на институтот застапништво во правниот систем на РС Македонија и притоа да се оцени степенот на развој на овој институт во македонското право. Споредбено-правниот метод кандидатката го смета за неопходен при анализата на сличностите и разликите во правната уреденост на институтот застапништво во современите правни системи на европските земји. Од воведот на докторската дисертација може да се констатира дека хипотезите, целите на истражувањето и методите на истражување се правилно поставени и соодветни за предметот на истражување.

Во **првата глава** се анализира институтот застапништво низ историјата. Заради прегледност, истражувањето на историската генеза на застапништвото, кандидатката го претставува во посебни точки: 1. Застапништвото во периодот на робовладетелското општество (римско право); 2. Застапништвото во периодот на феудализмот; 3. Застапништвото во периодот на капитализмот и 4. Застапништвото во периодот на социјализмот.

Во првата точка од првата глава се претставува застапништвото во периодот на римското право. Според кандидатката, римското право познавало рудиментирани форми на застапување, односно туторството и старателството како рудиментирани форми на законско застапништво и мандатумот и работоводството без налог како рудиментирани форми на договорно застапништво. Кандидатката констатира дека застапништвото постоело и во делот на заштитата на имотните права. Според истражувањето на кандидатката тоа се огледа во фактот дека во граѓанско-судската постапка лицата можеле да имаат како законски, така и процесни застапници.

Втората точка од првата глава ја содржи анализата на кандидатката за институтот застапништво во периодот на феудализмот. Според кандидатката, во периодот на феудализмот сè повеќе се развива и прифаќа идејата дека определено лице може да изразува волја во име на друго лице, како и да ја интерпретира волјата на застапуваниот и да ги штити неговите интереси. Кандидатката во истражувањето заклучува дека прифаќањето на овие идеи е последица на црковната идеологија. Во овој период, според кандидатката застапништво постоело, но негова основна функција била да служи како инструмент за остварување суверена власт, односно да служи како инструмент за контрола на народните маси, а не како инструмент за заштита на интересите на застапуваните.

Во третата точка од првата глава се анализира застапништвото во периодот на капитализмот. Кандидатката констатира дека природата и функциите на застапништвото во периодот на капитализмот значително се разликуваат од природата и функциите на застапништвото во периодот на феудализмот. Според кандидатката застапништвото во периодот на капитализмот е во функција на развој на правниот промет, а со тоа и во функција на развој на општествено-економските односи. Во овој период, според кандидатката, институтот застапништво добива значајно место во граѓанското право и започнува да се развива во современ граѓанско-правен институт.

Институтот застапништво во периодот на социјализмот е претставен во четвртата точка од првата глава. Анализирајќи го институтот застапништво во периодот на социјализмот, кандидатката заклучува дека овој институт во голема мера ги има истите карактеристики како и застапништвото во периодот на капитализмот. Кандидатката, исто така, воочува дека во овој период застапништвото правниот систем на СР Македонија се уредувало во правните прописи како единствен граѓанско-правен институт, а одделни видови застапништво биле уредувани и со специјални закони.

**Втората глава** на трудот содржи анализа на поимот застапништво, елементите на застапништвото, разграничување на институтот застапништво од другите сродни институти, функциите и видовите застапништво во правниот систем на РС Македонија и во споредбеното право. Оваа глава е поделена на 8 точки: 1. Поимно определување на институтот застапништво во цивилнта доктрина; 2. Поимно определување на институтот застапништво во позитивно граѓанско право на РС Македонија и во споредбеното право; 3. Конститутивни елементи на институтот застапништво; 4. Разграничување на застапништвото од други слични институти; 5. Лица кои не се сметаат за застапници; 6. Правна природа на застапништво, 7. Функции на застапништво и 8. Видови класификации на застапништво.

Во првата точка од втората глава кандидатката го анализира поимот застапништво претставувајќи ги различните становишта и различните пристапи на цивилната доктрина во дефинирањето на овој институт. При анализата на поимното определување на институтот застапништво, кандидатката констатира дека иако постојат различни пристапи во поглед на дефинирањето на застапништвото, во дефинициите на цивилистите преовладува поимањето на застапништвото како институт кој овозможува преземање правни работи, во туѓо име, за туѓа сметка врз основа на овластување за застапување.

Втората точка од втората глава содржи анализа на законското определување на институтот застапништво во позитивното граѓанско право на РС Македонија и во споредбеното право. Во оваа точка кандидатката ги анализира општите одредби со кои се уредува институтот застапништво во македонскиот правен систем. Притоа, кандидатката заклучува дека општи одредби за застапништвото содржи генералниот Закон за облигационите односи, кој Закон, исто така, поблиску го уредува и договорното застапништво. Поаѓајќи од законската уреденост на застапништвото во правниот систем на РС Македонија, кандидатката констатира дека дефинирањето на застапништвото во Законот кореспондира на дефинирањето на застапништвото во цивилната доктрина. Втората точка од втората глава содржи и споредбено-правна анализа во која кандидатката ја претставува општата правна уреденост на институтот застапништво во правните системи на земјите во Европа, меѓу кои земји од соседството и земји членки на Европската Унија. Споредбено-правната анализа ги опфаќа правните прописи на Р Германија, Р Швајцарија, Р Франција, Р Италија, Р Шпанија, Р Словенија, Р Хрватска и Р Србија.

Во третата точка од втората глава кандидатката ги претставува и анализира конститутивните елементи на институтот застапништво (преземање правни работи, во туѓо име, за туѓа сметка, со овластување). Анализирајќи ги конститутивните елементи на застапништвото, кандидатката констатира дека тие се инструментални во утврдувањето на правната природа на застапништвото како посебен граѓанско-правен институт. Конститутивните елементи на

застапништвото, според кандидатката, се клучни во разликувањето на застапништвото од други сродни институти.

Во четвртата точка од втората глава кандидатката, поаѓајќи од четирите конститутивни елементи на застапништвото, врши разграничување на застапништвото од други сродни граѓанско-правни институти. Кандидатката на мошне јасен начин врши разликување на институтот застапништво од другите институти, т.е. на мошне јасен начин го разликува застапникот од гласникот, посредникот, комисионерот и работоводителот без налог. Притоа, кандидатката потенцира дека кај институтите сродни на застапништвото се среќаваат некои од конститутивните елементи на институтот застапништво, но само кај застапништвото е присутна конкретната комбинација од конститутивни елементи, што го прави застапништвото посебен институт.

Во петтата точка од втората глава кандидатката ги анализира случаите на посредно или непосредно учество на определени лица во реализацијата на граѓанско-правните односи. Станува збор за: привидниот застапник, т.н. „подметнато лице“, помошникот, примачот на писма, детенторот и договорачот во корист на трето лице. Во своите анализи кандидатката констатира дека овие лица играат помошна улога во реализацијата на граѓанско-правните односи, но не можат да се сметаат за страни во тие односи, ниту пак може да се сметаат за застапници на страните во тие односи.

Шестата точка од втората глава кандидатката ја посветува на анализата на правната природа на институтот застапништво. Кандидатката констатира дека прашањето за правната природа на застапништвото е мошне комплексно прашање кое било разгледувано како од традиционалната правна теорија, така и од современата цивилна доктрина. Претставените традиционални теории за правната природа на застапништвото се бројни и разновидни. За попрегледно претставување на суштината на овие теории кандидатката ги класифицира на четири групи: прва – правни теории кои институтот застапништво го поимаат како форма на претставување на лицата во правните односи; втора – правни теории кои застапништвото го објаснуваат како правен однос на соработка помеѓу застапникот и застапуваниот кој резултира со имотни ефекти врз имотот на застапуваниот; трета – правни теории кои застапништвото го објаснуваат како институт кој има за цел да предизвика имотни ефекти врз имотот на застапуваниот без притоа да постои личен ангажман од страна на застапуваниот и четврта – правни теории кои го објаснуваат застапништвото од позитивистички аспект како правна категорија преку која може да се склучуваат правни работи во корист на друг, односно правна категорија на која правото ѝ припишува определени функции. Во поглед на традиционалните теории за правната природа на застапништвото, кандидатката се приклонува кон ставот на современата цивилна доктрина која ги оценува овие теории како ограничени и несоодветни за расветлување на комплексната правна природа на институтот застапништво. Кандидатката го прифаќа современото поимање на правната природа на застапништвото како правен однос во кој едно лице – застапник, врз основа на овластување за застапување, презема правни работи во име и за сметка на друго лице – застапуван.

Во седмата точка во втората глава кандидатката ги претставува и анализира функциите на институтот застапништво во современото граѓанско право. Кандидатката идентификува пет најзначајни функции на застапништвото. Според кандидатката, првата функција на застапништвото се состои во олеснувањето на правниот промет. Втора функција на застапништво е да овозможи вклучување во правниот живот на лицата кои ја немаат потребната

деловна способност самостојно да преземаат правни дејствија. Третата функција на застапништво, според кандидатката, се гледа во проширување на можностите на субјектите во правото за учество во разновидните граѓанско-правни односи. Кандидатката потенцира дека четвртата функција на застапништвото се состои во обезбедување заштита на правните интереси на отсутните лица или на непознати или отсутни сопственици на имот. Како петта функција на застапништвото кандидатката го наведува создавањето можност третите лица да ги остварат своите права и интереси во однос на застапуваниот.

Осмата точка од втората глава содржи анализа на видовите класификации на застапништвото познати во современата цивилна доктрина. Постоењето на повеќе класификации на застапништвото кои поаѓаат од различни критериуми за класификација, според кандидатката, е последицата од сложеноста на институтот застапништво.

**Третата глава** е посветена на анализа на вондоговорно (законско) застапништво. Заради прегледност, истражувањето на вондоговорното (законското) застапништво кандидатката го претставува во 5 точки: 1. Правен основ и претпоставни за настанување на вондоговорно застапништво; 2. Страни кај вондоговорно (законско) застапништво; 3. Видови вондоговорно (законско) застапништво; 4. Вондоговорното (законското) застапништво во споредбеното право и 5. Карактеристики на (вондоговорното) законското застапништво во современите правни системи.

Кандидатката во првата точка од оваа глава го анализира правниот основ, како и претпоставките за настанување на вондоговорно застапништво. Вондоговорното застапништво се определува како застапништво кое настанува врз основа на закон, судска одлука или акт на надлежен орган. Според кандидатката, овој вид застапување не резултира од волја на застапуваниот, туку од објективна потреба за застапување на лица кои не се способни или не се во состојба тоа да ги направат самостојно. Кандидатката земајќи ја предвид природата на вондоговорно застапништво констатира дека основни претпоставки за настанок на овој вид на застапништво се: непостоењето на правно релевантна волја на застапуваниот, постоењето објективна потреба за вондоговорно застапување и правен основ за застапување.

Втората точка од третата глава ги претставува страните кај вондоговорно (законско) застапништво, како и односите кои настануваат помеѓу страните на застапништвото. Кандидатката укажува дека во односите кои настануваат со востановување на застапништвото се среќаваат три страни: застапник, застапуван и трето лице. Застапникот се определува како страната која е овластена да презема правни дејствија и да склучува правни работи во име и за сметка на застапуваниот. Според кандидатката, застапникот претставува потполно деловно способно физичко лице, а по исклучок и правно лице. Застапувани кај вондоговорното застапништво се: малолетни лица, полнолетни лица кои немаат потполна деловна способност, отсутни лица, непознати сопственици на имот, правни лица и други лица. Кандидатката потенцира дека ова се лица за кои постои објективна потреба да им се именува вондоговорен застапник. Трето лице е лицето со кое застапникот стапува во граѓанско-правни односи во име и за сметка на застапуваниот. Според кандидатката, третото лице треба да ја има потребната способност за да ја изразува правно релевантната волја во правниот однос. Исто така, кандидатката потенцира дека помеѓу трите страни кај вондоговорното застапништво настануваат два правни односи - интерен (внатрешен) однос и екстерен (надворешен) однос. Кандидатката

правилно забележува дека интерниот однос е однос помеѓу застапникот и застапуваниот, а екстерниот однос е однос помеѓу застапникот и третото лице, но во име и за сметка на застапуваниот. Кандидатката детално ги анализира природата и обележјата на двата односи и правилно заклучува дека тие два односи се меѓусебно поврзани и условени.

Во третата точка од оваа глава кандидатката ги претставува видовите вондоговорно (законско) застапништво во зависност од правната основа на која се воспоставува застапништвото (закон, судска одлука, акт на надлежен орган). Кандидатката при анализите поаѓа и од класификацијата на вондоговорното застапништво како непосредно и посредно законско застапништво. Според кандидатката, непосредното законско застапништво настанува непосредно врз основа на закон. Кандидатката непосредно законско застапништво на физичките лица го претставува како родителското застапување и како старателското застапување кое го врши Центарот за социјална работа. За непосредните законски застапници на правните лице, кандидатката констатира дека тоа се оние кои своите овластувања за застапување ги стекнуваат врз основа на закон или врз основа на акт на надлежен орган донесен врз основа на закон. Според кандидатката, посредно законско застапништво настанува врз основа на судска одлука или акт на надлежен орган донесени врз основа на закон. Кандидатката констатира дека посредното законско застапништво на физичките лица е старателското застапништво. Според кандидатката, посредните законски застапници кај правните лица се определуваат кога ќе настапат околности поради кои застапниците по закон не можат повеќе да го вршат застапувањето или кога со закон не е определен непосреден застапник на правното лице. Доколку во правниот живот настапат околности, кога определено лице не е во можност непосредно да ги остварува своите граѓански-субјективни права и граѓански субјективни обврски, во такви ситуации, според кандидатката, се определуваат т.н. застапници во посебни случаи – ad hoc законски застапници.

Четвртата точка од третата глава ја содржи правната уреденост на вондоговорното (законското) застапништво во споредбеното право, т.е. во правните системи на земјите во Европа, како што се: Р Германија, Р Швајцарија, Р Франција, Р Италија, Р Шпанија, Р Словенија, Р Хрватска и Р Србија. Во оваа точка кандидатката ги анализира и претставува одредбите во врска со вондоговорното (законското) застапништво, инкорпорирани во граѓанските законици на европските земји или во посебните прописи од областа на граѓанското право во земјите во кои нема граѓански кодификации.

Во петтата точка од третата глава кандидатката ги образложува карактеристиките на законското застапништво во современите правни системи. Во оваа точка кандидатката констатира дека севкупната анализата на позитивното право на РС Македонија покажува дека македонскиот законодавец ги уредува сите типични видови на законско застапување на физичките лица што се присутни и во современите правни системи на европските земји. Притоа, кандидатката потенцира дека во позитивното право на РС Македонија недостасува современ пристап во уредувањето на законското застапување. Според кандидатката, правниот систем на РС Македонија заостанува во уредувањето на нови (современи) форми на законско застапување, особено за законското застапувањето на полнолетните лица. Исто така, кандидатката констатира дека во правниот систем на РС Македонија недостасува регулатива на законско застапништво која ќе овозможи заштита на автономијата на

застапуваните и нивното право самостојно да учествуваат во граѓанско-правните односи во согласност со нивните интелектуални капацитети.

Во **четвртата глава** се анализа договорното застапништво. Заради прегледност, анализата на договорно застапништво кандидатката ја претставува во 6 точки: 1. Претпоставки за настанување на договорно застапништво; 2. Улогата и значењето на договорно застапништво во современите правни системи; 3. Страни кај договорно застапништво; 4. Видови договорно застапништво; 5. Договорно застапништво во споредбено право и 6. Карактеристики на договорното застапништво во современото право.

Во првата точка од четвртата глава кандидатката ги анализира претпоставките за настанување на договорно застапништво. Според кандидатката, договорното застапништво претставува израз на автономија на волја на застапуваниот да овласти друг да презема правни работи во негово име и за негова сметка. Кандидатката потенцира дека суштината на договорно застапништво се гледа во овозможување на физички и правни лица да стапуваат во граѓанско-правни односи без да има потреба лично да ги преземаат правните дејствија. За да настане договорно застапништво, кандидатката укажува дека треба да се исполнат две основни претпоставки – да постои волја на застапуваниот и застапникот да го прифати овластувањето за застапување.

Во втората точка од четвртата глава се претставува улогата и значењето на договорното застапништво во современите правни системи. Според кандидатката, договорното застапништво придонесува за динамиката на правниот промет и го олеснува процесот на стекнување, вршење и заштита на граѓанските субјективни права во рамките на тој правен промет. Кандидатката констатира дека договорното застапништвото игра значајна улога во развојот на правниот промет и во зголемување на правната сигурност кога застапувањето го вршат застапници кои се стручно оспособени за застапување во определени правни работи.

Во третата точка од четвртата глава кандидатката ги анализира односите помеѓу страните кај договорното застапништво – полномошник, властодавец и трето лице. Кандидатката правилно констатира дека и кај договорното застапништво настануваат два односи – интерен и екстерен кои имаа свои специфики кои се должат на природата на договорното застапување. Притоа, кандидатката дава детална анализа на спецификите на овие односи.

Четвртата точка од четвртата глава содржи анализа на видовите договорно застапништво. Кандидатката поаѓа од ставот на цивилната доктрина која врши разликување на договорно застапништво кое настанува врз основа на еднострана изјава на волја (еднострано правно дело) и договорно застапништво кое настанува врз основа на договор. Поаѓајќи од становиштето на цивилната доктрина кандидатката го анализира полномошното како еднострана изјава на волја со која се дава овластувањето за застапување како основа за настанок на договорното застапништво. Кандидатката, исто така, го анализира договорот за застапување кој според цивилната доктрина претставува правно дело чија основна содржина е овластувањето за застапување. Кандидатката, исто така, прави дистинкција помеѓу договорот за застапување чија основна содржина е овластувањето за застапување и други договори кои можат да бидат основ за договорно застапништво затоа што можат да содржат клаузула за застапување.

Покрај уреденоста на договорното застапништво во македонското право, кандидатката во петтата точка ја прикажува правната уреденост на договорното застапништвото и во споредбеното право, т.е. во правните системи на земјите во

Европа, како што се: Р Германија, Р Швајцарија, Р Франција, Р Италија, Р Шпанија, Р Словенија, Р Хрватска и Р Србија. Во оваа глава кандидатката ги анализира и претставува одредбите во врска со вондоговорното (законското) застапништво, инкорпорирани во граѓанските законици на европските земји или во посебните прописи од областа на граѓанското право во земјите во кои нема граѓански кодификации.

Во шестата точка од четвртата глава кандидатката ги анализира спецификите на договорното застапништво во современото право. Според кандидатката, договорното застапништво во современото право е во функција на интересите на властодавецот, затоа што му овозможува да презема правни работи и без притоа да биде лично присутен, но, исто така, е во функција и на развојот на правниот промет и обезбедувањето на правната сигурност во правниот промет. Кандидатката констатира дека за договорното застапништво да може да ја оствари целта на своето постоење потребна е солидна правна регулатива која ќе го уредува договорното застапништво. Според кандидатката, македонското позитивно граѓанско право ги следи современите тенденции на развој на договорното застапништво и се стреми да создаде регулатива која ќе биде во функција на неговиот понатамошен развој.

**Петтата глава** е посветена на анализа на статутарното застапништво. Статутарното застапништво кандидатката го претставува во 3 точки: 1. Поимот статутарно застапништво; 2. Облици на статутарно застапништво и 3. Правна природа на статутарно застапништво.

Првата точка од петтата глава содржи анализа на поимот статутарно застапништво. Статутарното застапништво, според кандидатката, претставува вид застапување кое се јавува само кај правните лица. Кандидатката констатира дека кај статутарното застапништво специфично е тоа што обемот на овластувањата на застапникот и на лицето кое е овластено да застапува, се определени во статутот или друг општ акт на правното лице. Според кандидатката, во својство на статутарен застапник кај правните лица се јавува органот на управување на тоа правно лице, ако своите овластувања ги црпи од статутот на правното лице.

Во втората точка од петтата глава кандидатката покажува дека статутарното застапништво како специфичен вид на застапување може да се изрази во два облика. Според кандидатката, првиот облик е кога во целост се исклучува законското застапување, а статутарниот застапник станува единствен застапник на правното лице. Вториот облик, пак, е кога статутарно застапување постои паралелно со законското застапување, односно правното лице го застапува и застапникот по закон и статутарниот застапник. Кандидатката констатира дека во правниот систем на РС Македонија се застапени и двата облика на статутарно застапништво.

Третата точка од петтата глава содржи анализа на правната природа на статутарно застапништво во која се претставени и анализирани ставовите на правната наука за местото на статутарното застапништво во класификациите на институтот застапништво.

На крајот од докторската дисертација дадени се заклучните согледувања на кандидатката од целокупната истражувана материја. Во **Заклучокот** кандидатката на сумарен начин ги претставува своите констатации, мислења и предлози поврзани со истражуваната материја.

**2. Оцена на трудот**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Теа Лалевска, со наслов: „Институтот застапништво и неговото значење во граѓанското право“, претставува оригинално и значајно научно истражување во областа на граѓанското право. Кандидатката покажува способност за сериозно, научно и детално истражување на предметната материја. Истражувањата на кандидатката кои се тема на оваа докторска дисертација претставуваат значаен научен придонес во сферата на граѓанското материјално право.

Во трудот јасно се прикажува институтот застапништвото и неговото значење во современото граѓанско право. Претставувајќи го институтот застапништво, неговото значење и функции во современите правни системи, кандидатката дава свој придонес кон научното спознавање на правната природа на институт застапништво во теоретска смисла, но и во спознавање на значењето и улогата на застапништвото во правниот живот. Во трудот се дава јасен приказ на правната уреденост на застапништвото во македонското и во споредбеното право, односно во правните системи на земјите во Европа. Се анализираат сличностите и разликите во правната уреденост на застапништвото, што е мошне значајно за понатамошниот развој на овој институт во правниот систем на РС Македонија и хармонизација на македонското со правото на Европската Унија во оваа област. Во трудот се идентификуваат недостатоците во правната уреденост на институтот застапништво во правниот систем на РС Македонија и можностите за нивно отстранување и обезбедување понатамошен развој на овој значаен граѓанско-правен институт. Критичкиот, но воедно и прагматичен, пристап кон истражуваната материја во трудот нуди можност за утврдување на насоките за понатамошен развој на институтот застапништво и за негово континуирано прилагодување кон потребите на правниот живот.

### 3. Заклучок и предлог

По внимателно и исцрпно разгледување на докторската дисертација на кандидатката м-р Теа Лалевска, со наслов: „Институтот застапништво и неговото значење во граѓанското право“, Комисијата за оцена констатира дека се работи за труд кој е напишан во согласност со правилата и стандардите за изработка на докторски трудови. Трудот претставува одлично подготвена докторска дисертација од областа на граѓанското материјално право, во кој кандидатката успеала на јасен и аргументиран начин да го претстави институтот застапништво покажувајќи го притоа неговото големо значење во областа на граѓанското право.

Со оглед на наведеното, Комисијата дава **позитивна оценка** на трудот и му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје да го прифати трудот „Институтот застапништво и неговото значење во граѓанското право“ на кандидатката м-р Теа Лалевска, како успешна докторска дисертација и да дозволи негова јавна одбрана.

Скопје, 2.7.2024 година

**КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА И ОДБРАНА**

**Д-р Татјана Зороска-Камиловска (претседателка на Комисијата), с.р.**
**Проф. д-р Родна Живковска (менторка), с.р.**
**Проф. д-р Мирослав Лазиќ (член), с.р.**
**Проф. д-р Тина Пржеска (член), с.р.**
**Проф. д-р Елена Игновска (член), с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРАВНАТА СПОСОБНОСТ НА ФИЗИЧКИТЕ ЛИЦА ВО ГРАЃАНСКОТО ПРАВО И НИВНИТЕ АТРИБУТИ” ОД М-Р ШКУРТЕ КАДРИ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 2.7.2024 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Шкурте Кадри, со наслов „Правната способност на физичките лица во граѓанското право и нивните атрибути“, во состав: д-р Родна Живковска (менторка), редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, д-р Абдулах Алиу, редовен професор на Правниот факултет во Приштина (професорот го познава и активно се служи со македонскиот јазик), д-р Тина Пржеска, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, д-р Неда Здравева, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и д-р Милка Ракочевиќ, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Шкурте Кадри, со наслов: „Правната способност на физичките лица во граѓанското право и нивните атрибути“, содржи 229 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,0 проред и големина на букви 12, со 1131 фуснота и 275 библиографски единици (учебници, монографии, статии, коментари, национални и меѓународни правни извори и интернет-извори).

Физичките и правните лица, како субјекти во правото, секојдневно стапуваат во најразлични правни односи. Според правната доктрина и современото законодавство, правните односи кои настануваат помеѓу физичките лица, од една страна, и помеѓу физичките и правните лица, од друга страна, а настануваат по повод стварите, човековите дејствија и имотот се познати како граѓанскоправни односи.

Со стапувањето во граѓанскоправните односи, физичките лица се стекнуваат со граѓански субјективни права и преземаат граѓански субјективни обврски кои одговараат на нивните правни интереси и потреби во правниот поредок. Основата за востановување на граѓанскоправните односи, односно за учествување во граѓанскоправни односи, цивилната доктрина ја гледа во институтот субјективитет, од причина што токму тој определува под кои услови, т.е. во кои граници физичките лица може да се јават како страни во граѓанскоправните односи. Како основен и најсложен институт на граѓанското право, правниот субјективитет на физичките лица го сочинуваат способностите (правната, деловната и деликтната способност), како и атрибутите (лично име, живеалиште и престојувалиште и државјанство). Имајќи го предвид значењето на институтот субјективитет во граѓанското право, а со тоа и потребата од

присуството на физичките лица како основна претпоставка за востановување и постоење на граѓанскоправните односи, целта на оваа докторска дисертација се состои во анализирањето на една од способностите на физичките лица, односно на правната способност на физичките лица, заедно со атрибутите на физичките лица кои се користат како средства потребни за нивна индивидуализација во правниот живот. Покрај правната способност на физичките лица, од големо значење се и средствата за индивидуализација на физичките лица. Станува збор за атрибутите: лично име, живеалиште/престојувалиште и државјанството, кои имаат придонес во индивидуализација на физичкото лице во правниот живот, надоврзувајќи се на способностите на физичкото лице. Освен правната способност на физичките лица и нивните атрибути, заради реализација на граѓанскоправните односи се користат и дополнителните, односно помошните средства за идентификација на физичките лица во граѓанското право. Станува збор за лична карта и единствениот матичен број на граѓанинот како ознака за идентификација, кои се користат за точно идентификување на физичките лица во правниот живот.

Затоа, со цел сестрано да се анализира предметот на истражувањето, докторската дисертација е претставена преку вовед, три дела и заклучок. Во воведот се претставува предметот и целите на истражувањето. Првиот дел содржи општа анализа за субјективитетот на физичките лица во граѓанското право. Вториот дел се однесува за поимот и видовите правна способност на физичките лица. Третиот дел од докторската дисертација се однесува на атрибутите и средствата за идентификација на физичките лица. На крајот од докторската дисертација е заклучокот, во кој се поставени заклучните согледувања. Сите три дела на докторската дисертација се поделени на неколку глави, точки и потточки кои се нумерирани со наслови и поднаслови, што го прави текстот да биде прегледен, разбирлив и лесен за читање.

**Воведот** на докторската дисертација ги претставува предметот и целите на истражувањето. Во овој воведен дел, кандидатката укажува на правниот субјективитет како основен институт во граѓанското право, ставајќи акцент на правната способност на физичките лица и нивните атрибути како средства за индивидуализација. Оваа докторската дисертација кандидатката ја темели врз основа на три хипотези, кои во текстот се потврдија преку примена на повеќе научни методи (историско-правен метод, позитивноправен метод, споредбеноправен метод и други методи). Со помош на историско-правниот метод, кандидатката во докторската дисертација дава приказ правната способност во периодот на римското право. Позитивноправниот метод кандидатката го користи за претставување на решенијата во врска со оваа проблематика кои ги нудат правните системи. Забележлива е и примената на споредбеноправниот метод во докторската дисертација, кој ѝ служи на кандидатката да даде приказ на сличностите и разликите во правните системи на европските држави во однос на правниот систем на РС Македонија. Во однос на поставените хипотези, кандидатката потврдува и констатира дека правната способност и атрибутите на физичките лица се неопходни елементи за да се реализираат граѓанскоправните односи во кои како правни субјекти се јавуваат физичките лица. Кандидатката укажува дека покрај правната способност, како една од способностите, за реализирање на граѓанскоправните односи се бара и конкретна индивидуализација на физичките лица којашто не може да се направи без присуство на атрибутите како средства за индивидуализација на

физичките лица. Затоа, според кандидатката, основната цел на докторската дисертација се гледа во прикажување на законските решенија поврзани со настанувањето и престанокот на правната способност на физичките лица, како и правната уреденост на атрибутите како средства за индивидуализација на физичките лица. Кандидатката потенцира дека друга дополнителната цел која се остварува преку докторската дисертација се состои во споредувањето на позитивноправните решенија во врска со оваа материја со решенија од споредбеното право кои уредуваат иста материја, при што кандидатката не само што ги воочува сличностите и разликите, туку дава и свои согледувања и предлага дополнителни начини за нивно уредување.

Во **првиот дел** на докторската дисертација кандидатката дава општа анализа на субјективитетот на физичките лица во граѓанското право. Со цел јасно и прегледно да се прикаже овој дел, кандидатката го дели на две глави, и тоа: 1. Научното определување на поимот „граѓанско-правни односи" и 2. Општо за правните субјекти и нивниот субјективитет.

Кандидатката во првата глава го прикажува поимното определување на граѓанскоправните односи во граѓанското право од аспект на правната наука. Во оваа глава, кандидатката претставува становишта на повеќе научници кои даваат свој поглед при определување на поимот граѓанскоправни односи. По излагањето на научните становишта, кандидатката констатира дека при поимно определување на граѓанскоправните односи кај сите преовладува ставот дека граѓанскоправните односи претставуваат општествени односи со имотен карактер кои постојат помеѓу физички лица, од една страна, или физички и правни лица, од друга страна, а и дека овие односи настануваат по повод стварите, човековите дејствија и имотот.

Во втората глава од првиот дел, кандидатката зборува општо за правните субјекти и нивниот субјективитет, претставувајќи ја правната природа, а со тоа и својствата (способностите и атрибутите) кои влегуваат во содржината на правниот субјективитет. Во втората глава од овој дел, кандидатката заклучува дека функција на субјективитетот се состои од овозможување на физичките лица да ги реализираат граѓанскоправните односи во кои се јавуваат како учесници. Според кандидатката, за да можат правните субјекти да ги вршат граѓанскоправните односи, треба да поседуваат граѓанскоправен субјективитет, за кој потенцира дека се состои од способности и атрибути. Кандидатката потенцира дека способности на физичките лица се: правната, деловната и деликтната способност, кои теоретски ги претставува во докторската дисертација. Според кандидатката, на субјектите, покрај способностите, мора да се надоврзат дополнителни својства за да може да се реализира субјективитетот на физичките лица. Тие својства кои влегуваат во субјективитетот на физичките лица се атрибути, како што се: лично име, живеалиште/престојувалиште и државјанство, кои кандидатката во оваа глава начелно ги прикажува, а се детално разработени во следниот дел од докторската дисертација.

**Вториот дел**, кој претставува, воедно, и централен дел од докторската дисертација, кандидатката го посветува на поимот и видовите правна способност на физичките лица. Заради прегледност, овој дел е систематизиран во четири глави, и тоа: 1. Правна способност на физичките лица; 2. Општа правна способност на физичките лица; 3. Посебна правна способност и 4. Ограничена правна способност. Поради специфичноста на истражуваната материја,

кандидатката секоја од главите ја дели на точки и потточки, кои ги нумерира со посебни поднаслови.

Во првата глава од вториот дел, кандидатката ја претставува правната способност. Кандидатката во оваа глава ги разработува прашањата кои се однесуваат на поимот правна способност, правната способност на физичките лица во римското право и дава општ осврт на поимно определување на видовите правна способност на физичките лица. Во оваа глава, кандидатката констатира дека поимот правна способност и стекнување на граѓанските субјективни права и преземање обврски во никој случај не треба да се поистоветуваат. Според кандидатката, на правната способност секој правен поредок треба да гледа како на апстрактна можност за настанување на права и обврски.

Втората глава од овој дел на докторската дисертација се однесува на општата правна способност на физичките лица. Во оваа глава, кандидатката ги разработува прашањата кои се однесуваат на поимно определување на општа правна способност (според меѓународни акти, според европските држави и според РС Македонија), на стекнувањето и престанувањето на општа правна способност. Земајќи ги предвид меѓународните извори, граѓанските кодификации и законите, како и научните становишта, во дефинирањето на општата правна способност кандидатката констатира дека во најголем дел сите го делат истото становиште, а тоа е дека на општата правна способност треба да се гледа само како на можност физичкото лице да се јави како носител на права и обврски. Кандидатката, следејќи го ставот на цивилната доктрина, заклучува дека основен услов за стекнување општа правна способност, како апстрактна можност за стекнување на права и обврски, претставува раѓање, притоа детото да се роди живо. Кандидатката укажува дека иако во цивилната доктрина се јавуваат и дополнителни услови покрај наведените, таа смета дека тие не треба да се прифатат за да не доведат до најразлични злоупотреби кои се мошне препознатливи во современиот правниот поредок. Исто така, кандидатката се приклонува кон становиштето дека покрај општиот услов – новороденчето да биде живо родено, се залага истовремено и тоа да биде родено од жена. Според кандидатката, присуството на овој услов ќе овозможи да не се појавуваат злоупотреби на човековиот род, односно да не се вршат експерименти со човековиот род. Оваа глава кандидатката ја завршува со престанувањето на општата правна способност, во која детално дава осврт на видовите смрт (физичка, претпоставена, фиктивна) кои доведуваат до престанување на општата правна способност, истакнувајќи ги притоа последиците кои настапуваат во граѓанскоправните односи, односно на теренот на граѓанското право.

Во третата глава од вториот дел, кандидатката ја анализира посебната правна способност на физичките лица како првиот подвид на правната способност на физичките лица. Во оваа глава, кандидатката детално ги елаборира поимот и условите за стекнување и престанување на посебната правна способност на физичките лица. Кандидатката констатира дека, за разлика од општата правна способност, за која е потребно само детето да е родено живо и да е родено од жена, за стекнување на посебна правна способност, покрај овие два услова, потребни се и исполнување на дополнителни услови (одредени стручно-технички услови и дозвола од надлежен државен орган). Во однос на престанувањето на посебната правна способност, кандидатката укажа дека до нејзино губење доаѓа со смртта или ако престане еден од условите за нејзиното настанување (или стручно-техничките услови или дозволеноста). Со оглед на тоа дека посебната правна способност се однесува за вршење на одредени

професионални дејности, кандидатката го прифаќа становиштето на одредени цивилисти кои посебната правна способност со друго име ја нарекуваат и професионална способност. Заради детално објаснување на посебна правна способност, кандидатката во докторската дисертација посебно внимание посветува и на видовите правна способност, анализирајќи и ги посебните закони со кои се уредуваат значителен број на видови на посебна правна способност. Во докторската дисертација, кандидатката, заради осознавање на природата на посебната правна способност и нејзино разграничување со другиот подвид на правна способност, ги претставува едни од позначајните видови на посебна правна способност. Станува збор за посебна правна способност за составување тестамент, за засновање работен однос (работноправна способност) вршење адвокатска дејност, за вршење нотарски работи, како и посебна правна способност која ја имаат извршителите, медијаторите, посебна правна способност за вршење занаетчиска дејност, посебна правна способност на стечајниот управник, на проценувачите, посебна правна способност за вршење угостителска дејност, за вршење туристичка дејност, за вршење земјоделска дејност, посебна правна способност на здравствените работници, на овластените архитекти и инженери, како и посебна авторска и интелектуална способност.

Четвртата глава од вториот дел на докторската дисертација се однесува на ограничената правна способност како вториот подвид на правна способност на физичките лица. Според кандидатката, овој вид на правна способност се смета за законска апстрактна неможност на физичките лица да се стекнат со определени прави и обврски. Кандидатката заклучува дека овој вид на правна способност на физичките лица не зазема посебно место во македонскиот правен систем, туку има само маргинално значење.

**Третиот дел** од докторската дисертација се однесува на атрибутите на физичките лица како средства за нивна индивидуализација, како и помошните средства за идентификација на физичките лица во правниот живот. Заради прегледност, овој дел се состои од четири глави, и тоа: 1. Правен режим и влијание на лично име како атрибут во граѓанскоправните односи; 2. Правен режим и влијание на атрибутот живеалиште и престојувалиште во граѓанскоправните односи; 3. Правен режим и влијание на државјанството како атрибут во граѓанскоправните односи; 4. Средство и ознака за идентификација на физичките лица. Првите три глави кандидатката ги посветува на видовите атрибути (лично име, живеалиште/престојувалиште и државјанство во македонското право и македонската цивилна доктрина, а потоа и споредбено. Четвртата глава се однесува на средствата за идентификација на физичките лица во правниот живот.

Во првата глава од третиот дел кандидатката го претставува и анализира првиот атрибут на физичките лица – личното име, како и неговото влијание во граѓанскоправните односи. Од анализата на одредбите на Законот за личното име на РС Македонија, кандидатката констатира дека личното име, како лично право на граѓанинот, се состои од име и презиме и дека личното име на детето го определуваат родителите спогодбено. Кандидатката заклучува дека Законот дозволува промена на личното име и препишува санкции за неслужењето со личното име што е запишано во матичната книга на родените. По претставувањето на правниот режим на личното име според македонското право, во докторската дисертација кандидатката прави детална анализа на правниот режим на атрибутот лично име според споредбеното право. Заради претставување на сличностите и разликите во врска со правниот режим на личното име, кандидатката со помош на споредбеноправниот метод во оваа

глава ги анализира одредбите од граѓанските кодификации на повеќе држави (како што се Р Германија, Р Италија, Р Франција, Р Австрија, Р Холандија) како и одредбите од посебните прописи од областа на граѓанското право на повеќе држави (Р Финска, Р Естонија, Р Бугарија, Р Косово). Според кандидатката, личното име како атрибут на физичките лица има влијание во остварувањето на граѓанскоправните односи, т.е. во стварноправните, облигационоправните и наследноправните односи.

Втората глава од третиот дел се однесува на вториот атрибут на физичките лица – живеалиштето и престојувалиштето, како и неговото влијание во граѓанскоправните односи. Според кандидатката, живеалиштето како атрибут е место каде што едно лице живее (објективен елемент) и има намера (субјективен елемент) да живее постојано (во неопределен временски период). Во докторската дисертација, кандидатката констатира дека за разлика од живеалиштето, престојувалиштето од во себе го содржи само објективниот елемент и се определува како место на привремено живеење, без намера за постојано живеење. Кандидатката укажа на фактот дека во РС Македонија со Уставот се гарантира правото на слободно движење и живеалиште. Покрај претставување на правниот режим на атрибутот живеалиште и престојувалиште според македонското право, во докторската дисертација кандидатката го претставува правниот режим на живеалиштето и престојувалиштето на физичките лица според споредбеното право. Според кандидатката, слободното движење и живеалиштето е прокламирано во Универзалната декларација за човековите права и Меѓународниот пакт за граѓански и политички права. Исто така, кандидатката потенцира дека Европската конвенција го прокламира правото на почитување на приватен и семеен живот, домот и преписката. Во докторската дисертација кандидатката го претстави правниот режим на живеалиштето и престојувалиштето на ЕУ според Директивата 2004/58/Е на Европскиот парламент и Европскиот совет, при што заклучи дека Директивата го гарантира правото на граѓаните на Унијата и нивните семејства слободно да се движат и престојуваат на територијата на земјите членки на ЕУ. Заради детална анализа на атрибутот живеалиште и престојувалиште, кандидатката прави осврт и на одредбите од граѓанските кодификации, односно од посебните прописи од областа на граѓанското право на повеќе држави (како што се Р Австрија, Р Германија, Р Италија, Р Швајцарија, Р Шпанија, Р Холандија и Р Србија). Според кандидатката, живеалиштето/престојувалиштетото како втор атрибут на физичките лица има посебно влијание во остварувањето на граѓанскоправните односи, т.е. во стварноправните, облигационоправните и наследноправните односи, како и се забележува дека овој атрибут има и процесноправно влијание (во парнична и вонпарнична постапка).

Третата глава од овој дел на докторската дисертација кандидатката ја посветува на третиот атрибут на физичките лица. Станува збор за атрибутот државјанство, кој според кандидатката има минимално значење во граѓанскоправните односи. Анализирајќи го правниот режим и влијанието на државјанството како атрибут во граѓанскоправните односи, кандидатката заклучи дека државјанството во нашата држава се гарантира со Уставот и се уредува со Законот на државјанството на РС Македонија. Покрај правниот режим на државјанството во РС Македонија, во докторската дисертација, со помош на споредбеноправниот метод, кандидатката го претставува и правниот режим на атрибутот државјанство во споредбеното право. Од направената анализа, кандидатката заклучува дека државјанството на ЕУ е право предвидено во два договора: Договорот за функционирање на Европската Унија (TFEU) и

Договорот за Европската Унија (TEU). Кандидатката констатира дека според овие договори, секој државјанин на земја членка е државјанин на Унијата и дека државјанството на Унијата е дополнително државјанство и не го заменува националното. Заради претставување на сличностите и разликите, кандидатката ги анализира одредбите од посебните прописи од областа на граѓанското право на неколку држави (како што се Р Словенија и Р Бугарија). Кандидатката констатира дека државјанството како втор атрибут на физичките лица има влијание во остварувањето на граѓанскоправните односи, т.е. во стварноправните, облигационоправните и наследноправните односи.

Последната четврта глава од овој дел се однесува на средствата за идентификација на физичките лица во правниот живот. Според кандидатката, покрај средства за индивидуализација на физичките лица, исто така, посебно значење во правниот живот имаат и средствата за идентификација на физичките лица. Имајќи предвид дека честа појава во правниот живот е да има физички лица со исто лично име (име и презиме), живеалиште или престојувалиште и државјанство, неопходно е уредување на дополнителни средства за нивна точна идентификација во правниот живот. Затоа кандидатката констатира дека е потребно во секоја правна регулатива да постојат други инструменти за идентификација за да не дојде до нивно поистоветување во правниот живот. Поради тоа, правните системи решението на овој проблем го наоѓаат во предвидување на средството (личната карта) и ознаката (матичниот број) за идентификација на физичките лица. Кандидатката, претставувајќи го правниот режим на личната карта, констатира дека тоа е јавна исправа со која се докажува идентитетот, државјанството на РС Македонија, живеалиштето и адресата на граѓанинот. Покрај одредбите од македонското законодавство, кандидатката, служејќи се со споредбеноправниот метод, прави анализа на правниот режим на личната карта во правните системи на неколку држави (како што се Р Бугарија, Р Србија и Р Албанија). Кандидатката констатира дека личната карта како средство за идентификација на физичките лица се употребува во многубројни граѓанскоправни односи (како што се постапките за утврдување на идентитет на физичкото лице, за прибавување одобрение за набавување оружје).

Што се однесува за матичниот број како ознака за идентификација, кандидатката ги елаборира законските одредби кои ги уредуваат структурата, определувањето, поништувањето и евиденцијата на матичниот број на граѓанинот на РС Македонија и матичниот број на странецот и се заклучи дека единствениот матичен број на граѓанинот е единствена ознака за идентификациските податоци на граѓанинот. Заради претставување на сличностите и разликите, кандидатката со помош на споредбеноправниот метод прави анализа на правниот режим на матичниот број во правните системи на повеќе соседни држави (како што се Р Бугарија, Р Србија и Р Албанија). Кандидатката потенцира дека секојдневна е и употребата на матичниот број во праксата заради остварување на граѓанскоправни односи.

На крајот на докторската дисертација, кандидатката своите согледувања ги претставува во **заклучокот**. Во овој завршен дел, кандидатката ги прикажува своите констатации, но дава и мислења и предлози во врска со материјата која ја истражува во докторската дисертација.

**2. Оцена на трудот**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Шкурте Кадри, со наслов „Правната способност на физичките лица во граѓанското право и нивните атрибути“, претставува значајно научно истражување во областа на граѓанското

право. Во докторската дисертација, кандидатката дава детално и научно истражување на предметната материја. Проблематиката која кандидатката ја разработува во докторската дисертација има значаен придонес во сферата на граѓанското право.

Кандидатката во докторската дисертација на јасен и прегледен начин прво ја претставува правната способност како една од способностите на физичките лица во граѓанското право, што е и предмет на докторската дисертација. Освен правната способност на физичките лица, кандидатката дополнително ги анализира и ги претставува атрибутите на физичките лица и другите средства кои, исто така, претставуваат предмет за анализа во докторската дисертација. Ваквата детална анализа што ја дава текстот, придонесува за спознавање на значењето на правната способност во граѓанското право, а воедно и претставувајќи ги атрибутите на физичките лица и какво влијание имаат во сферата на граѓанското право. Важноста на докторската дисертација се гледа не само во тоа што претставува севкупен приказ на научно согледување на правната способност на физичките лица и нивните атрибути во граѓанското право, туку и фактот што покажува какво значење и влијание имаат правната способност и атрибутите во граѓанското право.

Во докторската дисертација, кандидатката ја претставува правната уреденост на правната способност на физичките лица и нивните атрибути, не само во македонското право, туку и во споредбеното право, односно во правните системи на повеќе европски држави. За анализата да биде детално претставена, кандидатката врши претставување на сличностите и разликите кои се јавуваат во правните системи кои ја уредуваат правната способност на физичките лица, како и посебно атрибутите, што е од големо значење за хармонизација на македонското право со правото на европските земји.

Кандидатката, со својот сериозен и критички пристап кон материјата која е предмет на истражување во докторската дисертација, дава можност за теоретско спознавање на правната способност на физичките лица и нивните атрибути, но и поставува нови погледи за нивно приспособување и усовршување кое ќе одговара на општествено-економските односи во секоја држава, а за што се залага секој правен систем.

### 3. Заклучок и предлог

По внимателно разгледување на докторската дисертација на кандидатката м-р Шкурте Кадри, со наслов „Правната способност на физичките лица во граѓанското право и нивните атрибути“, Комисијата за оцена констатира дека се работи за труд кој е напишан во согласност со правилата и стандардите за изработка на докторски трудови. Трудот претставува одлично подготвена докторска дисертација од областа на граѓанското материјално право, во која кандидатката успеала на јасен и аргументиран начин да го претстави институтот застапништво, покажувајќи го притоа неговото големо значење во областа на граѓанското право.

Со оглед на наведеното, Комисијата дава **позитивна оценка** на трудот и му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први” да го прифати трудот „Правната способност на физичките лица во граѓанското право и нивните атрибути“ на кандидатката м-р Шкурте Кадри, како успешна докторска дисертација и да дозволи негова јавна одбрана.

Скопје, 11.7.2024 година

**КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА И ОДБРАНА**

**Проф. д-р Абдулах Алиу**
**(претседател на Комисијата), с.р.**
**Проф. д-р Родна Живковска (ментор), с.р.**
**Проф. д-р Тина Пржеска (член), с.р.**
**Проф. д-р Неда Здравева (член), с.р.**
**Проф. д-р Милка Ракочевиќ (член), с.р.**

**П Р Е Г Л Е Д**
**на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје Наставно Научен Совет од 02.07.2024 година**

| Кандидат | Тема | Ментор | Датум | Одлука број |
|---|---|---|---|---|
| 1. Јован Нечовски | „Предности и предизвици на имплементација на европското телекомуникациско право во Македонија за бизнисот и потрошувачите (Advantages and challenges of implementation of European telecommunications law in Macedonia for business and consumers)“ | проф.д-р Бобан Мисоски | 02.07.2024 година | 02-770/89 од 04.07.2024 година |
| 2. Фиторе Шабани | „Кривични санкции спрема деца: компаративна анализа на законодавствата на Република Северна Македонија и Република Албанија (Penal Sanctions towards Children Offenders, Comparative Analysis of the legislations of Republic of North Macedonia and Republic of Albania)“ | проф.д-р Бобан Мисоски | 02.07.2024 година | 02-770/88 од 04.07.2024 година |
| 3. Нада Лалчевска | „Уставни гаранции на репродуктивната слобода (Constitutional Guarantees of Reproductive Freedom)“ | проф.д-р Рената Дескоска | 02.07.2024 година | 02-770/87 од 04.07.2024 година |
| 4. Зоран Здравковски, | „Даночната постапка во македонското законодавство со посебен осврт на правните лекови (Tax Procedure in the Macedonian Legislation with Special Focus on the Legal Remedies)“ | проф.д-р Александра Максимовска Стојкова | 02.07.2024 година | 02-770/86 од 04.07.2024 година |
| 5. Оливера Стојковска, | „Улогата и надлежностите на Народниот правобранител во Република Северна Македонија од основањето до денес (The role and competences of the Ombudsman in the Republic of North Macedonia from the establishment until today)“ | проф.д-р Ана Павловска Данева | 02.07.2024 година | 02-770/84 од 04.07.2024 година |
| 6. Ева Костова | „Значењето на сајбер безбедноста во меѓународните односи (The importance of the cyber security in the international relations)“ | проф.д-р Јулија Брсакоска Базеркоска. | 02.07.2024 година | 02-770/85 од 04.07.2024 година |

**Декан**
**Проф. д-р Сашо Георгиевски**

**Скопје, 08 .07.2024 година**
**Изработил: м-р Илија Манасиев, советник за студентски работи**

***Прилог бр. 2***

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: ГЕОГРАФИЈА (ПРЕДМЕТИ: ГЕОГРАФИЈА НА НАСЕЛБИ, РУРАЛНА ГЕОГРАФИЈА) И ДРУГО (ПРЕДМЕТИ: НАСЕЛЕНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И НАСЕЛЕНИЕ И ТУРИСТИЧКИ ПАЗАР) НА ИНСТИТУТОТ ЗА ГЕОГРАФИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет, Институт за географија, објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 24 – 26.5.2024 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: географија (предмети: Географија на населби, Рурална географија) и друго (предмети: Население на Република Северна Македонија и Население и туристички пазар) и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 021297/3 од 5.7.2024 година, донесена на 4.7.2024 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Мирјанка Мацевиќ, редовен професор на Природно-математичкиот факултет, д-р Билјана Апостоловска Тошевска, редовен професор на Природно-математичкиот факултет и д-р Ристо Мијалов, редовен професор на Природно-математичкиот факултет.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: географија (предмети: Географија на населби, Рурална географија) и друго (предмети: Население на Република Северна Македонија и Население и туристички пазар), во предвидениот рок се пријави д-р Марија Љакоска, доцент на Природно-математичкиот факултет во Скопје, Институт за географија.

### 1 БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката доц. д-р Марија Љакоска е родена на 18.5.1985 година во Битола. Основно и средно образование завршила во Кичево. Со високо образование се стекнала на Природно-математичкиот факултет во Скопје, Институт за географија, на 31.10.2007 година, со просечен успех 9,11, со што се здобила со звањето дипломиран професор по географија. Кандидатката била прогласена за најдобар студент на генерацијата студенти од Институтот за географија во академската 2006/2007 година.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2007/2008 се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Природно-математичкиот факултет во Скопје, Институт за географија, насока просторно планирање. Студиите ги завршила со просечен успех 10. На 30.5.2012 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Анализа на расположливите ресурси како систем на можности и ограничувања значајни за просторен развој на Кичевската Котлина“.

Докторска дисертација пријавила на 18.3.2016 година на Природно-математичкиот факултет во Скопје, Институт за географија. Дисертацијата на тема: „Демогеографски развиток на брачноста и фертилитетот во Република Македонија“ ја одбранила на 8.7.2019 година, пред Комисија во состав: д-р Мирјанка Мацевиќ, редовен професор на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ментор, д-р Билјана Апостоловска Тошевска, редовен професор на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Никола Панов, редовен професор на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, проф. д-р Никола Димитров, редовен професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и д-р Дејан Илиев, вонреден професор на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Со тоа се стекнала со научниот степен, доктор на науки од научната област географија.

Од 1.10.2007 година била ангажирана како демонстратор на Институтот за географија, а од 15.6.2015 година била ангажирана како технички соработник – помош при изведување настава и вежби на Институтот за географија при ПМФ во Скопје. На 6.4.2017 година е избрана во звањето асистент на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во областа општествена географија (економска).

На 28.11.2019 година е избрана во звањето доцент на Природно-математичкиот факултет во Скопје, Институт за географија во областа општествена географија (економска), (предмети: Природно движење на населението, Семејства и домаќинства и Работна сила и вработеност), географија (предмет: Рурална географија) и други специфични подрачја (предмет: Ревитализација на руралните населби).

Во моментот е доцент на Природно-математичкиот факултет во Скопје, Институт за географија. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1202 од 1.11.2019 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1141, од 1.3.2017 година и бр. 1202, од 1.11.2019 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2 НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Природно-математички факултет во Скопје, Институт за географија, кандидатката д-р Марија Љакоска како доцент изведува настава и вежби на прв и втор циклус студии. На прв циклус, ангажирана е на студиските програми: Наставна географија (предмети: Географија на населби, Рурална географија, Население на Република Македонија) и Туризам (предмет: Населението и туристичкиот пазар). На втор циклус студии, изведува настава на студиската програма Демографија (предмет: Популациона политика). Кандидатката изведува и вежби по предметите наведени во Образец 2.

Кандидатката учествувала како член во Комисија за оцена/или одбрана на четириесетина дипломски трудови, а на 5 дипломски труда била ментор.

Кандидатката е коавтор на рецензирано учебно помагало под наслов: „Практикум по географија на население“.

Обемот на досегашното ангажирање во наставата, учеството во подготовка на наставни содржини, како и коректниот однос со студентите, укажуваат на сериозен пристап на кандидатката во процесот на изведувањето на наставно-образовната дејност на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

**Научноистражувачка дејност/Стручно-уметничка дејност**

Д-р Марија Љакоска има објавено вкупно 39 научни трудови од областа на географија на население и географија на населби, од кои, 14 научни труда се во изборниот период. Од трудовите објавени од последниот избор до денот на пријавата, 2 труда се дел од монографии објавени во странство од издавачката куќа Springer, 2 труда се објавени во научни списанија индексирани во најмалку една електронска база на списанија (Web of Science, Scopus, CEEOL и др.), 3 труда во меѓународни научни списанија и 7 труда во зборници од научни собири со меѓународен уредувачки одбор.

Д-р Марија Љакоска била национален координатор на еден меѓународен проект, а учествувал како член во два национални научни проекта.

Во извештајниот период се јавила како рецензент на 16 научни труда во 4 научни списанија.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Марија Љакоска активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Институтот за географија. Кандидатката била учесник на повеќе семинари, работилници и обуки.

Член е на Македонското географско друштво и активно учествувала во подготовката и реализацијата на државните натпревари по географија.

Активно учествува и во промотивните активности на Институтот и Факултетот.

Кандидатката д-р Марија Љакоска остварила експертски активности во подготовката на две национални стратегии и едно анкетно истражување како дел од научноистражувачки проект.

Особена активност Кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на стручни комисии и работни групи при Природно-математичкиот факултет во Скопје и Институт за географија: Комисија за спроведување на изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на ПМФ, Комисија за психофизичка способност на кандидатите за прием на прв циклус, Поткомисијата за самоевалуација на Институтот за географија, Комисија за попис на основни средства и ситен и крупен инвентар на Институтот за географија.

Кандидатката е член на уредувачки одбор на 3 меѓународни научни списанија.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката д-р Марија Љакоска, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Марија Љакоска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на Кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Марија Љакоска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето вонреден професор во наставно-научните области: географија (предмети: Географија на населби, Рурална географија) и друго (предмети: Население на Република Северна Македонија и Население и туристички пазар).

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, д-р Марија Љакоска да биде избрана во звањето **вонреден професор** во наставно-научните области: географија (предмети: Географија на населби, Рурална географија) и друго (предмети: Население на Република Северна Македонија и Население и туристички пазар).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Мирјанка Мацевиќ, редовен професор,**
**Институт за географија,**
**Природно-математички факултет – Скопје, с.р.**

**Д-р Билјана Апостоловска Тошевска,**
**редовен професор,**
**Институт за географија,**
**Природно-математички факултет – Скопје, с.р.**

**Д-р Ристо Мијалов, редовен професор,**
**Институт за географија,**
**Природно-математички факултет – Скопје, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Марија Михајло Љакоска
**Институција:** Природно-математички факултет, Институт за географија

**Научна област: географија** (предмети: Географија на населби, Рурална географија) и **друго** (предмети: Население на Република Северна Македонија и Население и туристички пазар)

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ– ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,11<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10<br>Просечниот успех изнесува 9,56 за интегрираните студии. | ДА |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: географија, општествена географија (економска), подрачје: географија на население и населби. | |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | ДА |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование | ДА |
| 3.1.1 | 1. Назив на научното списание: Demografija<br>2. Назив на електронската база на списанија: CEEOL, DOAJ, SCIndeks<br>3. Назив на трудот: Age-sex structure of the population of North Macedonia in the beginning of the 21st century<br>4. Година на објава: 2023 | |
| 3.1.2 | 1. Назив на научното списание: Journal of the Geographical Institute „Jovan Cvijic“ SASA<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science, Scopus<br>3. Назив на трудот: Local population analysis in the function of the protected area's sustainable development<br>4. Година на објава: 2021 | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД | ДА |
| 3.3.1 | 1. Назив на научното списание: Population Studies in the Western Balkans. European Studies of Population<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: Швајцарија<br>3. Назив на трудот: Attitudes Towards Reproduction and Creating a Family Among Albanian Women—The Case of Arachinovo Municipality, North Macedonia<br>4. Година на објава: 2024 | |
| 3.3.2 | 1. Назив на научното списание: Smart Geography. Key Challenges in Geography<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: Швајцарија<br>3. Назив на трудот: Spas as a Potential for the Sustainable Functional Development—A Case Study of the East Region in the Republic of North Macedonia<br>4. Година на објава: 2020 | |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји | ДА |
| 3.5.1 | 1. Назив на зборникот: Proceedings of the 9th International Scientific Conference GEOBALCANICA 2023<br>2. Назив на меѓународниот собир: 9th International Scientific Conference GEOBALCANICA 2023<br>3. Имиња на земјите: Полска, Кина, Србија, Германија, Грција, Словенија, Русија, Обединето Кралство, Романија, Италија, Австрија, Турција, Хрватска, Норвешка, Босна и Херцеговина, Северна Македонија, Шведска, Албанија<br>4. Наслов на трудот: The process of population aging as a determinant of the economic development in the Republic of North Macedonia<br>5. Година на објава: 2023 | |
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање – доцент, Билтен: бр. 1202, од 1.11.2019 | |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност. | ДА |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Мирјанка Мацевиќ, редовен професор,**
**Институт за географија,**
**Природно-математички факултет – Скопје, с.р.**

**Д-р Билјана Апостоловска Тошевска,**
**редовен професор,**
**Институт за географија,**
**Природно-математички факултет – Скопје, с.р.**

**Д-р Ристо Мијалов, редовен професор,**
**Институт за географија,**
**Природно-математички факултет – Скопје, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Марија Михајло Љакоска
**Институција:** Природно-математички факултет, Институт за географија

**Научна област: географија** (предмети: Географија на населби, Рурална географија) и **друго** (предмети: Население на Република Северна Македонија и Население и туристички пазар)

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување на настава од прв циклус студии** | **31,2** |
| | **2023/2024, летен семестар**<br>Населението и туристичкиот пазар (2+2)<br>**2023/2024, зимски семестар**<br>Географија на населби (3+2)<br>Рурална географија (2+2)<br>**2022/2023, летен семестар**<br>Население на Република Македонија (2+2)<br>Ревитализација на руралните населби (2+2)<br>Сообраќајна географија (2+2)<br>**2022/2023, зимски семестар**<br>Населението и туристичкиот пазар (2+2)<br>Популациона политика (3+2)<br>Управување со човечки ресурси (2+2)<br>**2021/2022, летен семестар**<br>Население на Република Македонија (2+2)<br>Ревитализација на руралните населби (2+2)<br>Семејства и домаќинства (2+2)<br>**2021/2022, зимски семестар**<br>Демографско стареење (2+2)<br>Работна сила и вработеност (3+2)<br>**2020/2021, летен семестар**<br>Демографски структури (3+3)<br>Население на Република Македонија (2+2)<br>Ревитализација на руралните населби (2+2)<br>Семејства и домаќинства (2+2)<br>**2020/2021, зимски семестар**<br>Демографско стареење (2+2)<br>Природно движење на населението (3+2)<br>Ревитализација на руралните населби (2+2)<br>**2019/2020, летен семестар**<br>Демографски структури (3+3)<br>Семејства и домаќинства (2+2)<br>52 x 15 x 0,04 = 31,2 | |
| 2. | **Настава во школи и работилници – учесник** | **1** |
| | 1. Учесник во InQuire Migration Research Laboratory Program, организирана од страна на WB-MIGNET – Western Balkans Migration Network и CREDI – Centar za razvojne evaluacije i društvena istraživanja, Sarajevo со предавање под наслов „Internal migration and Depopulation in North Macedonia“, 7.3.2024, Online<br>1 x 1 = 1 | |
| 3. | **Одржување на вежби од прв циклус студии** | **43,7** |
| | **2023/2024, летен семестар**<br>Географија на население (3+2)<br>Населението и туристичкиот пазар (2+2)<br>Урбани системи (2+2)<br>**2023/2024, зимски семестар**<br>Географија на населби (3+2)<br>Рурална географија (2+2)<br>**2022/2023, летен семестар**<br>Географија на население (3+2)<br>Население на Република Македонија (2+2) | |

| | | |
|---|---|---|
| | Ревитализација на руралните населби (2+2)<br>Сообраќајна географија (2+2)<br>**2022/2023, зимски семестар**<br>Географија на населби (2+2)<br>Населението и туристичкиот пазар (2+2)<br>Популациона политика (3+2)<br>Управување со човечки ресурси (2+2)<br>**2021/2022, летен семестар**<br>Географија на население (3+2)<br>Население на Република Македонија (2+2)<br>Ревитализација на руралните населби (2+2)<br>Семејства и домаќинства (2+2)<br>**2021/2022, зимски семестар**<br>Географија на населби (2+2)<br>Демографско стареење (2+2)<br>Работна сила и вработеност (3+2)<br>**2020/2021, летен семестар**<br>Географија на населби (3+2)<br>Географија на население (3+2)<br>Географија на население и населби (3+2)<br>Демографски структури (3+3)<br>Население на Република Македонија (2+2)<br>Ревитализација на руралните населби (2+2)<br>Семејства и домаќинства (2+2)<br>**2020/2021, зимски семестар**<br>Географија на населби (2+2)<br>Демографско стареење (2+2)<br>Популациона политика (3+2)<br>Природно движење на населението (3+2)<br>Работна сила и вработеност (3+2)<br>Ревитализација на руралните населби (2+2)<br>**2019/2020, летен семестар**<br>Географија на население (3+2)<br>Географија на население и населби (3+2)<br>Демографски структури (3+3)<br>Миграции на населението (3+2)<br>Население на Република Македонија (2+2)<br>Присилни миграции (2+2)<br>Семејства и домаќинства (2+2)<br>Теренски истражувања (2+2)<br>Урбани системи (2+1)<br>**2019/2020, зимски семестар**<br>Бањски туризам (2+2)<br>Географија на населби (2+2)<br>Просторно планирање (2+2)<br>Просторното планирање и туризмот (3+2)<br>Социо-економска географија на Република Македонија (3+2)<br>Уредување на туристичкиот простор (3+2)<br><br>97 x 15 x 0,03 = 43,7 | |
| **4.** | **Подготовка на нов предмет** | **15,5** |
| **4.1.** | **Подготовка на нов предмет - предавања** | |
| | Географија на населби<br>Демографски структури<br>Демографско стареење<br>Население на Република Македонија<br>Населението и туристичкиот пазар<br>Популациона политика<br>Сообраќајна географија<br>Управување со човечки ресурси<br>8 x 1 = 8 | |
| **4.2.** | **Подготовка на нов предмет - вежби** | |
| | Географија на населби<br>Географија на население<br>Географија на население и населби<br>Демографски структури<br>Демографско стареење | |

| | | |
|---|---|---|
| | Миграции на населението<br>Население на Република Македонија<br>Населението и туристичкиот пазар<br>Популациона политика<br>Присилни миграции<br>Сообраќајна географија<br>Теренски истражувања<br>Управување со човечки ресурси<br>Урбани системи<br>Уредување на туристичкиот простор<br>15 x 0,5 = 7,5 | |
| **5.** | **Консултации со студенти** | **0,7** |
| | 2023/2024 летен семестар - 15<br>2023/2024 зимски семестар - 34<br>2022/2023 летен семестар - 24<br>2022/2023 зимски семестар - 19<br>2021/2022 летен семестар - 22<br>2021/2022 зимски семестар - 15<br>2020/2021 летен семестар - 35<br>2020/2021 зимски семестар - 28<br>2019/2020 летен семестар - 42<br>2019/2020 зимски семестар - 137<br>371 x 0,002= 0,7 | |
| **6.** | **Ментор на дипломска работа** | **1** |
| | 1. Миграција на Македонците во европските земји (19.10.2023)<br>2. Меѓупописни промени кај населението во Источниот регион (7.4.2023)<br>3. Демографски развој на село Урвич (20.10.2022)<br>4. Меѓупописни демографски промени во дел од Југоисточниот регион (7.7.2022)<br>5. Состојба и трендови на морталитетот во Република Северна Македонија (8.7.2021)<br>5 x 0,2 = 1 | |
| **7.** | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** | **0,3** |
| | 1. Преселувањата и раѓањата на Македонските граѓани во странство (7.7.2022)<br>2. Одржлив туризам во Националниот парк „Копаоник“ (27.6.2022)<br>3. Пандемијата со Ковид-19 и влијанието врз социо-економскиот развој на населението во Република Северна Македонија (15.6.2022)<br>3 x 0,1 = 0,3 | |
| **8.** | **Позитивно рецензирана збирка задачи или практикум – коавтор** | **3** |
| | Практикум по географија на население<br>(Билтен бр. 1306, од 1.5.2024)<br>1 x 3 = 3 | |
| **9.** | **Пакет материјали за одреден предмет** | **6** |
| | Демографски структури<br>Демографско стареење<br>Популациона политика<br>Работна сила и вработеност<br>Ревитализација на руралните населби<br>Семејства и домаќинства<br>6 x 1 = 6 | |
| | **Вкупно** | **102,4** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **Национален координатор на меѓународен научен проект** | **6** |
| | 1. WageIndicator Cost of Living Data Collection in the Western Balkans, Center for Development Evaluation and Social Science Research (CREDI), Bosnia and Herzegovina, 2022-2024<br>1 x 6 = 6 | |
| **2.** | **Учесник во национален научен проект** | **6** |
| | 1. Просторен план на Република Северна Македонија 2021 – 2040, Дел 1: ДЕМОГРАФИЈА за Просторниот план на Република Северна Македонија (2021 – 2040), 2023 | |

| | | |
|---|---|---|
| | 2. Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија за периодот 2020 – 2029 година, Секторска анализа на демографскиот развој, 2020<br>2 x 3 = 6 | |
| **3.** | **Дел од монографија објавена во странство** | **8,4** |
| | 1. Apostolovska Toshevska, B., Madjevikj, M., **Ljakoska, M.**, Gacovska-Barandovska, A. (2024). Attitudes Towards Reproduction and Creating a Family Among Albanian Women—The Case of Arachinovo Municipality, North Macedonia. In: Zafeiris, K.N., Kotzamanis, B., Skiadas, C. (eds) Population Studies in the Western Balkans. European Studies of Population, vol 26. Springer, Cham. https://doi.org/10.1007/978-3-031-53088-3_16<br>0,6 x 6 = 3,6 | |
| | 2. Apostolovska Toshevska, B., Madjevikj, M., **Ljakoska, M.** (2020). Spas as a Potential for the Sustainable Functional Development—A Case Study of the East Region in the Republic of North Macedonia. In: Nedkov, S., *et al.* Smart Geography. Key Challenges in Geography. Springer, Cham. https://doi.org/10.1007/978-3-030-28191-5_20<br>0,8 x 6 = 4,8 | |
| **4.** | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал "Математика" или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование** | 7 |
| | 1. Apostolovska Toshevska, B., **Ljakoska, M.,** Madjevikj, M., Ninevska, H. (2023). Age-sex structure of the population of North Macedonia in the beginning of the 21st century, Demografija, vol XX. Belgrade, Serbia, pp. 43-68. doi: 10.5937/demografija2320043A<br>0,6 x 5 = 3 | |
| | 2. Jojić Glavonjić, T., Kokotović Kanazir, V., **Ljakoska, M.** (2021). Local population analysis in the function of the protected area sustainable development. Journal of the Geographical Institute "Jovan Cvijić" SASA 71. (3): 265–281. https://doi.org/10.2298/IJGI2103265J<br>0,8 x 5 = 4 | |
| **5.** | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови** | **14,5** |
| | 1. **Ljakoska, M.** (2022). Some socio-demographic characteristics of mothers in North Macedonia. Geographical Reviews 53/2020, Skopje, pp.17-35. DOI: 10.37658/GR2053017lj<br>1 x 5 = 5 | |
| | 2. **Ljakoska, M.** (2020). Changes in the age of divorced couples – the case of North Macedonia, Geographical reviews 52/2019, Skopje, pp. 131-142. DOI https://doi.org/10.37658/GR19520127lj<br>1 x 5 = 5 | |
| | 3. Madjevikj, M., **Ljakoska, M.** (2019): Population data sources on the web and their importance, Geographical reviews 51/2018, Skopje, pp. 33-47<br>0,9 x 5 = 4,5 | |
| **6.** | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји** | **29,5** |
| | 1. Apostolovska Toshevska, B., **Ljakoska, M.,** Madjevikj, M., Ninevska, H. (2023). The process of population aging as a determinant of the economic development in the Republic of North Macedonia. Proceedings of the 9th International Scientific Conference GEOBALCANICA 2023, pp. 89-111. DOI: https://doi.org/10.18509/GBP23089at<br>0,6 x 5 = 3 | |
| | 2. **Ljakoska, M.** (2021). Attitudes towards marriage and the desired number of children in North Macedonia. Proceedings of the 7th International Scientific | |

| | | |
|---|---|---|
| | Conference GEOBALCANICA 2021, pp. 203-217. DOI: https://doi.org/10.18509/GBP210203lj<br>1 x 5 = 5 | |
| | 3. **Ljakoska, M.** (2021): The impact of marriage on the fertility level – the case of North Macedonia. Proceedings of the 7th International Scientific Conference GEOBALCANICA 2021, pp. 413-424. DOI: https://doi.org/10.18509/GBP210413lj<br>1 x 5 = 5 | |
| | 4. **Ljakoska, M.,** Madjevikj, M., Apostolovska Toshevska, B. (2020). Changes in the reproductive behavior of women in North Macedonia. Proceedings of the 6th international scientific conference GEOBALCANICA 2020, 12-14.05.2020, Ohrid, North Macedonia, (virtual), pp. 279-288. DOI: http://dx.doi.org/10.18509/GBP.2020.32<br>0,8 x 5 = 4 | |
| | 5. Madjevikj, M., Apostolovska Toshevska, B., **Ljakoska, M.** (2020). Migration as a factor in the transformation of rural municipalities – the case of North Macedonia. Proceedings of the 6th international scientific conference GEOBALCANICA 2020, 12-14.05.2020, Ohrid, North Macedonia, (virtual), pp. 535-547. DOI: http://dx.doi.org/10.18509/GBP.2020.59<br>0,8 x 5 = 4 | |
| | 6. **Ljakoska, M.,** Madjevikj, M., Apostolovska Toshevska, B. (2019): Municipalities in North Macedonia by the scope of women in childbearing age. Proceedings of the symposium dedicated to the 70th anniversary of the Macedonian Geographical Society – New trends in geography, 3-4.10.2019, Ohrid, Republic of North Macedonia, pp. 191-201. https://doi.org/10.37658/procgeo19191lj<br>0,8 x 5 = 4 | |
| | 7. **Ljakoska, M.,** Madjevikj, M. (2019): Age differences of marrying couples – the case of North Macedonia. Proceedings of the symposium dedicated to the 70th anniversary of the Macedonian Geographical Society – New trends in geography, 3-4.10.2019, Ohrid, Republic of North Macedonia, pp. 247-257. https://doi.org/10.37658/procgeo19247lj<br>0,9 x 5 = 4,5 | |
| **7.** | **Рецензија на научен/стручен труд** | **3,2** |
| | Academia letters, 2021 (1 рецензија)<br>Central European Journal of Geography and Sustainable Development (CEJGSD), 2022 (1 рецензија)<br>Economy, Business and Development: An International Journal (EB&D) (УКИМ), 2022 (1 рецензија)<br>Journal of the geographical institute „Jovan Cvijić“ SASA, 2020, 2022 (2 рецензии)<br>SN Social Sciences, Springer, 2020-2023 (11 рецензии)<br>16 x 0,2 = 3,2 | |
| **8.** | **Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество** | **10** |
| | 1. Madjevikj, M., **Ljakoska, M.,** Apostolovska Toshevska, B., Ninevska, H. (2024). Modern changes of households in the Republic of North Macedonia. International scientific conference „Population in post-Yugoslav countries: (Dis)similarities and Perspectives“, 19 – 20.4.2024, Belgrade, Serbia<br>2. Apostolovska Toshevska B., **Ljakoska M.,** Madjevikj M., Ninevska H. (2023). The process of population aging as a determinant of the economic development in the Republic of North Macedonia. 9th International Scientific Conference GEOBALCANICA 2023, 8 – 9.5.2023, Skopje, North Macedonia<br>3. Langović, M., Šantić, D., Apostolovska Toshevska, B., Madjevikj, M., **Ljakoska, M.** (2022). Identifikovanje migracionih namera studenata geografije u Srbiji i Severnoj Makedoniji, International Scientific Conference „Migration on the Edge of Europe: Trends, Policies, and Challenges“, 29 – 30.9.2022, Zagreb, Croatia<br>4. **Ljakoska, M.** (2021). Attitudes towards marriage and the desired number of children in North Macedonia. 7th International Scientific Conference GEOBALCANICA 2021, 15 – 16.6.2021, Ohrid, North Macedonia, (hybrid)<br>5. **Ljakoska, M.,** Madjevikj, M., Apostolovska Toshevska, B. (2020). Changes in the reproductive behavior of women in North Macedonia. 6th international scientific conference GEOBALCANICA 2020, 12 – 14.5.2020, Ohrid, North Macedonia, (virtual)<br>5 x 2 = 10 | |
| **9.** | **Учество на научен/стручен собир со реферат** | **2** |

| | | |
|---|---|---|
| **9.1.** | **Учество на научен/стручен собир со реферат – усна презентација** | |
| | 1. Apostolovska Toshevska, B., Madzevikj, M., **Ljakoska, M. (2021).** The unemployment in North Macedonia during COVID-19, Online scientific conference „COVID-19: sociodemographic processes, challenges, and consequences of the pandemic“, Institut društvenih nauka i Društvo demografa Srbije, 25.3.2021<br>1 x 1 = 1 | |
| **9.2.** | **Учество на научен/стручен собир со реферат – постер** | |
| | 1. **Ljakoska, M.** (2021). The impact of marriage on the fertility level – the case of North Macedonia. 7th International Scientific Conference GEOBALCANICA 2021, 15-16.6.2021, Ohrid, North Macedonia, (hybrid)<br>2. Madjevikj, M., Apostolovska Toshevska, B., **Ljakoska, M.** (2020). Migration as a factor in the transformation of rural municipalities – the case of North Macedonia. 6th international scientific conference GEOBALCANICA 2020, 12-14.05.2020, Ohrid, North Macedonia, (virtual)<br>2 x 0,5 = 1 | |
| **10.** | **Апстракт објавен во зборник на конференција - меѓународна** | **2** |
| | 1. Madjevikj, M., **Ljakoska, M.,** Apostolovska Toshevska, B., Ninevska, H. (2024). Modern changes of households in the Republic of North Macedonia. Population in post-Yugoslav countries: (Dis)similarities and Perspectives International scientific conference, Belgrade, 19 – 20.4.2024<br>2. Apostolovska Toshevska B., Madzevikj M., **Ljakoska M.** (2021). The unemployment in North Macedonia during COVID-19, Online scientific conference „COVID-19: sociodemographic processes, challenges, and consequences of the pandemic“, Institut društvenih nauka i Društvo demografa Srbije, 25.3.2021<br>2 x 1 = 2 | |
| **11.** | **Одржано предавање на семинар за потребите на домашни здруженија/работилници/форуми** | **2,5** |
| | 1. Работилница со тема: „Подготовка за изработка на нацрт Просторен план на Република Северна Македонија 2021 – 2040“ во организација на Агенција за планирање на просторот и Министерство за животна средина и просторно планирање со презентација на студијата за „Демографија“, 19 – 20.2.2024, Скопје<br>2. Партиципативен форум на тема: „Резултатите од пописот од 2021 и неговите влијанија врз помалубројните заедници и општествената кохезија” во организација на ОБСЕ и Агенција за остварување на правата на заедниците со предавање со наслов „Миграции на населението – Причини, последици, влијанија и потреби“, 11.5.2022, Скопје<br>3. Пролетен вебинар во организација на Македонско географско друштво со предавање под наслов: „Историја на пописите“, на, 21.4.2021<br>4. Работилница за разгледување на нацрти на Студија со секторска анализа на демографскиот развој и Студија со секторска анализа на просторното планирање во организација на Министерството за локална самоуправа со презентација на нацрт на „Студијата со секторска анализа на демографскиот развој“, 21.9.2020, Скопје<br>5. Работилница со тема: „Попис и политики за население“, организирана од МППС со предавање под наслов: „Демографски карактеристики“, 12 – 13.12.2019, Скопје<br>5 x 0,5 = 2,5 | |
| | **Вкупно** | **91,1** |

## СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **Експертски активности** | **3** |
| | 1. Учесник на консултативни средби за излагање на мислења и разгледување на нацрт Национална стратегија за демографски политики 2024 – 2044 година во организација на Министерството за труд и социјална политика и Канцеларијата на УНФПА, 12.12.2023 и 12.4.2023, Скопје<br>2. Спроведување на анкетно истражување за ставовите и намерите на студентите во однос на миграцијата на населението како дел од научноистражувачки проект на Географскиот факултет на Универзитетот во Белград и Институтот за географија, ПМФ, УКИМ – Скопје во рамките на Erasmus + / KA1 mobility program (мај – јуни, 2022) | |

| | | |
|---|---|---|
| | 3. Стручен консултант (пополнување на прашалници и давање на мислење) во проект за развивање на Национална стратегија за заштита и спасување (2022-2025), дел наменет за засегнати страни од академската заедница, поддржан од Дирекцијата за заштита и спасување на Република Северна Македонија и Светска банка, (март – ноември, 2021)<br>3 x 1 = 3 | |
| **2.** | **Учество во работата на комисии за државни натпревари** | **4** |
| | Учество во работата на комисии за државни натпревари по географија 2024, 2023, 2022, 2021<br>4 x 1 = 4 | |
| **3.** | **Учество во промотивни активности на факултетот/институтот** | **5,5** |
| | Отворен ден и Кариерен ден на УКИМ, штанд на ПМФ (12.4.2024)<br>1 x 0,5 = 0,5 | |
| | Организирање на уредувачка работилница за студентите на Институтот за географија на тема: „Географи“, како дел од проектот „Википедија“ (20.12.2023)<br>1 x 0,5 = 0,5 | |
| | Вклученост во проектот „Википредавања“ со изготвување на програма за предавања, предавање и помош при уредување на демографски статии на Википедија (2023, 2022)<br>2 x 0,5 = 1 | |
| | Научно-популарна статија за научно/стручни медиуми и портали:<br>1. Бројот на новороденчиња е во сериозен пад, без стратегии за подобрување на условите за живот ќе дојде до затворање на училишта, предупредуваат експертите, https://www.fakulteti.mk/ (21.8.2023)<br>2. Интересни факти за пописите, https://gp.edu.mk/ (13.5.2022)<br>3. Жените во високото образование, https://gp.edu.mk/ (8.3.2022)<br>3 x 0,5 =1,5 | |
| | Презентација на студиските програми на Институтот за географија како дел од Отворен ден на УКИМ, Online (19.8.2022)<br>1 x 0,5 = 0,5 | |
| | Учество во емисијата „Scanteau“ на тема: „Демографски карактеристики на Власите“, МТВ 4 (26.5.2022)<br>1 x 0,5 = 0,5 | |
| | Презентација на студиските програми на Институтот за географија во СУГС „Димитар Влахов“ – Скопје (12.4.2022)<br>1 x 0,5 = 0,5 | |
| | Организација и спроведување на Географический диктант 2019, во соработка со Амбасада на Русија во Северна Македонија и Македонското географско друштво, одржан на 27.10.2019 година на ПМФ, Скопје<br>1 x 0,5 = 0,5 | |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| **1.** | **Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание** | **3** |
| | Central European Journal of Geography and Sustainable Development (CEJGSD)<br>Demografija, Geografski fakult, Univerzit u Beograd<br>SN Social Sciences, Springer<br>3 x 1 = 3 | |
| **2.** | **Член на организационен или програмски одбор на стручен собир** | **0,5** |
| | Манифестација „Ноември – месец на науката“ – ПМФ (ноември, 2019)<br>1 x 0,5 =0,5 | |
| **3.** | **Член на факултетска комисија** | **3,5** |
| | Комисија за избор на раководител на Институтот за географија, член (13.9.2023)<br>1 x 0,5 = 0,5 | |
| | Комисија за претселекција на кандидатите по пат на интервју за студирање на наставната студиска програма на Институтот за географија, член (2023/2024; 2022/2023)<br>2 x 0,5 = 1 | |
| | Комисија за спроведување на изборите за претседател и членови на факултетското студентско собрание на ПМФ – Скопје, претседател (2020/2021)<br>1 x 0,5 = 0,5 | |

| | | |
|---|---|---|
| | Комисија за спроведување на изборите за претседател и членови на факултетското студентско собрание на ПМФ – Скопје, член (2019/2020) 1 x 0,5 = 0,5 | |
| | Поткомисијата за самоевалуација на студиските програми на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, член (2020/2024) 1 x 0,5 = 0,5 | |
| | Комисија за попис на основни средства и ситен и крупен инвентар на Институтот за географија, претседател (2019/2020) 1 x 0,5 = 0,5 | |
| **4.** | **Координатор на студиска програма** | **1** |
| | Прв циклус студии на Институтот за географија, насока Демографија 1 x 1 = 1 | |
| **5.** | **Раководител на постдипломски студии** | **2** |
| | Втор циклус студии на Институтот за географија, насока Демографија 2 x 1 = 2 | |
| **6.** | **Подготовна на национални документи** | **8** |
| | 1. Учество во подготовка на Национална стратегија за демографски политики (2024 – 2044)<br>2. Учество во подготовка на нацрт Просторен план на Република Северна Македонија (2021 – 2040)<br>3. Учество во подготовка на нацрт Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија за периодот 2020 – 2029 година<br>4. Учество во подготовка на нацрт Национална стратегија за заштита и спасување (2022 – 2025)<br>4 x 2 = 8 | |
| | **Вкупно** | **30,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 102,4 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 91,1 |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 30,5 |
| **Вкупно** | **224** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Мирјанка Маџевиќ, редовен професор,**
**Институт за географија,**
**Природно-математички факултет – Скопје, с.р.**

**Д-р Билјана Апостоловска Тошевска,**
**редовен професор,**
**Институт за географија,**
**Природно-математички факултет – Скопје, с.р.**

**Д-р Ристо Мијалов, редовен професор,**
**Институт за географија,**
**Природно-математички факултет – Скопје, с.р.**

***Прилоī бр. 5***

# П Р Е Г Л Е Д

**на одобрени теми за изработка на докторски дисертации на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 30.05.2024 година.**

**1. ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА**

| ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Јехона Хајрулаху, магистер на науки по етнологија и фолклор | „ ЕТНОГРАФИЈА НА ОБИЧАЈНАТА ПРАКСА ПРИ РАЃАЊЕ ВО ТРАДИЦИОНАЛНАТА КУЛТУРА НА АЛБАНЦИТЕ ВО КОСОВО “ | „ETHNOGRAPHY OF CUSTOMARY PRACTICES DURING BIRTH IN THE TRADITIONAL CULTURE OF ALBANIANS IN KOSOVO“ | д-р Мирјана Мирчевска, редовен професор на ПМФ – Скопје | **02-987/6 од 05.06.2024** |
| 2. | Благој Ачевски, магистер по фармација | „КВАНТНОМЕХАНИЧКИ И МОЛЕКУЛАРНО-ДИНАМИЧКИ МОДЕЛИ ЗА ЕГЗАКТНА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ПОДАТОЦИ ОД МУЛТИФОТОНСКА ФОТОДИСОЦИЈАЦИОНА СПЕКТРОСКОПИЈА “ | „STATIC AND DYNAMIC QUANTUM MECHANICAL METHODS FOR EXACT INTERPRETATION OF INFRARED MULTIPLE PHOTON DISSOCIATION SPECTRA“ | д-р Љупчо Пејов, редовен професор на ПМФ – Скопје | **02-923/6 од 05.06.2024** |
| 3. | Леон Стојанов, магистер на хемиски науки | „НОВИ ПУЛСНИ ВОЛТАМЕТРИСКИ ТЕХНИКИ: ТЕОРИЈА И ПРИМЕНА“ | „NEW PULSE VOLTAMETRIC TECHNIQUES: THEORY AND APPLICATION“ | д-р Валентин Мирчески, редовен професор на ПМФ – Скопје | **02-638/6 од 05.06.2024** |
| | | | | | |

# П Р Е Г Л Е Д

**на одобрена тема за изработка на магистерски трудови на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 30.05.2024 година.**

## 2. Магистерски труд

| | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Стефан Салтировски, дипломиран инженер по хемија | „АСОЦИЈАЦИЈА НА ПОЛИМОРФИЗМОТ RS175080 ВО ГЕНОТ MLH3 СО МАШКАТА ИНФЕРТИЛНОСТ“ | „ASSOCIATION OF THE RS175080 POLYMORPHISM IN THE MLH3 GENE WITH MALE INFERTILITY“ | д-р Сашо Панов, редовен професор на ПМФ – Скопје | **02-998/5 од 05.06. 2024** |
| 2. | Марија Дојчинова Трпески, дипломиран инженер по биологија | „ХИДРОФИЛНА И ХИДРОФОБНА СОЛВАТАЦИЈА НА БИОЛОШКИ ЗНАЧАЈНИ МОЛЕКУЛИ. ПРИСТАП БАЗИРАН НА ТЕОРИЈАТА ЗА КОМПЛЕКСНИ МРЕЖИ“ “ | „HYDROPHILIC AND HYDROPHOBIC SOLVATION OF BIOLOGICALLY IMPORTANT MOLECULES. APPROACH BASED ON COMPLEX NETWORKS THEORY“ | д-р Љупчо Пејов, редовен професор на ПМФ – Скопје | **02-1161/3 од 05.06. 2024** |
| 3. | Анамарија Шрам, дипломиран инженер по хемија | „РАЗВОЈ НА МЕТОДИ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА АНТИТЕЛА ВО СЕРУМ КАЈ ЗАБОЛЕНИ ОД ИНФЕКТИВНА МОНОНУКЛЕОЗА“ | „DEVELOPMENT OF METHODS FOR THE DETERMINATION OF SERUM ANTIBODIES IN PATIENTS WITH INFECTIOUS MONONUCLEOSIS“ | д-р Наташа Ристовска, редовен професор на ПМФ – Скопје | **02-1173/3 од 05.06. 2024** |
| | | | | | |

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ОКЛУЗИСКА АНАЛИЗА НА ВРЕДНОСТИ И ДИСТРИБУЦИЈА НА ОКЛУЗИСКИ СИЛИ КАЈ ИСПИТАНИЦИ СО ПАРЦИЈАЛНА БЕЗЗАБНОСТ ОД I КЛАСА, СПОРЕД KENNEDY“ ОД Д-Р ПЕТАР ДИМИТРИЈА ЈАНКУЛОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 3.7.2024 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот **д-р Петар Димитрија Јанкуловски** со наслов: **„ОКЛУЗИСКА АНАЛИЗА НА ВРЕДНОСТИ И ДИСТРИБУЦИЈА НА ОКЛУЗИСКИ СИЛИ КАЈ ИСПИТАНИЦИ СО ПАРЦИЈАЛНА БЕЗЗАБНОСТ ОД I КЛАСА, СПОРЕД KENNEDY“**, во состав: проф. д-р Биљана Капушевска (претседател), проф. д-р Јадранка Бундевска (ментор), проф. д-р Сашо Еленчевски (член), проф. д-р Јулијана Николовска (член) и проф. д-р Емилија Бајрактарова-Ваљакова (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатот д-р Петар Јанкуловски, со наслов: „ОКЛУЗИСКА АНАЛИЗА НА ВРЕДНОСТИ И ДИСТРИБУЦИЈА НА ОКЛУЗИСКИ СИЛИ КАЈ ИСПИТАНИЦИ СО ПАРЦИЈАЛНА БЕЗЗАБНОСТ ОД I КЛАСА, СПОРЕД KENNEDY“ содржи 85 страници компјутерски обработен текст во фонт Thimes New Roman, со единечен проред и големина на букви 12, со 80 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 8 (осум) глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

**Првата глава** од докторската дисертација е насловена **Вовед**. Во оваа глава прикажани се промените на мастикаторниот систем кои се случуваат по губењето на забите, појавувањето на морфолошки дефект (беззабно поле) во забната низа, што има влијание врз функцијата. Образложении се и разните облици на парцијална беззабност, како и топографската класификација, со посебен осврт на I класа, според Kennedy, која претставува двостраноскратена забна низа. Во докторската дисертација, предмет на оклузиска анализа е нарушувањето на оклузијата и на артикулацијата на преостанатите заби во вилиците при парцијална беззабност, како и рехабилитацијата на мастикаторниот систем со протетичко помагало, користејќи притоа егзактен метод.

За да се постави дијагноза за оклузални неправилности, од есенцијално значење е да се има објективно познавање на оклузијата и на артикулацијата на забите кои се изнесени во оваа глава, но и да се има и метод кој на стоматологот ќе му овозможи да анализира.

Ова истражување има за цел преку оклузиска анализа да ја процени вредноста на оклузиските сили и нивната дистрибуција кај испитаници со интактно забало и I класа според Angle и без патолошки промени на другите делови од мастикаторниот систем; испитаници со парцијална беззабност и испитаници носители на парцијална плочеста протеза, како и да се еваулираат разликите меѓу нив.

Од оваа докторска дисертација се очекува научен придонес во расветлувањето на вредноста на оклузиските сили и нивното распределување кај здрав мастикаторен систем, да се покаже нарушувањето на оклузиската рамнотежа на мастикаторниот систем кај индивидуи со парцијална беззабност, проследено со неправилна распределба на оклузиските сили и со преоптоварување на група заби, како и ефектот и значењето

на протетичките помагала. Со ова испитување, со примена на компјутеризирана оклузална анализа, ќе се дополни и ќе се потпомогнат стоматолошката теорија и практика.

**Втората глава – Преглед на научните достигнувања поврзани со предметот на истражување**, ги анализира литературните податоци. Особено се потенцира значењето на примената на T-Scan III во научноистражувачката дејност. Прегледот на литературата зборува за развојот на методологијата за оклузиска анализа кој минува низ различни фази во различни временски периоди. Всушност, целокупниот систем претрпел огромни ревизии на: хардверот, сензорот и софтверот за да се дојде до најновата верзија (верзија 7.0), која претставува огромно подобрување. Секој снимен видеозапис на силата е претставен во графичка форма, која ги илустрира промените на силите што се случуваат во текот на целиот временски континуитет на филмот (видеозаписот). T-Scan-от во последниве децении наоѓа примена во стоматологијата во различни дисциплини, и тоа во: анализа на природното забало, предвремени контакти; оклузална рамнотежа фиксна и мобилна стоматолошка протетика, имплантологија, ортодонција, апарати за TMD; болести на парадонтот, лоцирање на болни заби. Тоа го покажува и проследениот преглед на литературата. Всушност, без T-Scan III на може прецизно да се изведат оклузални прилагодувања кај голем број стоматолошки интервенции. Особено наоѓа примена во стоматолошката протетика кај пациенти со протетички помагала (фиксни и мобилни), при парцијална беззабност од I класа, според Kennedy. Многу автори ги компарираат методите со користење на артикулациска хартија и оклузиската анализа на T-Scan III за предвремени оклузиски контакти.

**ВО третата глава се дава образложение на работните хипотези и тези, притоа Хипотезата 0 е отфрлена, додека Хипотезите 1, 2, 3 и 4 се потврдени.**

Во **четвртата глава: Применети научни методи и начин на работа – Материјал**, испитувањата се спроведени во просториите на Универзитетскиот стоматолошки клинички центар „Свети Пантелејмон“ во Скопје. Опфатени се вкупно 60 испитаници: 30 испитаници од студентите од Стоматолошкиот факултет во Скопје и 30 испитаници од Клиниката за мобилна стоматолошка протетика при Универзитетскиот стоматолошки клинички центар „Свети Пантелејмон“ во Скопје, класифицирани во две групи. Од нив, првата група ја претставуваат 30 испитаници со природна дентиција со интактни забни низи (со или без третите молари) со неутроклузија (малоклузија, I класа, според Angle), без патолошки промени на другите компоненти на мастикаторниот систем (контролна група – $Г_1$). Испитуваната група ја претставуваат 30 испитаници со парцијална беззабност од I класа, според Kennedy со билатералноскратени забни низи, I класа, според Kennedy, пред протетичката рехабилитација (прва подгрупа на испитуваната група – $Г_2$, и 30 испитаници со парцијална беззабност со билатералноскратени забни низи, I класа, според Kennedy, по протетичката рехабилитација со парцијална плочеста протеза (втора подгрупа на испитувана група – $Г_3$.

**Метод** – Методот на работа се состои од два дела: метод на клиничко испитување и метод на дигитална оклузиска анализа на вредноста на оклузалните сили и нивната дистрибуција.

**Метод на клиничко испитување** – Испитаниците се прегледани клинички и се анализирани протетички. Со клиничкиот преглед е направена селекција и се избрани групите на испитувањето. Испитаниците со парцијална беззабност се класифицирани според топографската класификација на Kennedy, а се испитуваат само индивидуите со I класа, но без поткласи, односно без дополнителни прекинувања на преостанатиот дел од природната забна низа. Од испитаниците се земени анатомски отпечатоци од двете вилици и се изработени студио-модели, потоа е направена соодветна протетичка анализа и планирање на протетичката терапија.

**II. Метод на дигитална оклузална анализа на вредноста на оклузалните сили и нивната дистрибуција** – Во нашето испитување за дигитална оклузална анализа користевме егзактен метод, со користење на компјутеризиран апарат за мерење и за

анализа на оклузалните сили, т.н. T-SCAN III EVOLUTION SYSTEM (Computerized Occlusal Analysis System 7.0), (Tekscan Inc., South Boston, MA, USA). Системот на T-Scan III Evolution овозможува да се измерат оклузалните сили на многу прецизен начин при максимална интеркуспидација и за време на артикулациските движења на вилиците, односно, овој апарат овозможува истовремено квалитативна и квантитативна компјутеризирана анализа на оклузалните сили, прикажани како динамичен преглед во облик на видеоформат. Опишани се: деловите на апаратот, принципот на работа, техниката на снимање и детално читање и вреднување на податоците. Испитувани се следните параметри: ММФ вкупна максимална оклузиска сила (%) и времето на нејзиното појавување (секунди), ММФ за лева и десна страна на вилицата, ЦОФ (центар на оклузална сила) во однос на неговата локализација, ОТ-време на оклузија (ОТ-А и ОТ- Б), ДТ-време на дисоклузија (ДТ-Ц и ДТ-Д), ММФ максималната оклузиска сила дистрибуирана низ квадранти, фреквенција на забни елементи според учество во првиот забен контакт и дистрибуција на применета сила за поединечен заб.

Во **петтата глава – Добиени резултати и нивно значење**, добиените податоци од извршената оклузиска анализа се систематизирани во 29 табели и во 32 графикони. Од истражувањето се добиени следните резултати. Тие се изнесени според редоследот на испитуваните параметри. MMF, која е потребна за да се доведат забите од долната вилица со забите од горната вилица во положба на максимална интеркуспидација, кај испитаниците со интактно забало изнесува 99 % и време од 1,5 секунда, кај испитаниците со парцијална беззбност меѓу 95 % и 96 % – 2,5 секунди, додека кај испитаниците со парцијална плочеста протеза меѓу 97 % и 98 % – 2,4 секунди. Вредноста на MMF на десната и на левата страна е приближно околу 50 %, со минимална незначителна разлика од 0,186 % кај испитаници со интактно забало, 1,126 % – кај испитаници со парцијална беззабност и 1,880 % – кај испитаниците со парцијална плочеста протеза. COF кај испитаниците со интактно забало, околу 63 %, е сместен во белата елипса, околу 33 % – во сивата елипса и само околу 3 % е дислоциран надвор нив. Кај сите испитаниците со парцијалната беззабност, COF е дислоциран надвор од белата и сивата елипса. Кај испитаниците носители на парцијалната плочета протеза COF е преместен, и тоа 60 % – во сивата елипса, 10 % – во белата елипса, а 30 % останува дислоциран. Времето на оклузија (OT) кај испитаниците со интактно забало изнесува 0,329 секунди и е за околу три пати пократко при споредба со OT на испитаниците со парцијалната беззабност, како и на испитаниците со парцијална плочеста протеза. MMF (OT-A) за почеток на затворање на вилиците кај испитаниците со интактно забало е помала од 1 % и време од 0,345 секунди, а за затворање на вилиците MMF (OT-B) е околу 64 % – 0,674 секунди. Кај испитаниците со парцијална беззабност MMF (OT-A) за почеток на затворање на вилиците изнесува околу 3 %, а MMF (OT-B) за затворање на вилиците околу 71 %. Кај испитаниците носители на парцијална плочеста протеза MMF (OT-A) за почеток на затворање на вилиците се намалува, но за MMF (OT-B) за целосно затворање на вилицата е околу 61 %. Дистрибуција на оклузална сила по квадранти, при оклузија покажува дека кај испитаниците со интактно забало во двата предни квадранта вкупно се дистрибуира сила од 22 %, додека во двата задни квадранта се дистрибуира 78 % од максималната оклузална сила; кај испитаниците со парцијалната беззабност I класа, според Kennedy, доаѓа до редистрибуција на силата MMF (OT-B), и во предните квадранти се дистрибуира 90 % од максималната оклузална сила, а само 10 % во задните квадранти. Кај испитаниците носители со парцијална плочеста протеза доаѓа до редистрибуцијата на MMF (OT-B), па во предните квадранти изнесува 45 %, додека во задните квадранти – 55 %. Дистрибуцијата на оклузална сила по квадранти при дисоклузија MMF (DT-C) кај испитаниците со интактно забало во предните квдранти се дистрибуира оклузална сила од 20 %, додека на задните квадранти од 80 %; кај испитаниците со парцијална беззабност во двата предни квадранти се дистрибуира оклузална сила од 90 %, а во задните квадранти – само 10 %; кај испитаниците носители на парцијална плочеста протеза оклузалната сила се дистрибуира 45 % во двата предни квадранта, а 55 % – во двата задни квадранта. MMF (DT-C) кај испитаниците со интактно забало има вредност од околу 78 %, а времето за нејзината појава е околу 2 секунди. Кај

испитаниците со парцијална беззабност е околу 87 % со време на појавување околу 3 секунди. Кај носителите на парцијална плочеста протеза е нешто помала од испитаниците со интактно забало, но времето и понатаму останува 3 секунди. Вредноста за MMF (DT-D) кај испитаниците со интактно забало е помала од 2 %. Кај испитаниците со парцијална беззабност таа има голема вредност од околу 40 %, додека кај испитаниците со парцијаланата плочеста протеза 2,207 %. Времето на нејзиното појавување има вредност од околу 2 секунди кај испитаници со интактно забало, кај испитаниците од групите $Г_2$ и $Г_3$ помало од 3,5 секунди. При распределбата на фреквенциите по број на забни елементи според учество при првиот забен контакт, кај испитаниците со интактно забало има вкупно 106 први забни контакти. Во прв забен контакт најмногу учествува групата на моларните заби, потоа централните инцизиви, додека останатите групи заби, сосема малку. Кај испитаниците со парцијална беззабност моларите не оствариле ниту еден прв забен контакт, но затоа групата со претктниците оствариле 1, 2 или 3 први забни контакти. Вкупниот број на први забни контакти изнесува 33. Кај испитаници носители на парцијална плочеста протеза, вештачките моларни заби имаат прв забен контакт најмалку 0, а најмногу 8. Кај овие испитаници има редистрибуција на први забни контакти кај сите групи заби од забната низа, а се остварени вкупно 59 први забни контакти. Кај испитаниците со интактно забало применетата сила за поединечен заб кај групата молари изнесува меѓу 5 % и 10 %. За сите останати забни елементи е помала од 5 %; за испитаниците со парцијална беззабност применетата сила за поединечен заб е помала од 2 %, кај преткатниците меѓу 5 % и 8 %, додека кај каниниte и инцизивите е поголема од 10 %; кај испитаниците носители на парцијална плочеста протеза се појавува применета сила на секој вештачки заб вграден во неа. Вештачките моларни заби имаат применета сила меѓу 8 % и 10 %.

Во **шестата глава** се прикажани **Примена на резултати од истражувањето и можни насоки за натамошно истражување.** Добиените податоци од оклузалната анализа на вредностите и дистрибуцијата на оклузалните сили кај испитаници со парцијална беззабност I класа, според Kennedy, покажуваат дека постои потреба од изработување протетичко помагало за да се овозможи прераспределба на оклузалните сили, а со тоа да се превенираат преостанатите природни заби од оклузално преоптоварување, со што ќе се заштити од деструкција нивниот парадонт. Од истражувањето ги добивме следните зааклучоци:

- MMF, која е потребна за да се доведат забите од долната вилица со забите од горната вилица во положба на максимална интеркуспидација, кај испитаниците со интактно забало изнесува 99 % и време од 1,5 секунда, кај испитаниците со парцијална беззбност меѓу 95 % и 96 % – 2,5 секунди, додека кај испитаниците со парцијална плочеста протеза меѓу 97 % и 98 % – 2,4 секунди.

  Споредбата меѓу испитаниците со интактно забало и испитаниците со парцијална беззабност, како и при нивна споредба со испитаниците носители на парцијална плочеста протеза, покажува статистичка значајност ($p > 0,05$), и за MMF и за времето. Вредноста на MMF на десната и на левата страна е приближно околу 50 %, со минимална незначителна разлика од 0,186 % кај испитаници со интактно забало, 1,126 % – кај испитаници со парцијална беззабност и 1,880 % – кај испитаниците со парцијална плочеста протеза.
- COF кај испитаниците со интактно забало, околу 63 %, е сместен во белата елипса, околу 33 % – во сивата елипса и само околу 3 % е дислоциран надвор нив. Кај сите испитаниците со парцијалната беззабност, COF е дислоциран надвор од белата и сивата елипса. Кај испитаниците носители на парцијалната плочета протеза COF е преместен, и тоа 60 % – во сивата елипса, 10 % – во белата елипса, а 30 % останува дислоциран.
- Времето на оклузија (OT) кај испитаниците со интактно забало изнесува 0,329 секунди и е за околу три пати пократко при споредба со OT на испитаниците со парцијалната беззабност, како и на испитаниците со парцијална плочеста протеза. Кога се споредуваат групите $Г_1$ со $Г_2$ и $Г_1$ со $Г_3$ има статистичка значајност ($p>0,05$).

- MMF (OT-A) за почеток на затворање на вилиците кај испитаниците со интактно забало е помала од 1 % и време од 0,345 секунди, а за затворање на вилиците MMF (OT-B) е околу 64 % – 0,674 секунди. Кај испитаниците со парцијална беззабност MMF (OT-A) за почеток на затворање на вилиците изнесува околу 3 %, а MMF (OT-B) за затворање на вилиците околу 71 %. Кај испитаниците носители на парцијална плочеста протеза MMF (OT-A) за почеток на затворање на вилиците се намалува, но за MMF (OT-B) за целосно затворање на вилицата е околу 61 %. Кога се споредуваат групите $Г_1$ со $Г_3$, постои статистичка значајност само кај MMF (OT-A) за почеток на затворање на вилиците. За време на почеток на затворање на вилиците (OT-A) и за време на целосно затворање на вилиците (OT-B), статистичка значајност постои само кога се споредуваат групите со парцијална беззабност и со парцијална плочеста протеза $Г_2$ со $Г_3$.
- Дистрибуција на оклузална сила по квадранти, при оклузија покажува дека кај испитаниците со интактно забало во двата предни квадранта вкупно се дистрибуира сила од 22 %, додека во двата задни квадранта се дистрибуира 78 % од максималната оклузална сила; кај испитаниците со парцијалната беззабност I класа, според Kennedy, доаѓа до редистрибуција на силата MMF (OT-B), и во предните квадранти се дистрибуира 90 % од максималната оклузална сила, а само 10 % во задните квадранти. Кај испитаниците носители со парцијална плочеста протеза доаѓа до редистрибуцијата на MMF (OT-B), па во предните квадранти изнесува 45 %, додека во задните квадранти – 55 %. Споредбата меѓу групите $Г_1$ и $Г_2$ покажуваат статистичка значајност во десниот преден квадрант (RA), левиот заден квадрант (LP) и десниот заден квадрант (RP). Во десниот заден квадрант (RP) има статистичка значајност при споредба на групите $Г_2$ и $Г_3$, а во десниот преден квадрант (RA) при споредба на групите $Г_1$ и $Г_3$.
- Дистрибуцијата на оклузална сила по квадранти при дисоклузија MMF (DT-C) кај испитаниците со интактно забало во предните квдранти се дистрибуира оклузална сила од 20 %, додека на задните квадранти од 80 %; кај испитаниците со парцијална беззабност во двата предни квадранта се дистрибуира оклузална сила од 90 %, а во задните квадранти – само 10 %; кај испитаниците носители на парцијална плочеста протеза оклузалната сила се дистрибуира 45 % во двата предни квадранти, а 55 % – во двата задни квадранта. Статистичка значајност постои единствено во левиот преден квадрант (LA), при споредба на групите $Г_1$и $Г_2$, за MMF (DT-C).
- MMF (DT-C) кај испитаниците со интактно забало има вредност од околу 78 %, а времето за нејзината појава е околу 2 секунди. Кај испитаниците со парцијална беззабност е околу 87 % со време на појавување околу 3 секунди. Кај носителите на парцијална плочеста протеза е нешто помала од испитаниците со интактно забало, но времето и понатаму останува 3 секунди. Статистичка значајност за MMF (DT-C) постои за времето на нејзиното појавување при споредба на испитуваните групи $Г_1$ и $Г_2$ и $Г_1$ и $Г_3$.
- Вредноста за MMF (DT-D) кај испитаниците со интактно забало е помала од 2 %. Кај испитаниците со парцијална беззабност таа има голема вредност од околу 40 %, додека кај испитаниците со парцијалананата плочеста протеза 2,207 %. Времето на нејзиното појавување има вредност од околу 2 секунди кај испитаници со интактно забало, кај испитаниците од групите $Г_2$ и $Г_3$ помало од 3,5 секунди. При споредување на групите $Г_1$ и $Г_3$ за максималната оклузална сила, постои статистичка значајност. При споредба на групите $Г_1$ и $Г_2$ и $Г_1$ и $Г_3$ за времето на појавување на оклузалната сила во точка D има статистичка значајност. Времетраењето на дисоклузијата (DT) има вредност помала од 0,4 секунди во сите три испитувани групи. Статистичка значајност за времетраењето DT постои при меѓусебното споредување во сите три групи.
- При распределбата на фреквенциите по број на забни елементи според учество при првиот забен контакт, кај испитаниците со интактно забало има вкупно 106 први забни контакти. Во прв забен контакт најмногу учествува групата на

моларните заби, потоа централните инцизиви, додека останатите групи заби, сосема малку. Кај испитаниците со парцијална беззабност моларите не оствариле ниту еден прв забен контакт, но затоа групата со претктниците оствариле 1, 2 или 3 први забни контакти. Вкупниот број на први забни контакти изнесува 33. Кај испитаници носители на парцијална плочеста протеза, вештачките моларни заби имаат прв забен контакт најмалку 0, а најмногу 8. Кај овие испитаници има редистрибуција на први забни контакти кај сите групи заби од забната низа, а се остварени вкупно 59 први забни контакти.

- Кај испитаниците со интактно забало применетата сила за поединечен заб кај групата молари изнесува меѓу 5 % и 10 %. За сите останати забни елементи е помала од 5 %; за испитаниците со парцијална беззабност применетата сила за поединечен заб е помала од 2 %, кај преткатниците меѓу 5 % и 8 %, додека кај канините и инцизивите е поголема од 10 %; кај испитаниците носители на парцијална плочеста протеза се појавува применета сила на секој вештачки заб вграден во неа. Вештачките моларни заби имаат применета сила меѓу 8 % и 10 %.

Во **осмата глава** даден е **Список на користената литература и други извори**, која авторот ја користел во добивање на идејата, како и во оформувањето на овој труд. Користена е современа и релевантна научна литература. Посочени се 80 референци, повеќето со понов датум на објавување од страна на авторитетни научни имиња и во меѓународни реномирани научни списанија.

**<u>Предмет на истражување</u>**

Замената на изгубените заби со мобилно протетичко помагало – парцијална плочеста протеза, се изведува рутински во секојдневната стоматолошка практика за да се постигне рехабилитација на мастикаторниот систем, да се надоместат изгубените ткива, да се коригира пореметената функција и естетика. Оклузијата и артикулацијата се многу важни во протетичката практика и се посебен предизвик за протетичарите. Врз основа на дигиталната технологија во овој труд ќе користиме T-Scan III со чија помош ќе добиеме прецизни податоци за вредностите на оклузиските сили и нивната дистрибуција, што е од исклучително значење во секојдневната стоматолошка практика. Имајќи ги предвид нарушените оклузиски и артикулациски пореметувања и потребата повторно да се воспостават, како и превенирањето на мастикаторниот систем се фактори на поттикнување за изработка на овој труд.

**<u>Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата</u>**

Иако досегашните научни истражувања за анализа на дистрибуцијата на оклузалните сили со помош на T-Scan III во светот и кај нас се многубројни, во фокусот на најновите истражувања е проценката на оклузалните сили со примена на дигиталната стоматологија. Авторот со ова истражување ги прати модерните текови во научноистражувачката дејност, што ја прави оваа дисертација интересна за овие испитувања кај нас. Искуствата и резултатите се показатели на тоа со каков висококвалитетен третман ќе им се овозможат на стоматолозите секојдневните примени на важни резултати во донесување на правилна дијагноза при избор за протетичка терапија на пациенти со парцијална беззабност од класа I, според Kennedy.

**<u>Краток опис на применетите методи</u>**

Испитувањата се спроведени во просториите на Универзитетскиот стоматолошки клинички центар „Свети Пантелејмон“ во Скопје. Опфатени се вкупно 60 испитаници, и тоа: 30 испитаници со природна дентиција со интактни забни низи – неутроклузија (контролна група – $Г_1$), и 30 испитаници со парцијална беззабност од I класа, според Kennedy (прва подгрупа на испитуваната група – $Г_2$ и втора подгрупа на испитуваната група носители на парцијална протеза – $Г_3$).

**Метод** – Методот на работа се состои од два дела: метод на клиничко испитување и метод на дигитална оклузална анализа на вредноста на оклузалните сили и нивната дистрибуција. Во испитувањето за дигитална оклузална анализа користен е егзактен метод, со компјутеризиран апарат за мерење и за анализа на оклузалните сили, т.н. T-

SCAN III EVOLUTION SYSTEM (Computerized Occlusal Analysis System 7.0), (Tekscan Inc., South Boston, MA, USA). Нормалните оклузиски и артикулациски односи меѓу вилиците обезбедуваат подеднаква дистрибуција на џвакалните сили при актот на мастикација. Системот на T-Scan III Evolution овозможува да се измерат оклузалните сили на многу прецизен начин при максимална интеркуспидација и за време на артикулациските движења на вилиците, односно, овој апарат овозможува истовремено квалитативна и квантитативна компјутеризирана анализа на оклузалните сили, прикажани како динамичен преглед во облик на видеоформат.

Во ова испитување авторот ги проследил следните параметри: MMF (maximum movie force) – процент на максимална оклузиска сила употребена при снимањето; максимална оклузиска сила изразена во проценти за левата и за десната страна на вилицата; COF (center of force) – центар на оклузиска сила; OT (occlusion time) – време на оклузија; DT (disocclusion time) – време на дисоклузија; максималната оклузиска сила дистрибуирана низ квадрантите; фреквенција на забни елементи според учество во првиот забен контакт; дистрибуција на применета сила за поединечен заб.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Од истражувањето се добиени следните резултати. Тие се изнесени според редоследот на испитуваните параметри. MMF, која е потребна за да се доведат забите од долната вилица со забите од горната вилица во положба на максимална интеркуспидација, кај испитаниците со интактно забало изнесува 99 % и време од 1,5 секунда, кај испитаниците со парцијална беззабност меѓу 95 % и 96 % – 2,5 секунди, додека кај испитаниците со парцијална плочеста протеза меѓу 97 % и 98 % – 2,4 секунди. Вредноста на MMF на десната и на левата страна е приближно околу 50 %, со минимална незначителна разлика од 0,186 % кај испитаници со интактно забало, 1,126 % – кај испитаници со парцијална беззабност и 1,880 % – кај испитаниците со парцијална плочеста протеза. COF кај испитаниците со интактно забало, околу 63 %, е сместен во белата елипса, околу 33 % – во сивата елипса и само околу 3 % е дислоциран надвор нив. Кај сите испитаниците со парцијалната беззабност, COF е дислоциран надвор од белата и сивата елипса. Кај испитаниците носители на парцијалната плочета протеза COF е преместен, и тоа 60 % – во сивата елипса, 10 % – во белата елипса, а 30 % останува дислоциран. Времето на оклузија (OT) кај испитаниците со интактно забало изнесува 0,329 секунди и е за околу три пати пократко при споредба со OT на испитаниците со парцијалната беззабност, како и на испитаниците со парцијална плочеста протеза. MMF (OT-A) за почеток на затворање на вилиците кај испитаниците со интактно забало е помала од 1 % и време од 0,345 секунди, а за затворање на вилиците MMF (OT-B) е околу 64 % – 0,674 секунди. Кај испитаниците со парцијална беззабност MMF (OT-A) за почеток на затворање на вилиците изнесува околу 3 %, а MMF (OT-B) за затворање на вилиците околу 71 %. Кај испитаниците носители на парцијална плочеста протеза MMF (OT-A) за почеток на затворање на вилиците се намалува, но за MMF (OT-B) за целосно затворање на вилицата е околу 61 %. Дистрибуција на оклузална сила по квадранти, при оклузија покажува дека кај испитаниците со интактно забало во двата предни квадранта вкупно се дистрибуира сила од 22 %, додека во двата задни квадранта се дистрибуира 78 % од максималната оклузална сила; кај испитаниците со парцијалната беззабност I класа, според Kennedy, доаѓа до редистрибуција на силата MMF (OT-B), и во предните квадранти се дистрибуира 90 % од максималната оклузална сила, а само 10 % во задните квадранти. Кај испитаниците носители со парцијална плочеста протеза доаѓа до редистрибуцијата на MMF (OT-B), па во предните квадранти изнесува 45 %, додека во задните квадранти – 55 %. Дистрибуцијата на оклузална сила по квадранти при дисоклузија MMF (DT-C) кај испитаниците со интактно забало во предните квдранти се дистрибуира оклузална сила од 20 %, додека на задните квадранти од 80 %; кај испитаниците со парцијална беззабност во двата предни квадранта се дистрибуира оклузална сила од 90 %, а во задните квадранти – само 10 %; кај испитаниците носители на парцијална плочеста протеза оклузалната сила се дистрибуира 45 % во двата предни квадранта, а 55 % – во двата задни квадранта. MMF

(DT-C) кај испитаниците со интактно забало има вредност од околу 78 %, а времето за нејзината појава е околу 2 секунди. Кај испитаниците со парцијална беззабнот е околу 87 % со време на појавување околу 3 секунди. Кај носителите на парцијална плочеста протеза е нешто помала од испитаниците со интактно забло, но времето и понатаму останува 3 секунди. Вредноста за MMF (DT-D) кај испитаниците со интактно забало е помала од 2 %. Кај испитаниците со парцијална беззабност таа има голема вредност од околу 40 %, додека кај испитаниците со парцијаланата плочеста протеза 2,207 %. Времето на нејзиното појавување има вредност од околу 2 секунди кај испитаници со интактно забало, кај испитаниците од групите $Г_2$ и $Г_3$ помало од 3,5 секунди. При распределбата на фреквенциите по број на забни елементи според учество при првиот забен контакт, кај испитаниците со интактно забало има вкупно 106 први забни контакти. Во прв забен контакт најмногу учествува групата на моларните заби, потоа централните инцизиви, додека останатите групи заби, сосема малку. Кај испитаниците со парцијална беззабност моларите не оствариле ниту еден прв забен контакт, но затоа групата со претктниците оствариле 1, 2 или 3 први забни контакти. Вкупниот број на први забни контакти изнесува 33. Кај испитаници носители на парцијална плочеста протеза, вештачките моларни заби имаат прв забен контакт најмалку 0, а најмногу 8. Кај овие испитаници има редистрибуција на први забни контакти кај сите групи заби од забната низа, а се остварени вкупно 59 први забни контакти. Кај испитаниците со интактно забало применетата сила за поединечен заб кај групата молари изнесува меѓу 5 % и 10 %. За сите останати забни елементи е помала од 5 %; за испитаниците со парцијална беззабност применетата сила за поединечен заб е помала од 2 %, кај преткатниците меѓу 5 % и 8 %, додека кај канините и инцизивите е поголема од 10 %; кај испитаниците носители на парцијална плочеста протеза се појавува применета сила на секој вештачки заб вграден во неа. Вештачките моларни заби имаат применета сила меѓу 8 % и 10 %.

**Оцена на трудот**

Докторската дисертација на кандидатот д-р Петар Јанкуловски, со наслов: „ОКЛУЗИСКА АНАЛИЗА НА ВРЕДНОСТИТЕ НА ОКЛУЗИСКИТЕ СИЛИ И НИВНАТА ДИСТРИБУЦИЈА КАЈ ИСПИТАНИЦИ ОД I КЛАСА, СПОРЕД KENNEDY“, претставува истражување во областа стоматолошка протетика. Очекуваните резултати ќе се применуваат во секојдневната стоматолошка практика, со тоа што T-sken III ќе се препорачува за секојдневна употреба како потребен апарат, при анализа на оклузалните контакти и дистрибуцијата на сила при протетички третман на парцијално беззабните пациенти I класа според Kennedy при изработка на парцијалните плочести протези.

Докторската дисертација на кандидатот Петар Јанкуловски, со наслов: „ОКЛУЗИСКА АНАЛИЗА НА ВРЕДНОСТИТЕ НА ОКЛУЗИСКИТЕ СИЛИ И НИВНАТА ДИСТРИБУЦИЈА КАЈ ИСПИТАНИЦИ ОД I КЛАСА, СПОРЕД KENNEDY“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот**

Кандидатот пред одбраната на докторскиот труд ги објавил (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор), следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. Jankulovski, P., Bundevska, J., Fiser, V., Velevska, M., Sabanov, E., Clinical Significance And Application Of The T Scan III System For Occlusal Evaluation In Prosthodontics: A Review, November 2023, doi: 10.9790/0853-2211020912
2. Jankulovski, P., Bundevska, J., Velevska, M., Fiser, V., Occlusal Analysis Of Parameters In Subjects With Partial Edentulism Kennedy Class I, November 2023, doi: 10.9790/0853-2211021317

**Заклучок и предлог**

**<u>Главни научни придонеси на кандидатот се</u>**: Реализираното истражување, како дел од докторските студии, ќе придонесе во многу области: научни, клинички,

социјални и економски. Развиените земји се во фаза на истражување во подготовката на стоматолозите да бидат способни да го употребуваат T-sken III при анализа на оклузалните контакти кај пациенти со парцијална беззабност I класа според Kennedy, а протетички рехабилитирани со изработување на парцијална плочеста протеза.

**Подрачјето на примена и ограничувањата се**: Очекуваните резултати ќе се применуваат во секојдневната клиничка пракса, во смисла на давање препораки за употреба на T-sken III при анализа на оклузалните контакти кај пациенти со интактно забало, како и пациенти со парцијална беззабност од класа I според Kennedy, а згрижени со парцијална беззабност од класа I според Kennedy изработка на парцијална акрилатна протеза.

Во исто време, лекарот ќе има дополнителни податоци кои ќе придонесат за здравствената едукација на пациентите врз основа на резултатите од прашалникот за задоволство на пациентите.

**Можните понатамошни истражувања се**: Резултатите од овој труд ќе им обезбедат на студентите на Универзитетот податоци за оклузивна дигитална технологија низ целиот дигитален работен век. Иако дигиталната стоматологија е сè уште нов концепт, во овој труд ќе бидат обезбедени важни податоци за конвенционалната протетика. Презентацијата на висококвалитетен третман ќе им овозможи на стоматолозите секојдневни примени на важни резултати за донесување правилна дијагноза. Очекуваните резултати ќе овозможат правилен избор на протетичка терапија на пациенти.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот д-р Петар Јанкуловски, со наслов: „ОКЛУЗИСКА АНАЛИЗА НА ВРЕДНОСТИ И ДИСТРИБУЦИЈА НА ОКЛУЗИСКИ СИЛИ КАЈ ИСПИТАНИЦИ СО ПАРЦИЈАЛНА БЕЗЗАБНОСТ ОД I КЛАСА, СПОРЕД KENNEDY“.

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Билјана Капушевска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Јадранка Бундевска, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Сашо Еленчевски, член, с.р.**
**Проф. д-р Јулијана Николовска, член, с.р.**
**Проф. д-р Емилија Бајрактарова-Ваљакова, член, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ДИЗАЈН НА БЕЗБЕДЕН СИСТЕМ ЗА ГЕНЕРИРАЊЕ И ПРОВЕРКА НА АКАДЕМСКИ ДОКУМЕНТИ БАЗИРАН НА BLOCKCHAIN-ТЕХНОЛОГИЈА“ ОД М-Р АВНИ РУСТЕМИ (СТУДЕНТ НА ТРЕТ ЦИКЛУС – ДОКТОРСКИ СТУДИИ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ), ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на предлогот на Советот на студиската програма Електротехника и информациски технологии на трет циклус – докторски студии, усвоен на седницата одржана на 22.5.2024 г., Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 22.5.2024 г., донесе Одлука со број 02-836/9, за формирање Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Авни Рустеми со наслов: „Дизајн на безбеден систем за генерирање и проверка на академски документи базиран на blockchain-технологија“, во состав: проф. д-р Александар Ристески (претседател), проф. д-р Владимир Атанасовски (ментор), проф. д-р Перо Латкоски (член), вонр. проф. д-р Валентин Раковиќ (член) и проф. д-р Фисник Далипи (надворешен член од Универзитетот „Линеус“ во Калмар, Шведска, Технолошки факултет, Катедра за информатика, кој изјавил дека го познава македонскиот јазик и поради тоа Извештајот се пишува на македонски јазик).
Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

## СТРУКТУРА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Авни Рустеми, со наслов: „Дизајн на безбеден систем за генерирање и проверка на академски документи базиран на blockchain-технологија“, содржи 159 страници компјутерски обработен текст, со фонт Times New Roman, со големина на букви 12 и единечен проред. Во дисертацијата се изложени 42 илустрации, 14 табели. Во рамки на цитираната литература, опфатени се 175 библиографски единици, и тоа: научни публикации, книги, меѓународни стандарди и препораки, поранешни магистерски трудови и докторски дисертации, интернет-ресурси и меѓународни списанија.

Структурно, докторската дисертација е поделена во десет поглавја. По воведното поглавје, во второто поглавје се прикажуваат главните карактеристики на blockchain-технологијата (Blockchain Technology – BCT) и нејзината имплементација, особено во високообразовните установи (ВОУ), додека во третото поглавје направена е анализа на синергијата на имплементацијата на blockchain-технологијата и на вештачката интелигенција и можноста за соработка на овие две технологии во високообразовните установи за генерирање и проверка на дипломите и другите академски документи.

Во четвртото поглавје направена е систематска анализа на сите научни истражувања поврзани со практичните имплементации на blockchain-базирани решенија за генерирање и верификација на дипломи. Истражувањата се преземени од научни бази на податоци како што се: IEEEXplore, ACM, Scopus, Web of Science и Springer. Во оваа систематска анализа, меѓу другото, донесени се јасни заклучоци, каде што се

идентификувани сите предизвици, тешкотии и причини зошто во моментов нема имплементација на blockchain-базирани системи во високообразовните установи за генерирање и верификација на дипломи. Направена е и детална анализа на сите практични решенија, споредувајќи ги предностите и недостатоците, како и можностите како да се надминат проблемите со генерирањето и верификацијата на дипломите преку blockchain-базирани системи.

Во петтото поглавје, дефиниран е концептуален модел на нов blockchain-базиран систем за генерирање и потврдување дипломи, вклучувајќи дијаграми за случаи на употреба и сценарија за случаи на употреба за сите можни актери вклучени во таков blockchain-систем. Дефинирани се и функционалните и нефункционалните барања на новиот blockchain-базиран систем, со што се исполнети сите услови за дефинирање на нова архитектура на предложениот систем.

Шестото поглавје го претставува концептот на системот DIAR, blockchain-базираниот систем за генерирање и верификација на дипломи. Ова поглавје опишува нов дизајн, нов модел за генерирање и верификација на дипломи, јасно дефинирана архитектура, како и систематски дизајн на процесот на генерирање и верификација на дипломи. Дефинирана е и архитектурата на паметните договори, како и можноста за имплементација на системот DIAR во практика.

Во седмото поглавје е даден осврт на практичната имплементација на системот DIAR, каде што се опишани паметните договори за генерирање и верификација на дипломи. Се врши и валидација на системот, а со помош на повеќекратни регресивни предвидливи анализи за проверка на диплома се анализираат годишните трошоци за верификација на дипломи во високообразовна установа. Анализирани се и правни прашања во врска со спроведувањето на систем заснован на blockchain во ВОУ.

Во осмото поглавје анализирани се придонесите од докторската дисертација и реалните можности за имплементација на системот DIAR во високообразовните установи.

Во деветтото поглавје е даден заклучок од целата дисертација, опишувајќи ги и научните достигнувања и научни придобивки од оваа дисертација. Даден е преглед на поставените хипотези, колку од нив се исполнети во изведените работи и што останува да се реализира во иднина. Дефинираниот дизајн на системот DIAR со сите детали за имплементацијата може да се модифицира во иднина за генерирање и верификација на други документи во други јавни и приватни институции.

Во десеттото поглавје се наведени публикациите кои кандидатот ги има објавено на меѓународни конференции и списанија со фактор на влијание, каде што, меѓу другото, вреди да се истакнат двата труда во списанија со фактор на влијание: „A Systematic Literature Review on Blockchain-Based Systems for Academic Certificate Verification“, објавен во списанието IEEE Access и „DIAR: a blockchain-based system for generation and verification of academic diplomas“, објавен во списанието Discover Applied Science, Спрингер.

## ПРЕДМЕТ И ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Предмет на истражување во докторската дисертација, прво е анализа на можноста за имплементација на blockchain-базирани системи во високообразовните установи, овозможувајќи во оваа форма првична дигитализација на многу услуги во овие институции, а особено дигитализација на процесите на издавање дипломи и други академски документи кои досега немаат практична имплементација бидејќи единствената технологија која обезбедува безбедност и заштита на приватноста за такви документи е blockchain-технологијата. Иако blockchain-технологијата означува

револуција во многу сфери на животот, каде што благодарение на своите уникатни карактеристики покажува успешна употребливост, сепак, кога станува збор за управувањето со големи податоци, особено во областа на образованието и високообразовните установи, постои недостаток на истражување и интерес за создавање blockchain-базирани системи кои би ја олесниле работата во овие институции.

Во првата фаза од истражувањето е направена детална анализа на сите истражувања поврзани со практичната имплементација на blockchain-базирани системи за генерирање и верификација на дипломи, особено идентификувајќи ги предизвиците, ограничувањата и празнините во оваа насока. Тргнувајќи од резултатите добиени од овој тип на систематска анализа и имајќи јасни причини за ограничувањата на имплементацијата во оваа насока, како и анализирајќи ги предностите и недостатоците на сите практични имплементации кои имаат врска со генерирањето и верификацијата на дипломите, се продолжува со дизајнирање на нов концептуален модел, на blockchain-базиран систем за генерирање и верификација на дипломи.

Следниот чекор во истражувањето е создавање дизајн на нов blockchain-базиран систем, вклучувајќи ја деталната архитектура на неговото функционирање, концептуалниот модел, дизајнот на системот во детална форма за процесот на генерирање и верификација на дипломите, дефиницијата на паметни договори, како и дизајнирањето на нивната архитектура. Ова резултира со предлагање на нов blockchain-базиран систем, кој се заснова на платформата Ethereum и паметните договори, како и детална анализа на предностите и недостатоците на новопредложениот систем наречен DIAR. Исто така, анализирана е и можноста за негова практична имплементација, па дури и креирање на прототип за тестирање на валидноста на системот DIAR.

Последната фаза од истражувањето вклучува практична имплементација на прототип на предложениот blockchain-базиран систем за да се прикаже функционирањето на blockchain-системите генерално, а и да се анализираат деталите за имплементацијата на системот DIAR во блиска иднина во високообразовните установи. Исто така, во оваа фаза се врши предвидувачка анализа со употреба на техники на предиктивна регресија, како и анализа на позитивните и негативните аспекти од имплементацијата на ваков систем во високообразовните установи. Многу е важно да се анализираат и правните прашања поврзани со практичната имплементација на таков систем во различни земји.

Како резиме, главните делови од истражувањето се:

- Сеопфатен преглед и систематизација на сите Blockchain-базирани системи за употреба во ВОУ во светот денес;
- Предлог на нова архитектура на систем за генерирање и проверка на дипломи;
- Имплементација на прототип на blockchain-базиран систем, со што се потврдува дефинираната архитектура и функционалноста на системот;
- Системска валидација, предвидувачка анализа преку математички техники и претставување на прототипот преку интерфејси.

## ЗНАЧЕЊЕ НА ТРУДОТ

Значењето на овој труд е во предлогот на нов дизајн на blockchain-базиран систем, наречен DIAR, за генерирање и верификација на дипломи во високообразовните установи. За прв пат се прави обемна систематска анализа на сите истражувања поврзани со генерирање и верификација на дипломи и други академски документи. За прв пат е претставено blockchain-базирано решение за генерирање и верификација на дипломи, со сите детали за имплементацијата, почнувајќи од концептуален модел, дефинирањето на функционалните и нефункционалните барања, дијаграмите на

случаи на употреба за сите актери, архитектурата на функционирање на системот, систематско дизајнирање на најважните процеси, архитектура на паметните договори, до практична имплементација и валидација на системот. Постојат и предвидливи анализи и правни прашања во врска со имплементацијата на системот DIAR. Освен што се разгледува можност за негова имплементација во високообразовните установи, може да послужи и за дигитализација на услугите во овие институции, а зошто да не и во иднина и како основа за создавање на пошироки концепти, кон имплементација на мрежа со отворен blockchain-базиран систем за сите јавни и приватни институции.

## ПОДАТОЦИ ЗА СОСТОЈБАТА НА ПОДРАЧЈЕТО ВО КОЕ Е РАБОТЕНА ДИСЕРТАЦИЈАТА

Во докторската дисертација, опфатени се и цитирани 175 библиографски единици. Овие референци опфаќаат научна и стручна литература во однос на имплементацијата на BCT во системите за генерирање и верификација на дипломи, а и воопшто за дигитализација на услугите во високообразовните институции.

Истражувањата и систематските анализи покажуваат дека до денес има значителен број имплементации во однос на дигитализацијата на услугите во ВОУ, особено за генерирање и верификација на дипломи. Меѓу решенијата кои се практично имплементирани, може да се истакнат следниве: Verde, Cerberus, CVSS, EduCTX, BCDiploma, Disciplina, OpenCerts и др.

Развојот на нови системи или интегрирањето на blockchain-технологијата во веќе постоечките системи во образовните институции претставува голем број предизвици, од кои, некои се специфични за полето на примена. Истражувањата покажуваат дека има потреба повеќе да се работи на системи базирани на BCT за верификација на дипломи во повеќе насоки.

Идентификувани се некои од најитните предизвици, кои се поврзани со имплементацијата на blockchain-базирани системи во ВОУ:

- Комплексен процес на пренос на дипломи;
- Тешкотии во одржувањето на blockchain-базирани системи;
- Несоодветни безбедносни механизми,
- Потреба од помошни алатки;
- Посредници и автоматско извршување на паметните договори;
- Ограничени рамки и модели, со детали на имплементирање.

Утврдено е дека техничките и филозофските ограничувања на BCT се основните причини за неговото бавно прифаќање во образовниот сектор. Во моментов не постои работен пример на глобален образовен blockchain-базиран систем кој работи во истиот масовен размер како и криптовалутите (во милиони). Едноставно кажано, не постои убедлива причина да се спроведе неговото докажување на функционалност. Конкретно, усогласувањето на вистинската примена на BCT во образованието со автентичната филозофија на одржлив развој на образованието заслужува дополнително истражувачко внимание. Високото образование е високо регулирана активност, која претставува уште еден, многу важен, предизвик за вистинска имплементација на blockchain-базирани системи. Секоја реална имплементација на овој систем мора да биде целосно усогласена со позитивната законска рамка во земјата/регионот, која може да вклучува закони, подзаконски акти, статути на ВОУ, внатрешни правилници, одлуки итн. Дополнително, системот треба да овозможи флексибилност за да биде способен да ги имплементираа

честите промени што се случуваат во законската регулатива, што само по себе е посебен предизвик.

Кога станува збор за платформите што се користат за имплементација на blockchain-мрежата, најотворени платформи во однос на пристапот до мрежата, каде што секој може да прави трансакции, се Ethereum и Bitcoin, додека Hyperledger е платформа со ограничени дозволи, каде што можат да бидат само претходно дефинираните рудари дел од мрежата за извршување на трансакции. Главна карактеристика на повеќето blockchain-базирани решенија е користењето на платформата Ethereum и паметните договори, поради нивната полесна природа и помошната опрема за тестирање и нивна оптимизација.

Очигледен факт е дека и во денешно време не постои практична имплементација што се користи во високообразовните установи која се заснова на blockchain-технологија, особено за генерирање и верификација на дипломи. Затоа, предметното истражување ја покренува иницијативата да се подигне интересот на истражувачите да се справат со овој проблем, дури и предлагајќи нов дизајн на blockchain-базиран систем, што дополнително ја збогатува литературата кон идните истражувања на различни истражувачи.

Системот DIAR се гледа како добра можност за имплементација во иднина кон дигитализација на академските документи, а зошто да не и кон проширување на овој модел со други карактеристики и можност за имплементација во други области, каде што е потребно управување со големи податоци.

## КРАТОК ОПИС НА ПРИМЕНЕТИТЕ МЕТОДИ

Докторската дисертација користи неколку научни методи кои се поврзани со создавањето на системот за генерирање и верификација на дипломи, меѓу кои: анализа, споредба, дизајн, имплементација, оптимизација, тестирање, валидација, распоредување и одржување.

Теоретскиот дел на докторската дисертација ги опфаќа основните концепти за имплементација на BCT во високообразовните институции, синергијата помеѓу BCT и вештачката интелигенција за создавање blockchain-базирани системи за генерирање и верификација на академски акредитиви, систематска анализа на сите истражувања поврзани со практична имплементација на blockchain-технологијата во системи за генерирање и верификација на дипломи, дизајн на модуларен концепт, дизајн на дијаграми за случаи на употреба и сценарија на случаи на употреба, дизајн на функционални и нефункционални барања, дизајн на архитектурата на системот DIAR, систематско дизајнирање на најважните процеси во системот, дизајнирање на архитектурата на паметните договори.

Практичниот дел на докторската дисертација вклучува паралелна имплементација на два прототипа, оној на централизиран систем, со користење на Python, Node.js и MongoDB. А од друга страна, имплементација на децентрализиран систем со помош на Solidity, паметни договори, платформата Ethereum, складирање, Remix IDE за тестирање, до тест-мрежата Etherscan, каде што е тестирано извршувањето на трансакции поврзани со генерирање и верификација на дипломи. Исто така, презентирани се и елаборирани во детална форма паметните договори за генерирање и верификација на дипломи, паметните договори за мерење на системска метрика и со користење на техники на повеќекратна регресија, направена е анализа на годишните трошоци за верификација во високообразовна институција во рок од една година.

Направени се описи на предностите на предложениот систем DIAR со сите практични blockchain-имплементации што се создадени до денес, анализирани се правните

прашања кои имаат врска со практичната имплементација и конечно се опишани можностите за проширување на системот DIAR и тестирање во реални услови, со реални дипломи, во која било високообразовна институција. Очигледно е дека имплементацијата на ваков систем е полна со предизвици бидејќи се работи со податоци поврзани со приватноста и безбедноста на студентите, и на универзитетот воопшто.

**КРАТОК ОПИС НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО**

Докторската дисертација може да се сумира во три главни сегменти: систематска анализа на сите истражувања поврзани со практичната имплементација на сите blockchain-базирани решенија за генерирање и верификација на дипломи, дизајн на нов модел на blockchain-базиран систем и практична имплементација на прототип врз основа на дефинираната архитектура за да се потврди системот.

Користејќи ја рамката PRISMA, од вкупно 1744 трудови, од 5 научни бази: ACM, Scopus, IEEExplore, Web of Science и Springer, во периодот од 2018 до 2022 година, заклучено е дека само 34 трудови имаат врска со практична имплементација на blockchain-базирани системи за генерирање и верификација на дипломи. Од систематската анализа беа донесени следниве заклучоци:

- Прво, од перспектива на приспособливост и интероперабилност, процесот на имплементација на blockchain системи во ВОУ треба да оди во фази, каде што прво треба да се имплементираат услугите кои се полесно приспособливи, па сѐ до генерирање и проверка на дипломи. Многу е важно да се анализира и да се види можноста за пренос на податоци од постојните бази на податоци во blockchain-базите на податоци, соодветно, да се анализираат најчесто користените blockchain-платформи во облак и да се истражи можноста за конверзија на податоци во безбедна форма. Меѓутоа, со цел да се постигнат највисоки перформанси и приспособливост во спроведувањето на трансакциите во blockchain-базираниот систем, треба да се направи комбинација на складирање надвор од синџирот и во синџир, како и меѓусебно поврзување на blockchain-мрежите вклучени во системот. За да се олеснат трансакциите без користење на интерфејси од трета страна, секоја мрежа има единствен пристап кон интероперабилноста на BCT. Така, технологијата со вкрстени синџири има огромно ветување за овозможување на интероперабилност на BCT, што може да реши различни проблеми и да елиминира многубројни ограничувања на BCT и други мрежи. Тоа е исто така клучно бидејќи ја подобрува ефикасноста на синџирот, ја намалува сегментацијата и им олеснува на корисниците да комуницираат со различни синџири.
- Второ, од перспектива на сигурност, приватност и верификација, проверката на дипломите со blockchain-базиран систем би ја олеснила долгата и напорната работа на администраторите во ВОУ. Пред сè, тоа би спречило можни злоупотреби, бидејќи би било можно многу лесно и за кратко време да се потврди дека дипломата ѝ припаѓа на назначената институција. Сепак, генерирањето и одземањето дипломи останува предизвик, бидејќи безбедноста на BCT се заснова на единственост на hash-вредностите. Секое одземање на дипломата значи промени на hash-вредноста, што го доведува во прашање идентитетот на студентот. Треба да се направат повеќе истражувања за blockchain-базите на податоци и можностите за нивна имплементација во сегашните системи, со единствена цел да се осигура дека податоците првично се пренесуваат безбедно. Одржливо решение би ги разгледало прописите за приватност и заштита на податоците.
- Трето, од перспектива на доверба и одржливост, потребни се повеќе емпириски истражувања за да се обезбеди доверливост на оваа технологија. Луѓето стекнаа

доверба бидејќи секоја услуга е транспарентна, безбедна и непроменлива. Сепак, останува отворено прашањето како би се мерел или потврдил кредибилитетот на организациите кои издаваат академски документи овозможени со BCT.

Вториот сегмент вклучува презентација на нов blockchain-базиран систем за генерирање и верификација на дипломи, наречен DIAR. Системот е опишан со сите детали почнувајќи од дизајнот на концептуалниот модел, системската архитектура, систематскиот дизајн на најважните процеси и архитектурата на паметните договори. Предложениот blockchain-базиран систем има за цел да одговори на значајно општествено прашање, имено спречување на злоупотреба на акредитиви. Дипломите имаат суштинско значење бидејќи се користат за можности за вработување и напредување во кариерата. Имплементацијата на овој систем има за цел да го рационализира процесот на генерирање дипломи преку дигитализирање. Тоа ќе им обезбеди на студентите можност да го забрзаат барањето за генерирање диплома преку нивните преферирани методи за идентификација. Следствено, тие ќе можат навремено да добијат електронска копија од својата диплома, а со тоа и елиминирање на потребата од долги периоди на чекање и непотребни административни трошоци.

Третиот сегмент има врска со имплементацијата на прототипот на системот, за тестирање на валидноста и функционалноста на системот. Паралелно, создадени се два прототипа, еден во централизирана форма, со користење на Python, Node.js и MongoDB, а од друга страна, прототипот базиран на платформата Ethereum и со користење на паметни договори, каде што, меѓу другото, се прават споредби и направени се директни мерења на метриката за обработка на трансакцијата.

Имплементацијата на системот DIAR во ВОУ за генерирање и проверка на дипломи, би го забрзала процесот на генерирање дипломи, би го олеснила процесот на проверка на дипломите и би спречило какво било сомневање за можните злоупотреби што можат да се направат на овие важни документи. Докторската дисертација „Дизајн на безбеден систем за генерирање и проверка на академски документи базиран на blockchain-технологија“ претставува една кохерентна тема, на која истражувачите ширум светот ѝ даваат големо значење на имплементацијата на ваков blockchain-базиран систем, иако е полн со предизвици и тешкотии. Дизајн на новиот систем DIAR, неговата системска архитектура и модели дефинирани во оваа докторска тема, веруваме, ќе бидат поттик за идните истражувачи.

## ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Високообразовните установи во денешно време се соочуваат со различни предизвици: недостаток на дигитализација на услугите, а особено генерирање и проверка на многу академски документи во физичка форма, вклучувајќи и дипломите; недостиг од дигитализација на услугите поврзани со оценувањето на студентите и флексибилност на часовите на наставата; долго чекање за добивање на дипломата; долго чекање за проверка на академските документи, вклучувајќи ги и дипломите; непостоење платформа која ќе ја гарантира приватноста на студентите, транспарентноста на услугите, класификацијата на услугите на јавни и приватни; недостаток на ефикасни методи за идентификација на студентите и другите актери во сегашните системи; сите податоци се чуваат во централизирани бази на податоци со кои лесно може да се манипулира од страна на системските администратори; недостаток на долгорочна стратегија во однос на квалитетот на образованието и ефикасни методи за подобрување на процесот на учење. Blockchain-технологијата се гледа како единствена надеж за

решавање на овие проблеми во областа на образованието, иако таа се соочува со различни предизвици во практика.

Преку докторската дисертација со наслов: „Дизајн на безбеден систем за генерирање и проверка на академски документи базиран на blockchain-технологија“, кандидатот м-р Авни Рустеми, за прв пат прави систематска анализа на сите blockchain-базирани имплементации кои имаат врска со генерирање и проверка на академски документи, особено дипломите. Врз основа на оваа систематска анализа, кандидатот ги дизајнирал функционалните и нефункционалните барања на системот заснован на BCT, вклучувајќи дијаграми за случаи на употреба и сценарија за случаи на употреба за сите вклучени актери. Врз основа на сите неодамнешни истражувања, кандидатот за прв пат дизајнирал концептуален модел на blockchain-базиран систем, создавајќи јасно дефинирана архитектура, каде што им дал големо значење на безбедноста, енкрипцијата, механизмите за консензус и сите други субјекти неопходни за функционирање на системот. Кандидатот дизајнирал систематската архитектура на процесот за генерирање и проверка на дипломи, архитектурата на функционирањето на паметните договори и можноста за имплементација на вештачка интелигенција во предложениот модел. На крај, кандидатот креирал прототип на предложениот модел, го потврдил системот и покажал дека blockchain-базираните системи имаат многу предности во генерирањето и проверка на дипломи и други академски документи.

Во деветтото поглавје од дисертацијата, јасно и недвосмислено, презентирани се заклучоците од истражувањето и најважните поенти од конкретното изложување. Покрај најважните придобивки од анализата, обработена во рамки на предвидениот истражувачки проблем, наведен е и потенцијалот за примена на прикажаните резултати, како и насоки за понатамошна надоградба на постоечкото истражување.

Докторската дисертација на кандидатот м-р Авни Рустеми, со наслов „Дизајн на безбеден систем за генерирање и проверка на академски документи базиран на blockchain-технологија“, според мислењето на Комисијата за оцена, претставува оригинално научно истражување и ги исполнува условите и стандардите за изработен докторски труд.

## ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатот, пред одбраната на докторската дисертација, објавил 16 научни трудови, меѓу другото во списанија со фактор на влијание и меѓународни конференции, меѓу кои и индексирани во бази на податоци како IEEE, Scopus, Elsevier, Web of Science. Списокот на научни трудови е наведен во продолжение:

1. A. Rustemi, F. Dalipi, V. Atanasovski, A. Risteski, „DIAR: a Blockchain-Based System for Generation and Verification of Academic Diplomas“, Journal of Discover Applied Science, Springer, Volume 6, Article 297, Springer, https://doi.org/10.1007/s42452-024-05984-1.
2. A. Rustemi, F. Dalipi, V. Atanasovski and A. Risteski, „A Systematic Literature Review on Blockchain-Based Systems for Academic Certificate Verification“ in IEEE Access, vol. 11, pp. 64679-64696, 2023, doi: 10.1109/ACCESS.2023.3289598.
3. A. Rustemi, V. Atanasovski and A. Risteski, „Design of the Blockchain System for the Generation and Verification of Diplomas,“ 2023 XXXII International Scientific Conference Electronics (ET), Sozopol, Bulgaria, 2023, pp. 1-6, doi: 10.1109/ET59121.2023.10279743.
4. A. Rustemi, V. Atanasovski, A. Risteski and B. Popovski, „Analysis of Blockchain Platformsfor Generation and Verification of Diplomas,“ 2023 12th Mediterranean Conference onEmbedded Computing (MECO), Budva, Montenegro, 2023, pp. 1-4, doi: 10.1109/MECO58584.2023.10154926.
5. A. Rustemi, V. Atanasovski, A. Risteski and P. Latkoski, „Challenges of Blockchain in Higher Education Institutions for Protection Against Diploma Forgery,“ 2023 International Balkan

Conference on Communications and Networking (BalkanCom), İstanbul, Turkiye, 2023, pp. 1-6, doi: 10.1109/BalkanCom58402.2023.10167986.

6. A. Rustemi, V. Atanasovski and A. Risteski, „Identification During Verification Of Diplomas In The Blockchain System,“ 2023 30th International Conference on Systems, Signals and Image Processing (IWSSIP), Ohrid, North Macedonia, 2023, pp. 1-5, doi: 10.1109/IWSSIP58668.2023.10180241.
7. A. Rustemi, F. Dalipi, V. Atanasovski and A. Risteski, „Towards a Conceptual Model of a Blockchain System for Automatic Generation of Academic Diplomas: Use Cases and Scenarios,“ 2023 4th International Conference on Communications, Information, Electronic and Energy Systems (CIEES), Plovdiv, Bulgaria, 2023, pp. 1-6, doi: 10.1109/CIEES58940.2023.10378773.
8. A. Rustemi, V. Atanasovski and A. Risteski, „Overview of Blockchain Data Storage and Privacy Protection,“ 2022 International Balkan Conference on Communications and Networking (BalkanCom), Sarajevo, Bosnia and Herzegovina, 2022, pp. 90-94, doi: 10.1109/BalkanCom55633.2022.9900867.
9. Avni Rustemi, Vladimir Atanasovski, Aleksandar Risteski, „Security and transparency of blockchain systems in higher education institutions“, Journal of Natural Sciences and Mathematics of UT, Vol 8, No.15-16, ISSN(print): 2545-4072,ISSN (online):2671-3039.
10. A. Rustemi, V. Atanasovski, A. and Risteski, „Database Design in a Blockchain-Based System for Generating and Verifying Academic Credentials“. Journal of Electrical Engineering and Information Technologies, pp.93-100. 2023. 210.
11. A. Rustemi, V. Atanasovski, A. Risteski, V. Angelkoska, „Legislation issues regarding the implementation of blockchain-based application in higher education institution in North Macedonia“, 2nd International Scientific Conference: the Future of Science, University "Ukshin Hoti" Prizren, ISBN 978-9951-510-31-8.
12. A. Rustemi, V. Atanasovski, A. Risteski, V. Angelkoska, F. Idrizi, „Theoretical Approach Of Implementing Blockchain And Artificial Intelligence For Diploma Verification“, 2024 13th Mediterranean Conference on Embedded Computing (MECO), Budva, Montenegro, 2024, pp. 1-4.
13. A. Rustemi, F. Dalipi, V. Atanasovski, A. Risteski, „Enhancing Academic Credentials: The Synergy of Blockchain and Artificial Intelligence“, 2024 International Balkan Conference on Communications and Networking (BalkanCom), Ljubljana, Slovenia, 2024, pp. 1-6.
14. Avni Rustemi, Vladimir Atanasovski, Aleksandar Risteski, V. Angelkoska „Decentralized Artificial Intelligence for Diploma Verification: Regression Techniques Analyses“, Journal of Natural Sciences and Mathematics of UT, Vol 9, No.17-18, ISSN(print): 2545-4072,ISSN (online):2671-3039.
15. Avni Rustemi, Vladimir Atanasovski and Aleksandar Risteski, „Framework for Using BigchainDB in Software Application“, held at the Faculty of Computer Science and Engineering, Skopje, North Macedonia 5-6th May, 2022, pp.64-69, ISBN 978-608-4699-15-6.
16. Aleksandar Risteski, Avni Rustemi., „The Application of the Internet of Things in Everyday Equipment Affects to Have a More Efficient and Quality Life“, ETAI 2021, online conference, 23-24 September 2021, pp.242-247, ISSN:2545-4489.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Главните придонеси на докторската дисертација се согледуваат во следното:

- Во оваа докторска дисертација е дефиниран нов модел на управување на јавните и приватните универзитети, каде што како студија на случај се зема една ВОУ, а потоа може да се имплементира за поширока мрежа на ВОУ. Кандидатот се обидел да влијае на унапредување и развој на оваа технологија во областа на образованието, за генерирање и проверка на дипломи, иако таков проблем постои насекаде во светот, а долгорочно решение за овој проблем сѐ уште не е најдено.
- Ова докторска дисертација ќе влијае да го разбуди интересот на страните како алтернатива во блиска иднина да ја видат имплементацијата на blockchain-технологијата во системите за управување со податоци во ВОУ.
- Направена е детална анализа на имплементацијата на blockchain-технологијата за генерирање и проверка на дипломи, спроведувајќи систематски преглед на сите трудови кои се поврзани со темата на дисертацијата. Во овој случај, кандидатот ги идентификувал празнините, причините зошто BCT има делумна имплементација во ВОУ, генерирајќи нови теми поврзани со оваа проблематика и чекор по чекор разјаснувајќи ги во детали.
- Кандидатот продолжил со истражување кон создавање на архитектура на blockchain-базиран систем за имплементација во високообразовните установи. Ги дефинирал сите функционални и нефункционални барања на системот, дефинирал дијаграми за случаи на употреба и сценарија за главните актери вклучени во системот за да го олесни процесот кон концептуално моделирање и создавање на системска архитектура. Ја опишал и целата потребна опрема за создавање на blockchain-базиран систем за генерирање и проверка на дипломи, со конкретни студиски случаи. Откако направил детални споредби со сите практични решенија кои постојат денес, но не наидоа на имплементација за подолго време, откако ги идентификувал и нивните празнини, креирал концептуален модел на blockchain-базиран систем, архитектура на повеќе нивоа на системот, систематска архитектура на процесот на генерирање и проверка на дипломи и конечно архитектурата на паметните договори и нивна меѓусебна поврзаност. Ова всушност ја претставува основата на докторска тема, бидејќи успеал да претстави нов модел на имплементација на blockchain-базиран систем, со нова архитектура и прецизно дефинирани паметни договори.
- На крајот, кандидатот имплементирал прототип на системот, каде што ги претставил некои од најважните делови од генерирањето и проверката на дипломите, истовремено правејќи споредби со централизиран систем. Факт е дека blockchain-технологијата има многу предности во имплементацијата, но има и недостатоци кои успеал детално да ги разјасни низ работата.

Докторска дисертација на кандидатот м-р Авни Рустеми е кохерентна тема за која има посебен интерес од истражувачите насекаде низ светот. Ваков blockchain-базиран систем може да се имплементира и во други области, како што се медицината, финансиите и секаде каде што има потреба од управување со големи податоци, а во исто време и обработка на податоци во реално време. Може да се имплементира низ целата земја за да се создаде blockchain-базирана платформа со која ќе се управуваат сите високообразовни институции, јавни и приватни, со цел да се надминат различните проблеми со злоупотреба на податоци, разни научни трудови и разни академски звања кои се во корист и од страна на студентите и академскиот кадар од различни ВОУ.

Се заклучува дека докторската дисертација е изработена во согласност со воспоставените принципи за научноистражувачка практика и дека резултира со значителен придонес во конкретна научна област.

Врз основа на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, да прифати позитивна оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација од кандидатот м-р Авни Рустеми, со наслов: „Дизајн на безбеден систем за генерирање и проверка на академски документи базиран на blockchain-технологија“.

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Александар Ристески, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Владимир Атанасовски, ментор, с.р**
**Проф. д-р Перо Латкоски, член, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Валентин Раковиќ, член, с.р.**
**Проф. д-р Фисник Далипи,**
**(Универзитет „Линеус“, Калмар, Шведска), член, с.р.**

**ПРЕГЛЕД**

на прифатени теми за изработка на магистерски труд
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Факултет за електротехника и информациски технологии

## 1. Обновливи извори на енергија

| Ред. бр. | Студент | Назив на тема | | Предложен ментор | Датум и бр. на Одлука |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | Борис Петрески | Поврзување на фотоволтаични производни единици во електроенергетскиот систем | Connection of photovoltaic generating units in the electric power system | Проф. д-р Антон Чаушевски | 02-1101/23 од 26.6.2024 г. |

## 2. Комуникациски и информациски технологии

| Ред. бр. | Студент | Назив на тема | | Предложен ментор | Датум и бр. на Одлука |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | Оливера Котеска | Сегментно рутирање за IPv6 во 5G мобилни мрежи | Segment Routing for IPv6 in 5G mobile networks | Проф. д-р Тони Јаневски | 02-1101/24 од 26.6.2024 г. |

## 3. Компјутерски мрежи – Интернет на нешта

| Ред. бр. | Студент | Назив на тема | | Предложен ментор | Датум и бр. на Одлука |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | Андреа Ивановска | Развој на паметен мерач на енергија со интеграција на мониторинг и анализа преку веб-апликација | Development of a smart energy meter with integration of monitoring and analysis through a web application | Проф. д-р Марија Календар | 02-1101/25 од 26.6.2024 г. |

***Прилог бр. 3***

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ЗБИРКА РЕШЕНИ ЗАДАЧИ ПО ВЕРОЈАТНОСТ И СТАТИСТИКА“ ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р ЖАНЕТА ПОПЕСКА, ПРОФ. Д-Р ВЕРИЦА БАКЕВА СМИЉКОВА, ПРОФ. Д-Р МАРИЈА МИХОВА, ПРОФ. Д-Р АЛЕКСАНДРА ПОПОВСКА-МИТРОВИЌ, ВОНР. ПРОФ. Д-Р НАТАША ИЛИЕВСКА, ВОНР. ПРОФ. Д-Р БИЛЈАНА ТОЈТОВСКА РИБАРСКИ И ПЕЦЕ ГЕОРГИЕВ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, донесена на седницата бр. 27, одржана на 30.5.2024 година, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на ракописот „ЗБИРКА РЕШЕНИ ЗАДАЧИ ПО ВЕРОЈАТНОСТ И СТАТИСТИКА“ од авторите: проф. д-р Жанета Попеска, проф. д-р Верица Бакева Смиљкова, проф. д-р Марија Михова, проф. д-р Александра Поповска-Митровиќ, вонр. проф. д-р Наташа Илиевска, вонр. проф. д-р Билјана Тојтовска Рибарски и Пеце Георгиев наменет за студентите на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, за предметите Веројатност и статистика и Математика 3, избрани се: вонр. проф. д-р Анета Гацовска-Барандовска и вонр. проф. д-р Наташа Стојковиќ.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, Рецензентите го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### I. ОПШТ ДЕЛ

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | ЗБИРКА РЕШЕНИ ЗАДАЧИ ПО ВЕРОЈАТНОСТ И СТАТИСТИКА |
| **Назив на предметната програма:** | Веројатност и статистика<br>Математика 3<br>Бизнис статистика<br>Основи на теорија на информации |
| **Назив на студиската програма:** | Интернет, мрежи и безбедност<br>Компјутерски науки<br>Софтверско инженерство и информациски системи<br>Компјутерско инженерство<br>Примена на информациски технологии<br>Компјутерска едукација |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети)**:** | Веројатност и статистика<br>**180 часа, 6 ЕКТС**<br>Математика 3<br>**180 часа, 6 ЕКТС**<br>Бизнис статистика<br>**180 часа, 6 ЕКТС**<br>Основи на теорија на информации<br>**180 часа, 6 ЕКТС** |
| Предметот Веројатност и статистика на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство е задолжителен предмет со фонд на часови – 180, број на ЕКТС-кредити – 6 и се слуша во трети семестар. Предметот Математика 3 на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство е задолжителен предмет со фонд на часови – 180, број на ЕКТС-кредити – 6 и се слуша во трети семестар. Предметот Бизнис статистика на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство е задолжителен предмет со фонд на часови – 180, број на ЕКТС-кредити – 6 и се слуша во втор семестар. Предметот Основи | |

| | |
|---|---|
| на теорија на информации на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство е задолжителен предмет со фонд на часови – 180, број на ЕКТС-кредити – 6 и се слуша во трети семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 406 страници (формат B5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 2 поглавја, содржи список со користена литература, 55 слики и 126 табели. |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Анета Гацовска-Барандовска, вонреден професор, ПМФ, УКИМ, Скопје, с.р.**

**Д-р Наташа Стојковиќ, вонреден професор, Факултет за информатика, УГД, Штип, с.р.**

## II. Посебен дел од рецензентот: вонр. проф. д-р Анета Гацовска-Барандовска

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Оваа збирка решени задачи е наменета пред сѐ за предметите Веројатност и статистика и Математика 3, како и за предметите Бизнис статистика и Основи на теорија на информации на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.<br>Збирката е поделена на две глави, првата за делот веројатност и втората за делот статистика. На почетокот на секое поглавје има значаен дел од теорија во кој се дадени основните дефиниции, теореми и својства кои се неопходни за полесно разбирање на задачите. Сите задачи во збирката се комплетно решени со детален опис на сите чекори во решението. За поголем дел од задачите има и графички прикази за нивно полесно разбирање.<br>Во првата глава има 11 поглавја и во нив се опфатени задачи од следните теми: експерименти и настани, дефиниција на веројатност и својства, дискретен простор на веројатност и класична дефиниција, геометриска веројатност, условна веројатност и независност на настани, Бернулиева шема, случајни променливи од дискретен и апсолутно непрекинат тип, случајни вектори од дискретен тип, функции од случајни променливи, бројни карактеристики (математичко очекување и дисперзија), моменти на случајни вектори (коваријанса и коефициент на корелација) и гранични теореми.<br>Во втората глава има 6 поглавја и задачите во нив се од следните теми: веројатносен модел на примерокот, точкасти оценувачи и нивни својства, интервални оценувачи (за математичко очекување, веројатност на настан и дисперзија), тестирање на параметарски хипотези за едно обележје (за математичко очекување, веројатност на настан и дисперзија) и параметарски хипотези за две обележја (еднаквост на дисперзии и еднаквост на математички очекувања на две статистички независни обележја), непараметарски тестови (тест за согласност со дадена распределба, тест за независност на две статистички обележја и тест за еднаквост на две распределби) и линеарна регресија.<br>По делот со задачи, во збирката се дадени таблици на накои позначајни распределби (нормална нормирана распределба, $t$-распределба, $\chi^2$-распределба и $F$-распределба) кои се користат при решавање на задачите.<br>На крајот од збирката, дадена е литературата користена при изготвување на збирката, иако треба да се напомене дека најголем број од задачите се оригинални. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Ракописот е комплетно усогласен со предметната програма на предметите Веројатност и статистика и Математика 3, како и за предметите Основи на теорија на информации и Бизнис статистика. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Нема. |
| **Оцена на ракописот:** | Сметам дека оваа збирка треба да се издаде и дека таа ќе биде соодветно учебно помагало кое ќе им биде од огромна помош на |

| | |
|---|---|
| | студентите за полесно совладување на предметите во кои се изучуваат темите од областа на веројатност и статистика. |
| **Категоризација:** | учебно помагало (збирка решени задачи) |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 406 страници (формат Б5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Збирката содржи голем број решени задачи, поделени во 2 глави. Првата глава содржи 11 потпоглавја, а втората 6 поглавја. На крајот од збирката се дадени и таблици на четири позначајни распределби кои се користат при решавањето на задачите. Ракописот содржи 55 слики и 126 табели.<br>Збирката која е дадена на рецензија комплетно ги покрива, со задачи, сите содржини кои се изучуваат во предметите Веројатност и статистика и Математика 3 на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, но, исто така, и за предметите Основи на теорија на информации и Бизнис статистика. Збирката може да се користи и како помошна литература за предметите Машинско учење и Наука за податоци. На почетокот на секое поглавје има значаен дел од теорија во кој се дадени основните дефиниции, теореми и својства кои се неопходни за полесно разбирање на задачите. Сите задачи во збирката се комплетно решени со детален опис на сите чекори во решението, на јасен стил, прилагоден за лесно разбирање од страна на студентите. Збирката е резултат на долгогодишната посветена работа на авторите во наставата на различни делови од опфатениот материјал и различни наставни предмети.<br>Согласно погоре изнесеното, како рецензент, сметам дека оваа збирка треба да се одобри и печати како учебно помагало не само за студентите од Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, туку и за другите студии каде што се изучуваат овие содржини. |

Врз основа на изнесеното, ми претставува чест и задоволство да го поддржам овој ракопис и да предложам да се прифати на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје како учебно помагало за предметите Веројатност и статистика и Математика 3, како и за предметите Бизнис статистика и Основи на теорија на информации на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, но и на останатите факултети каде што се изучуваат содржини од веројатност и статистика.

Во Скопје, 10.7.2024 г.

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Д-р Анета Гацовска Барандовска, вонреден професор, ПМФ, УКИМ, Скопје, с.р.**

## III. Посебен дел од рецензентот: вонр. проф. д-р Наташа Стојковиќ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот „Збирка решени задачи по веројатност и статистика“ се состои од решени задачи од материјалот кој е предвиден за изучување во рамки на предметите Веројатност и статистика и Математика 3, а може да послужи и како збирка за предметот Бизнис статистика, како и за делови од предметот Основи на теорија на информации на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје. Исто така, оваа збирка може да послужи и како помошен материјал за предметите Машинско учење и Наука на податоци на истиот факултет.<br>Материјалот во ракописот е поделен во 2 главни поглавја, тематски организирани. Првото поглавје се состои од темите од веројатност, додека, пак, второто поглавје се состои од темите од статистика. Првото поглавје се состои од 11 потпоглавја, додека второто поглавје содржи 6 потпоглавја.<br>На самиот почеток од збирката, дадена е листа со користени ознаки, во која за секоја ознака е дадено објаснување. Потоа следуваат двете поглавја.<br>Во првото поглавје се обработени темите од веројатност, групирани тематски во 11 потпоглавја. Првите 5 потпоглавја се однесуваат на случајни настани. На почеток се обработуваат основните поими од веројатност – експерименти и случајни настани. Потоа, се преминува на дефиниција на веројатност и основните својства, како и геометриската веројатност. Во продолжение, обработени се условната веројатност и независност на настани, каде што посебно внимание е посветено на формулата за тотална веројатност и Бајесовите формули. Во овој дел, како посебно потпоглавје, обработена е и Бернулиева шема. Следните 5 потпоглавја се однесуваат на случајните променливи. Имено, прво се почнува со случајни променливи, при што обработени се случајни променливи од дискретен и случајни променливи од апсолутно непрекинат тип, а дадени се и позначајните познати распределени и од двата типа. Потоа се преминува на случајните вектори од дискретен тип, како обоштување на случајните променливи. Следуваат темите функции од случајни променливи, бројни карактеристики на случајни променливи и моменти на случајни променливи и случајни вектори. На крајот од ова поглавје обработени се граничните теореми, каде што е дадена Централна гранична теорема, како теорема со голема практична примена, којашто често се користи и во темите од статистиката обработени во оваа збирка.<br>Второто поглавје се однесува на темите од статистика, поделени во 6 потпоглавја. Ова поглавје започнува со веројатносен модел на примерок, каде што се наведени позначајните статистики. Следните две поглавја се однесуваат на оценување и оценувачи, т.е. прво се обработени точкастите оценувачи и нивните својства, а потоа интервалите на доверба, каде што посебно се обработени интервалите на доверба за математичко очекување, интервали на доверба за веројатност на настан и интервалите на доверба за дисперзија на обележје со нормална распределба. Следните две потпоглавја се однесуваат на тестирање хипотези. Во првата од нив обработени се параметарските тестови, каде |

| | |
|---|---|
| | што посебен осврт е даден на тестови за математичко очекување на едно обележје, тестови за веројатност на настан (голем примерок), тест за дисперзија и стандардна девијација на обележје со нормална распределба, тест за еднаквост на дисперзии на две независни обележја со нормални распределби и тест за еднаквост на математички очекувања на две независни статистички обележја (две популации). Втората од овие две потпоглавја се однесува на непараметарските тестови, каде што акцентот е ставен на тест дали две обележја се независни, тест дали дадени податоци доаѓаат од некоја дадена распределба и тест дали две случајни променливи имаат иста распределба. Второто поглавје завршува со темата линеарна регресија.<br>На крајот од ракописот, дадени се таблиците на некои позначајни распределби кои се користат при решавање на задачите од статистика. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Ракописот е целосно услогласен со содржините од предметната програма на предметите Веројатност и статистика и Математика 3 и делумно на предметите Бизнис статистика и Основи на теорија на информации. |
| **Предлози за потребни корекции:** | нема |
| **Оцена на ракописот:** | Се оценува дека овој учебник треба да се издаде и ќе биде одлично учебно помагало за предметите во кои се изучуваат темите од областа на веројатност и статистика. Издавањето на овој учебник е од особена важност, не само за студентите на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, туку и пошироко, секаде каде што се изучуваат темите опфатени со овој учебник. |
| **Категоризација:** | учебно помагало (збирка решени задачи) |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 408 страници (формат Б5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Збирката содржи решени задачи, поделени во 2 главни поглавја, од кои првото поглавје содржи 11 потпоглавја, а второто поглавје содржи 6 потпоглавја. На крајот се дадени и таблици на некои позначајни распределби. Ракописот содржи 55 слики и 126 табели.<br>Ракописот даден на рецензија се состои од главните теми кои се неопходни за правилно и целосно разбирање на проблематиката на веројатност и статистика. Секое од потпоглавјата започнува со дефиниции и теореми потребни за разбирање на содржината, по што следуваат бројни решени задачи. Стилот на пишување е јасен, лесно разбирлив, концизен и приспособен за потребите на студентите кои ја изучуваат оваа тематика.<br>Согласно погоре изнесеното, како рецензент, сметам дека овој ракопис е од големо значење за студентите при изучување на темите од веројатност и статистика и дека во голема мера ќе го олесни процесот на совладување на оваа проблематика.<br>Со своите теми и начинот на пристап, оваа збирка ќе биде од корист не само за студентите на соодветната наставна програма |

| | |
|---|---|
| | туку и на сите останати студии каде што се изучуваат темите обработени во оваа збирка решени задачи. |

Врз основа на изнесеното, ми претставува чест и задоволство да го поддржам овој ракопис и да предложам да се отпечати како учебно помагало (збирка решени задачи) по предметите Веројатност и статистика, Математика 3, Бизнис статистика и Основи на теорија на информации, првенствено наменет за студентите на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, но и пошироко, секаде каде што се изучуваат темите обработени во оваа збирка задачи.

Во Скопје, 10.7.2024 г.

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Д-р Наташа Стојковиќ, вонреден професор,**
**Факултет за информатика, УГД, Штип, с.р.**

***Прилог бр. 3***

# РЕЦЕНЗИЈА

**НА РАКОПИСОТ „Природни производи и нивна анализа“ ОД АВТОРИТЕ: проф. д-р Светлана Кулеванова, проф. д-р Ѓоше Стефков, проф. д-р Марија Карапанџова и ДОЦ. д-р Ивана Цветковиќ Каранфилова**

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет донесена на 10.5.2024 година, бр. 02-308/17, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебното помагало за теоретска настава од авторите: проф. д-р Светлана Кулеванова, проф. д-р Ѓоше Стефков, проф. д-р Марија Карапанџова и доц. д-р Ивана Цветковиќ Каранфилова, наменет за студентите на Фармацевтскиот факултет во Скопје, за предметите: Природни производи и нивна анализа и Фитохемија, од студиските програми: Интегрирани студии од прв и втор циклус по фармација и Лабораториско биомедицинско инженерство од прв циклус студии, избрани се проф. д-р Катерина Брезовска и проф. д-р Ана Поцева Пановска.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**IV. ОПШТ ДЕЛ**

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Природни производи и нивна анализа |
| **Назив на предметната програма:** | Природни производи и нивна анализа<br>Фитохемија |
| **Назив на студиската програма:** | Лабораториско биомедицинско инженерство – прв циклус студии<br>Интегрирани студии од прв и втор циклус по фармација |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети): | Фонд на часови: Природни производи и нивна анализа 210<br>ЕКТС-кредити: 7<br>Фонд на часови: Фитохемија 210<br>ЕКТС-кредити: 7 |
| Предметот Природни производи и нивна анализа на Фармацевтскиот факултет, од студиската програма од прв циклус студии – Лабораториско биомедицинско инженерство, е задолжителен предмет со вкупен фонд на часови од 210 часа и 7 ЕКТС. Се слуша во петтиот семестар.<br>Предметот Фитохемија на Фармацевтскиот факултет, од студиската програма Интегрирани студии од прв и втор циклус по фармација, е задолжителен предмет со вкупен фонд на часови од 210 часа и 7 ЕКТС. Се слуша во четвртиот семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот, предаден на рецензија, содржи 361 страница (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 10 поглавја, а литературата е дадена на крајот од ракописот и се состои од 171 референца. Ракописот содржи 243 слики и 3 табели. |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Катерина Брезовска, с.р.**
**Проф. д-р Ана Поцева Пановска, с.р.**

**II ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ:** ПРОФ. Д-Р КАТЕРИНА БРЕЗОВСКА

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот предаден на рецензија се состои од 10 поглавја, и тоа: Вовед, Методи за екстракција и испитување на природни производи, Јаглехидрати, Растителни липиди, Аминокиселини, пептиди, протеини и амини, Цијаногени хетерозиди, Глукозинолати и Сулфиди, Растителни органски киселини, Фенолни и полифенолни соединенија, Терпени и терпеноиди и Алкалоиди.<br>Во првото поглавје, авторите даваат вовед во проблематиката на природни производи. На почетокот, дефинирани се природните производи како органски соединенија изолирани од природни извори, кои се произведуваат по патиштата на секундарниот метаболизам. Во овој дел се опишани изворите на природните производи и е даден краток осврт на нивното значење како фармаколошки активни суспстанции. Авторите наведуваат дека врз база на нивното значење и улогата во животните процеси, органските соединенија во растенијата се делат на две групи: примарни метаболити, или примарни биомолекули, и секундарни метаболити, или секундарни биомолекули. Опишани се и основните метаболитички патишта на организмите за создавање на примарни и секундарни метоболити. При тоа е истакнато дека производите на примарниот метаболизам се неопходни за одвивање на животните процеси, а со метаболитички промени на производите на примарниот метаболизам се создаваат секундарните метаболити, процес карактеристичен за растенијата.<br>Потоа, опишана е улогата на ензимите и конезимите во биохемиските процеси, дадена е нивната дефиниција, поделба и набројани се најначајните ензими и коензими.<br>Од примарните метаболички патишта, опишани се процесите на фотосинтеза, клеточно дишење, создавање на аминокиселини и разградбата на масните киселини и создавање на ацетил CoA.<br>Опишани се и основните метаболитички патишта за создавање на секундарни метаболити: биосинтетски патишта за создавање на фенолни соединенија (патот на шикими киселината, патот на поликетидите и комбинираната биосинтеза за создавање на фенолни соединенија), биосинтезата на терпени (патот на мевалонска киселина), биосинтезата на алкалоиди и биосинтезата на гликозиди (хетерозиди).<br>Истакнати се и биолошката активност и значењето на секундарните метаболити, биолошката улога на секундарните метаболити во растенијата, како и биолошко-фармаколошката активност на секундарните метаболити и нивната практична употреба.<br>Во второто поглавје, опишани се методите на екстракција и испитување на природните производи. Наведени се најчесто користените методи за екстракција на природни производи и даден е краток опис на принципите на овие методи. Истакнати се и предностите на методите на екстракција со супекритични флуиди, екстракција во микробранова печка, ултрасонична |

| | |
|---|---|
| | екстракција, ензимски асистирана екстракција и екстракција со пулсирачко поле, како еколошки прифатливи методи.<br>Авторите даваат и краток осврт на аналитичките методи што се применуваат за идентификација и структурна анализа на природните производи: секундарните метаболити, како и на методите за нивна квантификација: спектроскопските методи (IR, UV/VIS, NMR, MS), хроматографските методи (TLC, HPTLC, HPLC, GC, SFC) и тандем методите (HPLC-UV/VIS, HPLC-MS, GC-MS).<br>Во третото поглавје се опфатени јаглехидратите како едни од главните компоненти на сите живи организми. Во овој дел, наведена е класификацијата на јаглехидратите на: моносахариди, олигомерни сахариди (дисахариди, три, тетра и други олигосахариди) и полисахариди (хомополисахариди и хетерополисахариди). Авторите ја објаснуваат нивната хемиска структура и ги наведуваат изворите за добивање на јаглехидратите, нивните физичко-хемсики карактеристики, како и нивното фармаколошко дејство и употреба во терапевтски цели. Во последниот дел од ова поглавје се опишани методите за екстракција и прочистување на јаглехидратите од природните суровини, аналитичките методи за нивна идентификација, со посебен осврт на хемиските реакции и хроматографските методи за идентификација. Како методи за квантификација на јаглехидратите, наведени се хемиските методи (волуметриски, гравиметриски и колориметриски), физичките методи (полариметриски, индекс на рефракција, густина, спектроскопските методи IR и NMR), ензимските методи и имунохемиските методи.<br>Во четвртото поглавје, дефинирани се липидите, дадена е нивната класификација: едноставни липиди (триглицериди и восоци) и сложени липиди (фосфолипиди, гликолипиди, липопротеини и и др). Дискутирани се хемиската структура и особините на липидите, како и нивната потенцијална употреба во медицински цели.<br>Како клучен чекор во анализата на липидите, наведени се методите за нивна екстракција и прочистување. Посебно е истакнато значењето на суперкритичната екстракција со $CO_2$, како еколошки прифатлив метод. Објаснети се и пристапите за испитување на липидите изолирани од природни производи, што опфаќаат определување на: физичко-хемиските константи, составот на масни киселини, составот на неосапунети материи и структурата на триглицеридите, како и методите за квалитативна и квантитивна анализа. Како најважни методи за таа цел, наведени се HPTLC, LC-MS и GC-MS.<br>Во последниот дел од ова поглавје, авторите ги опишуваат растителните алкини (ацетилени и полиацетилени, како класа на разновидни компоненти што биосинтетски се поврзани со масните киселини, а се создаваат во растенијата, габите, морските организми и животни). Наведено е дека овие соединенија покажуваат широк профил на биоактивност, кој вклучува антитуморно, антибактериско, антимикробно и антифунгално дејство, поради што побудуваат голем научен интерес. Објаснети се нивната структура и патишта на биосинтеза, а опишани се и методите за нивна екстракција и |

| | |
|---|---|
| | испитување. Истакнато е нивното фитофармацевтско значење и можната употреба врз основа на нивната биолошка активност.<br>Во петтото поглавје се опфатени хемиската структура и својствата на аминокиселините, пептидите и протеините од растително потекло и нивното значење и употреба во медицински цели. Од методите за испитување, како најзначајни се наведени методите за определување на вкупни протеини (Kjeldal, Dumas, Биуерет и методот по Брадфорд), а истакнато е и значењето на Едмановата деградација, масената спектрометрија, хроматографските методи, гел-електрофорезата, Western блот анализата, изоелектричното фокусирање и капиларната електрофореза, како методи за определување на аминокиселинскиот состав и идентификација на протеините.<br>Дополнително е дискутирана важноста на сложените протеини (протеиди): лектините, како гликопротеини, хромопротеидите (хлорофил) и биогените амини, како и методите за нивна екстракција, квалитативна и квантитативна анализа.<br>Во шестото поглавје се обработени директните производи на метаболизмот на некои аминокиселини, секундарни метаболити со релативно едноставни структури: цијаногени гликозиди/хетерозиди, глукозинолати или сулфурни хатерозиди, сулфиди и други соединенија со сулфурцијаногените хетерозиди.<br>За секоја група на соединенија, поединечно, авторите ги опишуваат биосинтезата и метаболизмот, хемиската структура и номенклатурата, особините, дејството и употребата во медицински цели и методите за екстракција, идентификација и определување на содржина.<br>Во седмото поглавје се опишани својствата, значењето и примената на растителните органски киселини: монокарбоксилни, дикарбоксилни, алфа-хидроксилни, шеќерни киселини и циклични органски киселини. Авторите даваат и осврт на методите за екстракција и хроматографските методи за прочистување, а од методите за идентификација и квантификација, истакнати се гасната хроматографија, јоноизменувачката хроматографија, реверзно-фазната хроматографија, капиларната електрофореза, нуклеарно-магнетната резонантна спектроскопија и тандем течната хроматографија со масена спектрометрија.<br>Осмото поглавје е посветено на фенолните и полифенолните соединенија, кои претставуваат голема група на природни производи од растително потекло. Авторите ја даваат калсификацијата на полифенолните соединенија врз основа на нивното биосинтетско потекло и врз база на бројот на ароматичните јадра и бројот на јаглеродните атоми во страничната низа. Наведена е општоприфатената класификација на полифенолите во трите основни групи: фенолни киселини, флавоноиди и останати полифеноли и нивните подгрупи. Во продолжение, авторите детално ги опишуваат својствата, биосинтезата, фармаколошката активност, како и значењето на: едноставните феноли и фенолни хетерозиди (гликозиди), фенолните киселини и фенилетаноиди, растителните кумарини, лигнаните, |

| | |
|---|---|
| | неолигнаните и сличните производи, гингеролите и куруминоидите, фенилпропаноидите со продолжена странична низа (стилбеноиди, стирилпирони, ксантони), флавоноидите од групата на 2-фенил-бензо-ϒ-пирони, (флавони и флавоноли, флаванони и дихидрофлавоноли), флавоноидите од групата на 2-фенил-бензо-ϒ-пирани (катехини и леукоантоцијанидини, антоцијанидини / антоцијани), флавоноидите со отворен пропански низ или со фурански прстен (халкони и дихидрохалкони, аурони), флавоноидите од групата на 3-фенил-бензо-ϒ-пирони (изофлавони), танините (хидролозирачки и кондензиран), растителните хинони (бензохинони, нафтохинони и антрони, антраноли и антрахинони) и флороглуцинолите и фитоканабиноидите. За секоја од овие групи на соединенија, наведени се и методите на екстракција и прочистување, како и аналитичките методи за квалитативна и квантитативна анализа.<br>Терпените и терпеноидите се обработени во деветтото поглавје. На почетокот на ова поглавје, авторите ги дефинираат како ароматични компоненти одговорни за вкус и мирис на растенијата и ги набројуваат нивните физички, хемиски, фитохемиски и фармаколошки карактеристики, ги образложуваат општите принципи за биосинтеза на сите групи терпеноиди и ја даваат нивната класификација. Во овој дел се наведени и општите методи за екстракција и разледување на термпените, како и методите за разјаснување на нивната структура.<br>Во следниот дел од ова поглавје, детално се обработени етеричните масла, како секундарни метаболити во растенијата, кои содржат соединенија со терпеноидна структура. Наведени се нивните особини, хемискиот состав, нивната распространетост, како и локализацијата во различните органи на растенијата. Потоа, авторите ги образложуваат постапките за нивно добивање, дејството и употребата во медицински цели, преку соодветни примери, токсичноста на етеричните масла при несоодветна примена, како и нивната употреба во индустриски цели. Како главни компонентни на етеричните масла се издвоени монотерпените, сесквитерпените, ароматичните соединенија и нискомолекуларните алкохоли, алдехиди и естери. Од методите за анализа на етеричните масла, дискутирани се конвенционалните и иновативните методи за екстракција, како и аналитичките методи за испитување: органолептичките, физичките и хемиските константи и хроматографските методи.<br>Во ова поглавје се опфатени и иридоидите (вистински иридоиди, валепотријати, секоиридоиди), сесквитерпенските лактони, дитерпените (ациклични и циклични) и дитерпеноидите, сестерпеноидите, тритерпените и стероидите (сапонини, стероидни и тритерпенски сапонини, растителни стероли, кардиоточнични хетерозиди) и тетратерпените (каротеноиди). Авторите на јасен и едноставен начин ги обработуваат својствата, биосинтезата, фармаколошкото дејство, употребата, како методите за анализа (екстракција и квалитативна и квантитативна анализа) на овие соединенија. |

| | |
|---|---|
| | Во последното, десетто поглавје на ракописот, се обработени основните биосинтетички патишта, класификацијата, физичко-хемиските карактеристики, фармаколошката активност и употребата на алкалоидите. При тоа се опфатени следните групи на алкалоиди: производи на орнитинот и на лизинот (тропански алкалоиди, пиролизидински алкалоиди, пиперидински алкалоиди, пиридински алкалоиди); производи на фенилаланинот и тирозинот (фенилетиламински алкалоиди и изохинолински алкалоиди); производи на триптофанот (триптамини и β-карболински алкалоиди, езерински алкалоиди, ергот алкалоиди, монотерпенски-индолни алкалоиди); производи на хистидинот; терпенски алкалоиди (моно и сесквитерпенски алкалоиди и стероидни алкалоиди) и пурински алкалоиди. На крајот од ова поглавје се наведени постапките за екстракција и прочистување на алкалоидите и методите за нивна идентификација и квантитативно орпеделување. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Учебното помагало е во согласност со предметната програма. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Не се потребни дополнителни корекции. |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот е соодветно структуриран да одговара на предметната програма за Фитохемија и Природни производи и нивна анализа, на студиските програми: Интегрирани студии од прв и втор циклус по фармација и Лабораториско биомединцинско инженерство од прв циклус студии, соодветно, акредитирани на Фармацевтскиот факултет при УКИМ во Скопје.<br>Стилот на пишување на авторите е јасен и концизен, што ја прави книгата лесна за разбирање за студентите. Структурата на текстот во ракописот е логична, со добро дефинирани поглавја и потпоглавја. Содржината е сеопфатна и богата со детални информации за структурата, својствата, фитотерапевтската активност, како и за методите за изолација, прочистување, квалитативна и квантититвна анализа на природните производи. Цитираната литература потврдува дека во текстот се инкорпорирани релевантни податоци од најновите истражувања за природните производи, што ја прави оваа книга драгоцен извор на знаење за студентите од областа на фитохемијата, фармакогнозијата и фитотерапијата. Авторите на едноставен начин го пренесуваат своето знаење во образложување на хемизмот, биолошката активност и можните придобивки за здравјето од секундарните метаболити во храната. Една од најголемите предности на книгата е нејзиниот детален и систематски пристап кон методите за анализа на природните производи.<br>Ракописот е одлично приспособен на обемот и целите, содржината и очекуваните резултати за совладување на наставната програма по предметите Фитохемија и Природни производи и нивна анализа, и претставува есенцијална литература што студентите можат да ја користат не само во актуелни цели, туку и во идни професионални перспективи. |

| | |
|---|---|
| **Категоризација:** | Учебно помагало |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот предаден на рецензија содржи 361 страница (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 10 поглавја, а користената литература е цитирана во дополнително поглавје. На крајот од книгата е дадена листа на кратенки користени во текстот. Ракописот содржи 235 слики и 3 табели.<br>Овој ракопис е подготвен во согласност со потребите на профилите фармацевт и лабораториски биоинженер и, како таков, им овозможува на студентите да се здобијат со знаења за природните производи и нивната улога како фармаколошки активни суспстанции, како и за методите за нивна изолација, прочистување и квалитативна и квантитативна анализа. |

Врз основа на изнесеното, ми претставува голема чест и задоволство да го поддржам овој ракопис и да предложам тој да се отпечати како учебно помагало по предметите Фитохемија и Природни производи и нивна анализа, за студентите на студиските програми Интегрирани студии од прв и втор циклус по фармација и Лабораториско биомедицинско инженерство од прв циклус студии, соодветно, на Фармацевтскиот факултет при УКИМ во Скопје.

Скопје, јули 2024 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**

**Проф. д-р Катерина Брезовска, с.р.**

**II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ:** ПРОФ. Д-Р АНА ПОЦЕВА ПАНОВСКА

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот кој е предаден на рецензија дава детален преглед на структурата, карактеристиките, дејството и употребата, како и начините на екстракција и испитување на примарните и секундарните метаболити како биомолекули. Ракописот се состои од 10 поглавја, односно поглавјата: 1. Вовед, 2. Методи на екстракција и испитување на природни производи, 3. Јаглехидрати, 4. Растителни липиди, 5. Амино киселини, пептиди, протеини и амини 6. Цијаногени хетерозиди, глукозинолати и сулфиди, 7. Растителни органски киселини, 8. Фенолни и полифенолни соединенија, 9. Терпени и терпеноиди и 10. Алкалоиди. На крајот е цитирана литература од вкупно 171 цитирана референца, што е користена при пишување на овој текст. Дополнително, наведена е листа на кратенки користени во текстот, како и листи на табели и слики.<br>Во првото поглавје е даден вовед, кој се однесува на дефинирање на примарните и секундарните метаболити, како и основните метаболитички патишта во кои тие се создаваат и разградуваат. Особен осврт е даден на метаболитичките патишта значајни за создавање на секундарните метаболити (фенолните соединенија, терпените и алкалоидите). Авторите ги наведуваат биосинтетските патишта за создавање на фенолни соединенија, вклучувајќи го патот на шикими киселината, патот на поликетидите, како и комбинираната биосинтеза за создавање на фенолни соединенија; биосинтеза на терпени преку патот на мевалонската киселина; биосинтеза на алкалоиди и биосинтеза на гликозиди (хетерозиди). Дополнително, авторите ги објаснуваат биолошко-фармаколошката активност и значење на секундарните метаболити.<br>Второто поглавје, кое се однесува на методите на екстракција и испитувањето природни производи, вклучува осврт на најчесто користените техники на екстракција на природни производи, како класичните техники на екстракција (екстракција со растворувач, цврсто-фазна екстракција), со осврт на техники кои подразбираат еколошки прифатлива екстракција (екстракција со супекритични флуиди, екстракција во микробранова печка, улстрасонична екстракција, ензимски асистирана екстракција). Дополнително, авторите даваат осврт на техниките за изолација и пречистување на секундарните метаболити, вклучувајќи ги хроматографските техники, како и современите имунохемиски техники што се користат. Понатаму, во поглавјето се наведени спектроскопски методи како ултравиолетово видлива (UV-Vis) спектроскопија, NMR (нуклеарно магнетно резонантна) спектроскопија, масена спектрометрија (MS) и IR (инфрацрвена) спектроскопија, како техники кои се користат за структурна анализа на природните производи, како и техники за квалитативна и квантитативна анализа на секундарните метаболити во растителен материјал или растителен екстракт. Авторите се осврнуваат на фитохемискиот скрининг што претставува едноставна, брза и евтина процедура која дава брз одговор за различните видови секундарни метаболити во смесата и претставува важна алатка во анализите на биоактивните соединенија. Фитохемиската анализа вообичаено се изведува со користење на стандардни техники, како што се: TLC, високоперформансна тенкослојна хроматографија (high-performance TLC, HPTLC), HPLC, GC и, од неодамна, масена спектрометрија и спектрометрија на нуклеарна магнетна резонанца, |

| | |
|---|---|
| | како и различни тандем техники (GC-MS, LC-MS, LC-NMR, LC-CE, LC-IR).<br>Во третото поглавје, „Јаглехидрати“, опфатена е класификацијата на јаглехидратите на моносахариди, олигосахарди и полисахаридите. Притоа, секоја од класите е засебно опишана и супкласифицирана. Понатаму, дадени се постапки за екстракција, прочистување и разделување на едноставни сахариди (моно- и дисахардии и помали олигосахарди) и полисахариди, како и методи за идентификација и квантификација на јаглехидратите.<br>Четвртото поглавје, „Растителни липиди“, дава осврт на класификацијата на липидите и, понатаму, врз основа на производите на нивна хидролиза, ги разгледува групите на едноставни липиди (триглицериди и восоци) и сложени липиди (фосфолипиди, свинголипиди и други сложени липиди). Покрај хемиската структура и физичко-хемиските карактеристики, наведено е и нивното значење и употреба. Понатаму, даден е осврт на методите за екстракцијата на липидите, нивно изолирање и пречистување. На крајот се наведени сите значајни испитувања за идентификација и анализа на липиди во определен природен материјал. Поглавјето завршува со делот за растителни алкини (ацетилени и полиацетилени), каде што авторите ја обработуваат нивната биосинтеза, биолошка активност, фитофармаколошко значење и можната употреба, давајќи осврт и на техниките за нивна екстркција и испитување.<br>Поглавјето „Аминокиселини, пептиди, протеини и амини“ дава осврт на основните карактеристики на овие соединенија, нивната структура и дејства, значење и употреба. За испитување на овие соединенија, авторите ги наведуваат најзначајните методи, и тоа за определување на содржината на вкупни протеини, Кјелдаловиот метод, Думасовиот метод и UV-Vis-спектроскопските методи, вклучително биуретскиот метод и методот по Брадфорд. Дополнително, даден е осврт на техники за разделување на протеински смеси, како полиакриламид гел-електрофореза, изоелектрично фокусирање, хроматографски техники и идентификација на сепарираните протеини со имуноблот или техники како едманова деградација и масена спектрометрија. Во ова поглавје, во делот на сложени протеини – протеиди, обработени се гликопротеините – лектиди, хромопротеиди, каде што спаѓаат хлорофилот и хемоглобинот, соединенија со физиолошко значење. Биогените амини, биолошки активни молекули кои содржат една или повеќе аминогрупи поврзани за основниот алифатичен, ароматичен или хетероцикличен прстен, се обработени во ова поглавје преку прикажување на нивните основни карактеристики, нивното значење и методите за нивна екстракција, прочистување, идентификација и квантификација.<br>Во поглавјето со наслов: „Цијаногени хетерозиди, глукозинолати и сулфиди“, се обработуваат директните производи на метаболизмот на некои аминокиселини, кои претставуваат секундарни метаболити. За секоја група на соединенија: цијаногени хетерозиди, глукозинолати или сулфурни хетерозиди и сулфиди и други соединенија со сулфур, поединечно авторите ги опишуваат биосинтезата, структурата, карактеристиките, дејството и употребата. На крајот, даден е осврт на пристапите за екстракција и испитување на овие соедиенија.<br>Во седмото поглавје, „Растителни органски киселини“, авторите ја даваат поделбата на овие карбоксилни киселини, и тоа врз основа на |

| | |
|---|---|
| | бројот на карбоксилни групи кои ги содржат (монокарбоксилни и дикарбоксилни), природата на јаглеводородниот синџир за кој е поврзана карбоксилната група (алифатичен, ароматичен, хетероцикличен), супституираноста со други функционални групи. Притоа, авторите се задржуваат на карактеристиките на најзначајните претставници на монокарбоксилните киселини, дикарбоксилните киселини, алфа-хидрокси киселините, шеќерните киселини и цикличните органски киселини. Понатаму, даден е преглед на постапки за екстракција и прочистување, идентификација и квантификација на растителните органски киселини.<br>Во рамките на осмото поглавје, „Фенолни и полифенолни соединенија“, авторите ја објаснуваат класификацијата на оваа група соединенија и даваат општ осврт на биосинтезата на полифенолите. Во продолжение, авторите детално ги обработуваат класите на секундарни метаболити од типот на едноставни феноли и фенолни хетерозиди, фенолни киселини и фенилетаноиди. Покрај наведените секундарни метаболити, обработени се и следниве групи соединенија: кумарини (хидрокси и метокси кумарини, фуранокумарини, пиранокумарини и други кумарински производи), лигнани, неолигнани и слични производи, гингероли и куркуминоиди, фенилпропаноиди со продолжена странична низа (стилбеноиди, ксантони и стиролпирони), флавоноиди, меѓу кои вистинки (правилни) флавоноиди (флавони и флавоноли, флаванони и дихидрофлавоноли), флавоноиди од групата на 2-фенилбензо-γ-пирани (катехини и леукоантоцијани, и антоцијанидини/антоцијани) флавоноиди со пропанска низа или со фурански прстен (халкони, дихидрохалкони и аурони), флавоноиди од групата на 3-фенилбензо--γ-пирони (изофлавоноиди) танини (хидролизирачки и кондензирани танини), хинони (бензохинони, нафтохинони, антрони, антраноли и антрахинони) и Флороглуциноли и (фито)канабиноиди. На сите наведени групи фенолни соединенија, опишана е нивната хемиска структура и карактеристики, биолошко-фармаколошката активност, значењето и употребата на овие класи на соедиенија. Дополнително наведени се методите за екстркција и прочистување, идентификација и квантификација на растителните компоненти на секоја од наведените групи на фенолни/полифенолни соединија.<br>Деветтото поглавје, „Терпени“, се однесува на секундарните метаболити со терпеноидна структура. Во почетокот на ова поглавје, авторите даваат преглед на карактеристиките на терпените и општите методи за нивна екстракција, поделени на конвенционални и еколошки подобни екстрактивни методи. Понатаму ги образложуваат општите принципи на биосинтезата на сите групи терпеноиди, како и класификацијата на терпените врз основа на бројот на изопренски единици. Во продолжение, обработени се етеричните масла како секундарните метаболити со терпеноидна структура, и тоа нивните карактеристики и хемискиот состав, со осврт на присутни компоненти како монотерпените (ациклични, моноциклични, бициклични), сесквитерпени, ароматични соединенија и други компоненти кои најчесто се јавуваат во нивниот состав. Авторите даваат осврт на екстрактивните техники за добивање и испитување на етеричните масла, нивното дејство и токсичност, како и нивната употреба. Понатаму се обработува групата на иридоиди кои се монотерпенски соединенија со специфична хемиска градба која вклучува кондензиран циклопентански и α-пирански прстен. Дадени е приказ на |

| | |
|---|---|
| | биосинтетските патишта на овие соединенија, нивната хемиска структура и обработени се класите на: вистински иридоиди, валепотријати, секоиридоиди. Дополнително, даден е осврт на начините за екстракција и испитување на иридоидите. Понатаму, авторите во текстот се осврнуваат на сесквитерпенските лактони (структура, биосинтеза, класификација, употреба и токсичност) и методите за екстракција и испитување на овие соединенија. Следно, прикажани се: дитерпени и дитерпеноиди, терпенски соединенија со 20 јагледордни атоми, поделени во однос на структурата на ациклични и циклични (полициклични) дитерпени. Прикажана е нивната биолошка улога во растенијата, биолошко-фармаколошкото дејство, значењето и нивната употреба, како и методите за екстракција и испитување на дитерпените. За групата на тритерпени и стероидни соединенија, обработени се подгрупите на сапонини – стероидни и тритерпенски сапонини, при што се прикажани биосинтетските патишта, нивната детална структура, како и нивното дејство и употреба, како и методите за нивна екстракција и испитување. Понатаму се прикажани и подгрупите на растителните стероли (фитостероли и нивни естери) и кардиотонични хетерозиди. Тетратерпените, односно каротеноидите, како група на терпените/терпеноидите, се, исто така, детално структурно карактеризирани, со податоци за нивното значење и употреба, како и осврт на методите за нивна екстракција и испитување.<br>Последното поглавје се однесува на алкалоидите и е поделено во неколку поднаслови, главно врз основа на биосинтетското потекло на алкалоидите. Во поглавјето се обработуваат следните групи на алкалоиди: алкалоиди што се произведи на орнитин и лизин (тропански алкалоиди, пиролизидински алкалоиди, пиперидински алкалоиди, пиридински алкалоиди), алкалоиди што се произведи на фенилаланин и на тирозин (фенилетиламинските алкалоиди, изохинолински алкалоиди), алкалоиди што се произведи на триптофан (триптамини и β-карболински алкалоиди, езерински алкалоиди, ергот алкалоиди и монотерпенски индолни алкалоиди), алкалоиди што се произведи на хистидин, терпенски алкалоиди (моно и сескви терпенски алкалоиди, стероидни алкалоиди) и пурински алкалоиди. Во прикажаните групи на алкалоиди, дадени се опсежни податоци кои се однесуваат на структурата, биосинтетиските патишта на настанување, како и информации за значењето и употребата на овие групи алкалоиди. Последниот дел се однесува на методите кои се користат за екстракција, прочистување и изолација, идентификација и квантификација на алкалоидите. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Учебното помагало е во согласност со предметната програма за Природни производи и нивна анализа и Фитохемија на студиските програми од прв циклус студии – Лабораториско биомедицинско инженерство и Интегрирани студии од прв и втор циклус по фармација, соодветно. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Не се потребни дополнителни корекции. |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот е соодветно структуриран да одговара на предметната програма за Природни производи и нивна анализа и Фитохемија, на студиските програми од прв циклус студии – Лабораториско |

| | |
|---|---|
| | биомедицинско инженерство и Интегрирани студии од прв и втор циклус по фармација, соодветно, акредитирани на Фармацевтскиот факултет при УКИМ во Скопје.<br>Во ракописот рационално се обработени расположливите податоци од обласга природните производи и нивната аназлиа. Притоа, јасно и концизно се прикажани хемиските карактеристики, патиштата на биосинтеза, биолошката активност, како и современите пристапи за изолација, прочистување, идентификација и квантификација на примарните и секундарните метаболити во природните производи. И покрај специфичноста и сеопфатноста на темите, текстот е лесно читлив и разбирлив и на едноставен начин ја приближува материја што авторите ја обработуваат.<br>Предложениот материјал е соодветен на обемот и целите, содржината и очекуваните резултати за совладување на наставната програма по предметите Фитохемија и Природни производи и нивна анализа. Ракописот овозможува лесно совладување на испитната материја, темелно учење, како и надградување на знаењата во идни професионални перспективи. |
| **Категоризаци-ја:** | учебно помагало |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 361 страница (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 10 поглавја, а користената литература е цитирана во засебно поглавје. Ракописот содржи 243 слики и 3 табели.<br>Ракописот одговара на потребите на профилот фармацевт и лабораториски биоинженер и, како таков, им овозможува на студентите да се здобијат со знаења за природните производи, како и за методите за нивна анализа. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам неговото издавање како учебно помагало по предметот Природни производи и нивна анализа, наменет за студентите од студиската програма од прв циклус студии – Лабораториско биомедицинско инженерство и предметот Фитохемија за студентите на студиската програма Интегрирани студии од прв и втор циклус по фармација на Фармацевтскиот факултет при УКИМ во Скопје.

Скопје, јули 2024 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**

**Проф. д-р Ана Поцева Пановска, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ
### 3. Докторски дисертации

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | м-р Ѓултене Реткоцери | „Перцепциите на професионалците и на родителите на деца со развојни тешкотии во Косово“ | "Perceptions of activities and of other children with developmental activities in Kosovo" | Проф. д-р Александра Каровска Ристовска | 10-322/15 од 3.7.2024 год. |
| 2. | м-р Калтрина Османи Муртај | „ Родителски вештини и компетенции на наставникот за работа со деца со тешкотии во развојот“ | "Parenting skills and teacher competencies for working with children with developmental difficulties" | Проф. д-р Наташа Станојковска Трајковска | 10-357/15 од 3.7.2024 год. |
| 3. | м-р Ермира Татеши | “Рефрактивни грешки кај децата на училишна возраст” | “Refractive errors in school-age children" | Проф. д-р Даниела Димитрова Радојчиќ | 10-467/11 од 3.7.2024 год. |
| 4. | м-р Бојан Богдановски | “Процена на фонолошка способност кај деца со развојни нарушувања” | “Assessment of phonological ability in children with developmental disorders” | Проф. д-р Наташа Станојковска Трајковска | 10-116/15 од 3.7.2024 год. |

# П Р Е Г Л Е Д

**НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

**2. Магистерски трудови**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Стефанија Костадиновска | “Регрутирање и селекција на кандидати во компании со брендирани производи” | “Recruitment and selection of candidates in companies with branded products” | Проф. д-р Сунчица Димитријоска | 10-1408/3 од 3.7.2024 год. |
| 2. | Ведрана Стојкоска – Андријевска | “Влијанието на зрелоста на ракописот врз брзината на читање кај учениците од одделенска настава” | “The influence of the maturity of the handwriting on the reading speed of students from grade school” | Проф. д-р Александра Каровска Ристовска | 10-97/4 од 3.7.2024 год. |
| 3. | Ана Никодиноска Митровиќ | “Компетенциите на воспитувачите за примена на дигиталните технологии во воспитно-образовните активности во детските градинки” | “The competencies of educators for the application of digital technologies in educational activities in kindergartens” | Проф. д-р Вера Стојановска | 10-802/3 од 3.7.2024 год. |

# П Р Е Г Л Е Д

## ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ„ БЛАЖЕ КОНЕСКИ“

## 2024

### 3. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | м-р Марија Антевска | „Македонскиот политички дискурс од јазично-стилски аспект: анализа на рекламите во предизборните кампањи“ | Macedonian political discourse from a linguo-stylistic perspective:an analysis of advertisements in election campaigns | проф. д-р Симон Саздов | 8.7.2024 10-348/9 |

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД ВО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ

| *Ред. бр.* | *Име на кандидатот* | *Наслов на темата* | *Ментор* | *Одлука од Научен совет* |
|---|---|---|---|---|
| *1.* | Елена Петровска-Дробицки | „Менаџирање на финансии на здравствена установа” „Financial management of a healthcare institution“ | д-р Биљана Ангелова | Одлука бр. 02 – 676/2 од 5.7.2024 година |

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ОД НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО ВО ИНСТИТУТОТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА (УКИМ – ИЗИИС) ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ на 29 јуни 2024 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања од наставно-научна област земјотресно инженерство и врз основа на Одлуката на Научниот совет, бр. 09-1215/1 од 28 јуни 2024 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Владо Мицов, претседател, проф. д-р Игор Ѓорѓиев и вонр. проф. д-р Марија Витанова, член.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија, за избор на наставник во сите наставно-научни звања од наставно-научна област земјотресно инженерство во Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (УКИМ – ИЗИИС) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предвидениот рок се пријави кандидатот д-р Борјан Петрески, вработен во Институтот како асистент во Одделот за инженерски конструкции и софтвер.

Рецензентската комисија ја разгледа пријавата на кандидатот, заедно со доставените прилози: кратка биографија, преглед на наставно-научна и стручно-апликативна дејност, список на објавени научни и стручни трудови и други активности и доказите за стекнат степен – доктор на технички науки и за познавање на странски јазик.

Врз основа на извршениот преглед на доставената документација, личното познавање, како и долгогодишната соработка со кандидатот, а во согласност со одредбите од Законот за високото образование и релевантните правилници на УКИМ, Рецензентската комисија го поднесува следниов извештај.

### 1 Биографски податоци и образование

Кандидатот д-р Борјан Петрески е роден на 18.6.1991 година во Охрид. Средно образование завршил во ПСУ „Јахја Кемал“ во Струга со одличен успех и признание за првенец на генерација. Во учебната 2010/2011 година се запишал на Градежниот факултет во Скопје. Дипломирал на 12.8.2014 година, со просечен успех 9,31. За време на додипломските студии, избран е за соработник-демонстратор на Катедрата за бетонски и дрвени конструкции при Градежниот факултет во Скопје.

Во учебната 2014/2015 година се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Империјал колеџот во Лондон. Студиите ги завршил на 1.11.2015 година, стекнувајќи се со диплома на Империјал колеџ со заслуги и научен степен магистер на науки од областа на земјотресното инженерство. Магистерскиот труд со наслов: „Подобрено оценување и проектирање на челични моментни рамки подложени на товар од реален земјотрес“ го одбранил на 8.9.2015 година.

Во моментов е во редовен работен однос како асистент во Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје.

Докторска дисертација пријавил во 2021 година на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје на тема: „Кон имплементација на само-центрирачки челични рамки со центрични спрегови“. Во рамки на докторските студии и неформалното образование учествувал на повеќе студиски престои, курсеви, стручни обуки, семинари и работилници од областите на: напредна анализа на конструкциите, применета математика во инженерски апликации, примена на еврокодовите во градежништвото, земјотресно инженерство врз основа на однесување и сл. Учесник е на семинар Заеднички темели во Осиек, Хрватска во 2016 година, летните школи Forecast Engineering на Универзитетот Баухаус во Вајмар, Германија во 2017 година и Eurocodes Balkan Summer School организирана од JRC, Испра, Италија во 2021 година, курсот Applied and computational mathematics in engineering

application во Авеиро, Португалија во 2022 година во рамки на проектот PARFORCE, докторскиот курс Performance-Based Earthquake Engineering во Павија, Италија во 2022 година и семинарот Induced Seismicity Effects on the Built Environment, Energy Production, Transportation and Storage во Гронинген, Холандија во 2023 година.

Како потврда за неговите резултати во рамки на студиите, добитник е на неколку награди и стипендии, меѓу кои: стипендија за еден одличен студент по градежништво од страна на компанијата ФАКОМ АД Скопје во периодот од 2012 – 2014 година, целосна стипендија од Турската амбасада во Скопје за додипломски студии во Турција, целосно ослободување од партиципација за најдобрите 3 студенти по градежништво на Градежниот факултет во Скопје, целосна стипендија од Министерството за образование и наука за стипендирање на студенти запишани на најдобрите 100 универзитети во светот, магистерска теза наградена со заслуги при Империјал Колеџ во Лондон и стипендија од Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија за докторски студии. Во 2023 година остварил меѓународен престој во Павија, Италија, во рамките на програмата ЕРАЗМУС + за мобилност за обука на наставен кадар на Институтот за напредни студии во Павија, Италија.

Кандидатот активно се служи со македонскиот, англискиот и турскиот јазик, како и со сите поранешни југословенски јазици. Исто така, ги користи и најрелевантните напредни софтверски пакети поврзани со областа во која делува.

## 2 НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКИ, НАСТАВНО-ОБРАЗОВНИ И СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ

**<u>Наставно-образовна дејност</u>**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ – Градежен факултет, Скопје, кандидатот д-р Борјан Петрески изведувал аудиторни вежби на прв циклус студии на студиската програма Градежништво на предметите од Катедрата за бетонски и дрвени конструкции: Армиран бетон, Основи на дрвени конструкции, Технологија на бетон и Градежни конструкции.

Како асистент, држи предавања, вежби и консултации на втор циклус студии на УКИМ – Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје по предметите од Одделот за инженерски конструкции и софтвер, како и по предметите Челични конструкции и Проектирање на инженерски челични конструкции. Во склоп на наставно-образовната дејност, во изминатиот период, во соработка со колегите од Одделот за инженерски конструкции и софтвер, учествувал во подготовка и дополнување на интерните скрипти и материјали за предавања по неколку предмети. Учествувал и во курсот ShakeItUp на Метрополитан Универзитетот во Тирана со предавањето: Асеизмичко проектирање на челични конструкции.

Детален пресек на наставно-образовните активности на кандидатот д-р Борјан Петрески се дадени во Образец 2, кој е составен дел од овој реферат.

**<u>Научноистражувачка дејност</u>**

Паралелно со наставно-образовната и стручно-применувачката дејност, кандидатот д-р Борјан Петрески активно учествува во низа активности поврзани со научноистражувачката дејност. Своите истражувања, главно, ги реализира во областите на земјотресното инженерство, експерименталните истражувања, земјотресното инженерство врз база на однесување и нелинеарна анализа во градежното инженерство. Фокусот на истражувањата му е насочен кон подобрување на сеизмичката отпорност на постојни и нови конструкции, како и кон примената на нелинеарни методи за анализа при евалуација на одговорот на пресеците, елементите и конструкциите при дејство на земјотрес и други исклучителни оптоварувања.

Д-р Борјан Петрески има објавено повеќе од 20 научни труда од областа на градежништвото во зборници од научни собири. Исто така, има објавено и 1 труд во списанието Scientific Journal of Civil Engineering <u>со наслов: „Safety Assessment of Bridge Structures Exposed to Earthquake Hazard</u>“. Во јули 2013 година учествувал на научната конференција GFOS ISUCCES во Осиек, Хрватска, каде што неговиот труд „Experimental Procedure for Slip Factor Determining at Connections with Preloaded Bolts“ бил избран меѓу најдобрите 3 труда и награден со објавување во меѓународното научно списание e-GFOS journal. Научни текстови, на кои кандидатот е автор, се објавени и во некои популарни списанија од областа на градежништвото. Учесник е на повеќе конференции од областа на градежното и земјотресното инженерство, каде што ги презентирал

своите трудови. На конференцијата CroCEE во Загреб, Хрватска во 2023 година, добил награда за најдобра презентација во рамки на специјалната сесија за докторанди.

Во изминатиот период кандидатот бил учесник и на 3 меѓународни проекти во кои учествувал со извршување на анализи на конструкции (INFRANAT, CRISIS и NATURE-DEMO) и експериментални истражувања (SERA).

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Кандидатот д-р Борјан Петрески активно е вклучен во стручно-апликативната работа во соработка со колегите од Одделот за инженерски конструкции и софтвер, како и со останатите колеги од Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје. Учествува во изработка на поголем број стручни мислења, проценки на конструкции, оцени за сеизмичката стабилност, определување на динамичките карактеристики и експериментални испитувања со недеструктивни методи за објекти од високоградбата и инженерски објекти.

Сознанијата и искуствата стекнати при реализацијата на стручно-применувачката дејност редовно ги споделува со колегите од струката преку учество и објавување на трудови на стручни собири и симпозиуми. Автор е на прирачник за примена на Еврокодот 3 за проектирање на челични конструкции. Член е на Комората на овластени архитекти и инженери и поседува Овластување А за проектирање од областа на градежништвото. Исто така, член е и на Македонската асоцијација за земјотресно инженерство (членка на Европската и Светската асоцијација за земјотресно инженерство) – МАЕЕ, Меѓународната асоцијација за мостовско и градежно инженерство (IABSE) и StEER – здружението за извидување на екстремни настани под закрила на NHERI од САД. Во рамки на активностите за брза процена на конструкциите по екстремни настани, учествувал во неколку мисии, како: брза процена на оштетувањата по поплавата во Скопје во 2016 година, брза процена на оштетувањата по земјотресот во Скопје во 2016 година, брза процена на оштетувањата по серијата земјотреси во Охрид во 2017 година. Учесник е во тим за виртуелна процена по земјотресот во Кахраманмараш во Турција во 2023 година и учесник во тим за виртуелна процена по земјотресот во Хуалиен во Тајван во 2024 година.

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен во работата на стручни комисии и работни групи при Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија и Институтот за стандардизација, и тоа како:

- Член на работна група 3 при ТК40, Еврокодови и национални анекси, Еврокод 3: Проектирање на челични конструкции, формиран од Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија;
- Член на работна група 4 при ТК40, Еврокодови и национални анекси, Еврокод 4: Проектирање на спрегнати конструкции, формиран од Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија;
- Член на работна група 9 при ТК40, Еврокодови и национални анекси, Еврокод 9: Проектирање на алуминиумски конструкции, формиран од Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија;
- Член на комисија за јавни набавки при Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија од 2017 – 2023 година.

Учесник бил и како член на организациски тим на 15. Меѓународен научен симпозиум на Друштвото на градежни конструктори на Македонија во Струга во 2013 година.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Борјан Петрески. Кандидатот има високи професионални и етички квалитети и изграден капацитет за реализирање на наставно-образовна и научноистражувачката работа во доменот на земјотресното инженерство и инженерската сеизмологија.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот до денес, Комисијата заклучи дека д-р Борјан Петрески ги поседува потребните научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

ги исполнува сите услови да биде избран во звањето доцент во наставно-научната област земјотресно инженерство.

Според гореизнесеното, Комисијата има посебна чест и задоволство да му предложи на Научниот совет на УКИМ – ИЗИИС, Скопје, д-р Борјан Петрески да биде избран во звањето **доцент** во **наставно-научната област земјотресно инженерство.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Владо Мицов, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Игор Ѓорѓиев, член, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Марија Витанова, член, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Борјан Синиша Петрески
**Институција:** УКИМ – ИЗИИС
**Научна област:** земјотресно инженерство

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: **9,31**<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: **9,00 B (ЕКТС)** | **да** |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: земјотресно инженерство (20703), поле: градежништво (207), подрачје: техничко технолошки науки (2). | **да** |
| 3 | Објавени најмалку четири научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | **да** |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br><br>1. Назив на научното списание: Scientific Journal of Civil Engineering (SJCE)<br>2. Меѓународен уредувачки одбор:<br>- вкупен број членови: 25<br>- број и припадност по земји: РС Македонија (6), Србија (3), Црна Гора (2), Хрватска (1), Словенија (2), Австрија (1), Турција (1), Франција (1), Холандија (1), Италија (1), Португалија (1), Кина (1), Данска (1), Швајцарија (1), Германија (1), Чешка (1)<br>3. Наслов на трудот: Safety Assessment of Bridge Structures Exposed to Earthquake Hazard<br>4. Година на објава: 2019 | **да** |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД | **да** |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 1. Назив на научното списание: eGFOS<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: Хрватска<br>3. Наслов на трудот: Experimental Procedure for Slip Factor Determining at Connections with Preloaded Bolts<br>4. Година на објава: 2013 | |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br><br>[1]<br>1. Назив на зборникот: The online collection for conference papers in civil engineering<br>2. Назив на меѓународниот собир: Nordic Steel Copenhagen 2019, The 14th Nordic Steel Construction Conference<br>3. Имиња на земјите: Данска, Германија, Норвешка, Романија, Турција, Чешка, Австрија, Словачка, Финска, Белгија, Шведска, Обединетото Кралство, Австралија, Холандија, Португалија, Унгарија<br>4. Наслов на трудот: Strength and stiffness deteriorationmaterial influence on demand parameters in steelmoment frames<br>5. Година на објава: 2019<br><br>[2]<br>1. Назив на зборникот: Proceedings of the 2nd Croatian Conference on Earthquake Engineering<br>2. Назив на меѓународниот собир: 2nd Croatian Conference on Earthquake Engineering – 2CroCEE<br>3. Имиња на земјите: Хрватска, Швајцарија, Канада, Португалија, Италија, Словенија, Србија, Обединетото Кралство, Нов Зеланд, Грција, Босна и Херцеговина, Црна Гора, РС Македонија, Албанија, САД<br>4. Наслов на трудот: The Influence of Section Sides Ratio of Rectangular Column on Seismic Response of RC Building<br>5. Година на објава: 2023 | **да** |
| 4 | Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа<br><br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: диплома за завршени магистерски студии на англиски јазик<br>3. Издавач на документот: Imperial College London<br>4. Датум на издавање на документот: 1.11.2015 год. | **да** |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност. | **да** |

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 4 (четири) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Владо Мицов, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Игор Ѓорѓиев, член, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Марија Витанова, член, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Борјан Синиша Петрески
**Институција:** УКИМ – ИЗИИС
**Научна област:** земјотресно инженерство

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување на вежби**<br><br>1.1 **Прв циклус студии - додипломски студии**<br>1.1.1 **Студиска програма: Градежништво (Градежен факултет – Скопје)**<br>Предмети:<br><br>[1] Градежни конструкции<br>(2013) x 15часа = 15 часа<br>Вкупно поени: 15 x 0,03 = 0,45 поени<br><br>[2] Армиран бетон<br>(2013) x 15часа = 15 часа<br>Вкупно поени: 15 x 0,03 = 0,45 поени<br><br>[3] Основи на дрвени конструкции<br>(2014) x 15часа = 15 часа<br>Вкупно поени: 15 x 0,03 = 0,45 поени<br><br>[4] Технологија на бетон<br>(2014) x 15часа= 15 часа<br>Вкупно поени: 15 x 0,03 = 0,45 поени<br><br>1.2 **Втор циклус студии - магистерски студии**<br>1.2.1 **Студиска програма: Земјотресно инженерство (до 2023г.)**<br>Предмети:<br><br>[1] Анализа на конструкции - ЗИ-102<br>(2016 - 2017) x 30 часа = 60 часа<br>(2018) x 15часа = 15 часа<br>(2019 - 2022) x 10 часа = 40 часа<br>Вкупно поени: 115 x 0,03 = 3,45 поени<br><br>[2] Анализа со конечни елементи - ЗИ-205<br>(2016 - 2017) x 30 часа = 60 часа<br>(2018) x 15часа = 15 часа<br>(2019 - 2022) x 10 часа = 40 часа<br>Вкупно поени: 115 x 0,03 = 3,45 поени<br><br>[3] Вовед во Матлаб и негова примена во инженерски анализи - ЗИ-206<br>(2016 - 2017) x 30 часа = 60часа<br>(2018) x 15 часа = 15 часа<br>(2019 - 2022) x 10 часа = 40 часа<br>Вкупно поени: 115 x 0,03 = 3,45 поени | 27,75 |

| | | |
|---|---|---|
| | [4] Планирање и проектирање на транспортни системи и други инфраструктурни системи во сеизмички региони - ЗИ-305<br>(2016 - 2017) x 30 часа = 60 часа<br>(2018) x 15 часа = 15 часа<br>(2019 - 2022) x 10 часа = 40 часа<br>Вкупно поени: 115 x 0,03 = 3,45 поени<br><br>[5] Асеизмичко проектирање на брани - ЗИ-306<br>(2016 - 2017) x 30 часа = 60 часа<br>(2018) x 15 часа = 15 часа<br>(2019 - 2022) x 10 часа = 40 часа<br>Вкупно поени: 115 x 0,03 = 3,45 поени<br><br>1.2.2 **Студиска програма: Конструктивно инженерство со асеизмичко проектирање (до 2023г.)**<br>Предмети:<br><br>[1] Мостови, транспортни и инфраструктурни системи - КИ-305<br>(2016 - 2017) x 30 часа = 60 часа<br>(2018) x 15 часа = 15 часа<br>(2019 - 2022) x 10 часа = 40 часа<br>Вкупно поени: 115 x 0,03 = 3,45 поени<br><br>[2] Брани и специјални објекти - КИ-306<br>(2016 - 2017) x 30 часа = 60 часа<br>(2018) x 15 часа = 15 часа<br>(2019 - 2022) x 10 часа = 40 часа<br>Вкупно поени: 115 x 0,03 = 3,45 поени<br><br>1.2.3 **Студиска програма: Земјотресно инженерство (од 2023 г.)**<br>Предмети:<br><br>[1] Челични конструкции – МС-203<br>(2023) x 30 часа = 30 часа<br>Вкупно поени: 30 x 0,03 = 0,9 поени<br><br>[2] Проектирање на инженерски челични конструкции – МС-309<br>(2023) x 30 часа = 30 часа<br>Вкупно поени:30 x 0,03 = 0,9 поени | |
| 2. | **Подготовка на нов предмет –**<br>2.1 **Предавања**<br>Предмети:<br><br>[1] Челични конструкции – МС-203<br><br>[2] Проектирање на инженерски челични конструкции – МС-309<br><br>2.2 **Вежби**<br>Предмети: | 3,0 |

| | | |
|---|---|---|
| | [1] Челични конструкции – МС-203<br><br>[2] Проектирање на инженерски челични конструкции – МС-309<br><br>Вкупно поени: 2 x 1,0 + 2 x 0,5 = 3,0 | |
| 3. | **Консултации со студенти**<br>[1] Втор циклус студии – магистерски студии 2016-2023 - 50 студенти<br><br>Вкупно поени: 50 x 0,002 = 0,1 поени | 0,1 |
| 4. | **Настава во школи и работилници:**<br><br>[1] Настава на тема: „Seismic Analysis and Design of Steel Frame Structures“, ShakeItUp, From theory to practice in earthquake engineering, Professional Course, Metropolitan University Tirana, Тирана, Албанија, 23.5.2024 г.<br>[2] Презентација на тема: „Performance Based Earthquake Engineering“, Advanced Doctoral Course, Павија, Италија, 3.2.2023 г.<br>[3] Презентација на тема: „Applied and Computational Mathematics in Engineering Application“ PARFORCE Advanced Training Course, Авеиро, Португалија, 18.3.2022 г.<br>[4] Презентација на тема: „Improved Assessment and Design Approaches for Steel Moment Frames under Realistic Earthquake Loading“, 4. Собир на млади истражувачи од подрачјето на градежништвото и сродните технички науки – Заеднички темели, Осиек, Хрватска, 28.9.2016 г.<br><br>Вкупно поени: 4 x 1,0 = 4,0 | 4,0 |
| 5. | **Интерна скрипта од вежби**<br>[1] Интерна скрипта по предметот Челични конструкции (МС-203), 2023 г. | 3,0 |
| 6. | **Научно-популарна или наставно-историска статија во стручно-методско списание**<br>[1] Зголемување на отпорноста на виталната инфраструктура во доменот на природните и од човек предизвикани опасности, Порта 3 Списание за градежништво, архитектура и екологија, број 283 од 30.8.2019 г.<br>[2] Научноистражувачки активности во рамките на проектот SERA од програмата H2020, Порта 3 Списание за градежништво, архитектура и екологија, број 287 од 27.12.2019г.<br>[3] Проценка на сигурноста на регионалната мостовска инфраструктура изложена на сеизмички хазард, ПРЕСИНГ, Списание на комората на овластени архитекти и овластени инженери, број 46 од декември 2019 г.<br>[4] ИЗИИС за Скопје, ПРЕСИНГ, Списание на комората на овластени архитекти и овластени инженери, број 62 од септември 2023 г.<br><br>Вкупно поени: 4 x 1,0 = 4,0 | 4,0 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Вкупно** | **41,85** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | **Учесник на меѓународни научни проекти**<br>[1] Проект INFRA-NAT: Increased Resilience of Critical Infrastructure to Natural and Human Induced Hazards, 2019 г.<br>[2] Проект SERA: Seismology and Earthquake Engineering Research Infrastructure Alliance for Europe, 2020 г.<br>[3] Проект CRISIS: Comprehensive Risk Assessment of Basic Services and Transport Infrastructure, 2022 г.<br>[4] Проект NATURE-DEMO: Nature-Based Solutions for Demonstrating Climate-Resilient Critical Infrastructure, 2024 г.<br><br>Вкупно поени: 4 x 5,0 | 20,0 |
| 2. | **Учесник на национални научни проекти**<br>[1] Нумерички експеримент со МКЕ за развој на модел за симулација на однесување на конструктивни фуги со регулатори на смолкнување и негова апликација кај лачни брани (НУМ–ФУГ), финансиран од интегративни средства на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (2023 – 2024).<br><br>Вкупно поени: 1 x 3,0 = 3,0 | 3,0 |
| 3. | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови**<br>[1] Sesov, V., Vitanova, M., Salic, R., Edip, K., Micajkov, S., Petreski, B. (2019). Safety Assessment of Bridge Structures Exposed to Earthquake Hazard, Scientific Journal of Civil Engineering, Volume 8, Issue 2, December 2019, pp. 55-60, ISSN-1857-839X.<br><br>Вкупно поени: 0,6 x 5 = 3,0 | 3,0 |
| 4. | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД**<br>[1] Poposka, M., Petreski, B., Cvetanovski, P., Popovski, D. (2014). Experimental Procedure for Slip Factor Determining at Connections with Preloaded Bolts, e-GFOS, Volume 5, August 2014, pp. 37-43, DOI: 10.13167/2014.8.5.<br><br>Вкупно поени: 0,6 x 5 = 3,0 | 3,0 |
| 5. | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји**<br>[1] Goggins, J., Alwahsh, H., Yadong, J., Broderick, B., Salawdeh, S., O’Reilly, G. J., Bogdanovic, A., Rakicevic, Z., | 84,0 |

Elghazouli, Markovski, I., Petreski, B., Poposka, A., Gjorgjiev, I., Walsh, C. (2024). Advancement of a Novel Self-Centring Concentrically Braced Frame (SC-CBF) Structural Steel System. Proceedings of the 18th World Conference on Earthquake Engineering, Milan, Italy, June 30 – July 5, 2024.

[2] Gjorgjiev I., Zhurovski A., Petreski B. (2024). Determining Damage Thresholds of a Residential Building With Masonry Infill Walls. Proceedings of the 18th World Conference on Earthquake Engineering, Milan, Italy, June 30 – July 5, 2024.

[3] Petreski B., Gjorgjiev I., Zhurovski A. (2024). Parametric Study of Novel Self-Centring Concentrically Braced Frame. Proceedings of the 18th World Conference on Earthquake Engineering, Milan, Italy, June 30 – July 5, 2024.

[4] Jusufi, L., Taravari, L., Petreski, B. (2023). Investigating The Probabilistic Seismic Risk Assessment Principles Through a Typical Case Study, 20th International Symposium of MASE, 28-29 September 2023, Skopje, N. Macedonia.

[5] Taravari, L., Jusufi, L., Petreski, B., Todorov, K. (2023). Performance-Based Analysis of a Multi-Story and Multi-Bay Reinforced Concrete Frame, 20th International Symposium of MASE, 28-29 September 2023, Skopje, N. Macedonia. (in Macedonian)

[6] Gjorgjiev, I., Zhurovski, A., Petreski, B. (2023). The Influence of The Ratio of Section Sides of a Rectangular Column on Seismic Response of a RC Building, 20th International Symposium of MASE, 28-29 September 2023, Skopje, N. Macedonia. (in Macedonian)

[7] Gjorgjiev, I., Zhurovski, A., Petreski, B. (2023). The Influence of The Ratio of Section Sides of a Rectangular Column on Seismic Response of a RC Building, Proceedings of 2nd Croatian Conference on Earthquake Engineering, 2CroCEE, March 22-24, Zagreb, Croatia.

[8] Petreski, B. and Gjorgjiev, I. (2022). Combined Physical and Virtual Experimental Testing for Self-Centring Concentrically Braced Frames, 3rd European Conference on Earthquake Engineering & Seismology, 4-9 September, Bucharest, Romania.

[9] Vitanova, M., Petreski, B., Hristovski, V. (2022). Parametric Fragility Assessment of Bridge Structures, 19th International Symposium of MASE, 27-30 April 2022, Ohrid, N. Macedonia.

[10] Goggins, J., Bogdanovic, A., Rakicevic, Z., Elghazouli, A., Moze, P., Broderic, B., Yadong, J., Salawdeh, S., Gjorgjiev, I., Petreski, B. (2021). Experimental Testing of a Novel Self-Centring Steel Braced Frame on The Shake Table in Dynlab-Iziis, Skopje, Republic Of N. Macedonia. Proceedings of 17th World Conference on Earthquake Engineering, 27 September- 2 October, Sendai, Japan.

[11] Petreski, B. and Gjorgjiev, I. (2021). Residual Drift Estimation for Moment Resisting Frames with Steel Degradation Properties. ce/papers, 4: 1917-1923. doi.org/10.1002/cepa.1504.

[12] Goggins, J., Jiang, Y., Broderick, B.M., Salawdeh, S., O'Reilly, G.J., Elghazouli, A.Y., Alwahsh, H., Bogdanovic, A., Rakicevic, Z., Gjorgjiev, I., Poposka, A., Petreski, B. and Markovski, I. (2021). Shake Table Testing of Self-Centring Concentrically Braced Frames. ce/papers, 4: 1949-1956. doi.org/10.1002/cepa.1508.

| | | |
|---|---|---|
| | [13] Petreski, B., Gjorgjiev, I. (2021). Analytical Model Verification for Improved Performance-Based Design Of MRFs, Proceedings of 1st Croatian Conference on Earthquake Engineering, 1CroCEE, March 22-24, Zagreb, Croatia.<br>[14] Petreski, B., Gjorgjiev, I. (2019). Evaluation of Improved Modelling of Steel Moment Resisting Frames Subjected to Earthquake Loading, 18th International Symposium of MASE, 2-5 October 2019, Ohrid, N. Macedonia.<br>[15] Vitanova, M., Sheshov, V., Micajkov, S., Abarca, A., Monteiro, R., Salic, R., Edip, K., Micov, V., Petreski, B. (2019). Classification of Existing Bridges in R. N. Macedonia Using Improved Bridge Inventory Database, 18th International Symposium of MASE, 2-5 October 2019, Ohrid, N. Macedonia.<br>[16] Salic, R., Sheshov, V., Edip, K., Zuccolo, E., Monteiro, R., Vitanova, M., Micajkov, S., Petreski, B. (2019). Seismic Hazard and Earthquake Accelerogram Selection for Structural Analysis of Bridges in Republic of N. Macedonia, 18th International Symposium of MASE, 2-5 October 2019, Ohrid, N. Macedonia.<br>[17] Rakicevic, Z., Bogdanovic, A., Jekic, G., Gjorgjiev, I., Markovski, I., Filipovski, D., Naumovski, N., Petreski, B. (2019). Dynlab IZIIS – as a part of H2020 “Seismology and Earthquake Engineering Research Infrastructure Alliance for Europe” – SERA, 18th International Symposium of MASE, 2-5 October 2019, Ohrid, N. Macedonia.<br>[18] *Petreski, B., Gjorgjiev, I. (2019). Strength and Stiffness Deterioration Material Influence on Demand Parameters in Steel Moment Frames, 14th Nordic Steel Construction Conference, 18-20 September 2019, Copenhagen, Denmark, ce/papers, 3: 511-516. doi:10.1002/cepa.1172.<br>[19] Vitanova, M., Salic, R., Edip, K., Micajkov, S., Sesov, V., Petreski, B., Zafirov, T., Dimitrovski, M., Tomic, D., Trajcevski, J., Nanevska, A. (2019). N. Macedonian Bridge Exposure Database and its Relation to the Seismic Hazard Estimates, SECED Conference, 9-10 September 2019, Greenwich, London, UK.<br>[20] Gjorgjiev, I., Petreski, B. (2018). Optimized Design and M-phi Diagram Construction for Biaxially Loaded Elements, 16th European Conference on Earthquake Engineering, 18-21 June 2018, Thessaloniki, Greece.<br>[21] Gjorgjiev, I., Petreski, B. (2018). Application of Polynomial Analytical Model for Rubber Bearings in Shaking Table Test Simulation, 16th European Conference on Earthquake Engineering, 18-21 June 2018, Thessaloniki, Greece.<br>[22] Gjorgjiev, I., Petreski, B. (2017). Influence of the Section Mesh on Design of RC Section under Biaxial Load, 17th International Symposium of MASE, 4-7 October 2017, Ohrid, N. Macedonia.<br><br>Вкупно поени: 8 x 0,9 x 5 + 6 x 0,8 x 5 + 8 x 0,6 x 5 = 84 | |
| 6. | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји**<br>[1] Gjorgjiev, I., Petreski, B. (2020). The Effect of The Difference Between the Designed and Built-In Reinforcing Steel, The 7th International Conference "Civil Engineering - | 7,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Science and Practice", 10-14 March 2020, Kolasin, Montenegro.<br>[2] Gjorgjiev, I., Petreski, B., Micov, V. (2018). Quasi-Static Testing of Columns-To-Foundation Connection for Prefabricated RC Hall, X Jubilee International Scientific Conference, Civil Engineering Design and Construction, 20-22 September 2018, Varna, Bulgaria.<br>[3] Gjorgjiev, I., Petreski, B., Micov, V. (2018). Experimental Study of Beam-To-Column Connection for Prefabricated RC Structure, 15th Congress of ASES, 6-8 September 2018, Zlatibor, Serbia.<br><br>Вкупно поени: 1 x 0,9 x 3 + 2 x 0,8 x 3 = 7,5 | |
| 7. | **Учество на научен/стручен собир со реферат**<br>[1] 18th World Conference on Earthquake Engineering, Milan, Italy (June– July 2024). Усна презентација<br>[2] 2nd Croatian Conference on Earthquake Engineering, 2CroCEE, Zagreb, Croatia (March 2023). Усна презентација<br>[3] 3rd European Conference on Earthquake Engineering & Seismology, Bucharest, Romania (September 2022). Постер-презентација<br>[4] 1st Croatian Conference on Earthquake Engineering, 1CroCEE, Zagreb, Croatia (March 2020). Усна презентација<br>[5] 18th International Symposium of MASE, Ohrid (September 2019). Усна презентација<br>[6] The 14th Nordic Steel Construction Conference, Copenhagen, Denmark (September 2019). Усна презентација<br>[7] 36th General Assembly of the European Seismological Commission, Valetta, Malta (September 2018). Постер-презентација<br>[8] 16th European Conference on Earthquake Engineering, Thessaloniki, Greece (June 2018). Постер-презентација<br>[9] 17th International Symposium of Macedonian Association of Structural Engineers, Ohrid (September 2017). Усна презентација<br>[10] OpenSees Days Europe 2017, 1st European Conference on OpenSees, Porto, Portugal (June 2017). Усна презентација<br>[11] Zajednicki Temelji 2016 – 4th seminar for young researchers in the field of civil engineering, Osijek, Croatia (September 2016). Усна презентација<br>[12] GFOS ISUCCES – conference, Osijek, Croatia (July 2013). Усна презентација<br><br>Вкупно поени: 9 x 1,0 + 3 x 0,5 = 10,5 | 10,5 |
| 8. | **Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција**<br>[1] Petreski, B. and Gjorgjiev, I. (2023). Physical and virtual experimental investigation of self-centring concentrically braced frames, Proceedings of 2nd Croatian Conference on Earthquake Engineering, 2CroCEE, March 22-24, Zagreb, Croatia.<br>[2] Gjorgjiev, I., Petreski, B. (2021). Optimized Cross-sectional Analysis of Biaxially Loaded Elements, ECCOMAS 5th International Conference on Multi-scale Computational Methods for Solids and Fluids, June 30 – July 2, Split, Croatia.<br>[3] Poposka, M., Chapragoski, G., Petreski, B. (2018). Influence of Soil-Structure Interaction on Seismic Analysis Results, | 5,0 |

| | | |
|---|---|---|
| | 36th General Assembly of the European Seismological Commission, 2-7 September 2018, Valeta, Malta.<br>[4] Petreski, B., Gjorgjiev, I., Poposka, M. (2018). Strength and Stiffness Deterioration Material Influence on Seismic Shear Demand at Steel Moment Frames, 36th General Assembly of the European Seismological Commission, 2-7 September, 2018, Valetta, Malta.<br>[5] Petreski, B., Garevski, M. (2017). Improved Drift Assessment Approach for Steel Moment Frames Under Realistic Earthquake Loading, EOSD 2017 conference, 19-20 June 2017, Porto, Portugal.<br><br>Вкупно поени: 5 x 1,0 = 5,0 | |
| | **Вкупно** | **136** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, технички извештаи, вешт наод и мислење, проценка на капитал, систематизација, методологија**<br>[1] Стручно мислење за можности и услови за реконструкција, адаптација и надградба на објектот Млин во Куманово на КП 14287/2, КО Куманово, Општина Куманово, Извештај ИЗИИС 2023-32<br>[2] ЕВРОКОД 3: ПРОЕКТИРАЊЕ НА ЧЕЛИЧНИ КОНСТРУКЦИИ Дел 1: Општи правила и правила за згради – Инструкциски материјал за контрола на проектна документација изработена со примена на Еврокодови за потребите на МСЗ, Извештај ИЗИИС 2021-5/1<br>[3] Статичка и сеизмичка анализа на изведена состојба на челичен конзолен држач за цевки за нафта и статичка и сеизмичка анализа на ново предложено решение за челичниот држач со дополнителен носач, Извештај ИЗИИС 2019-39<br>[4] Дијагностика на постојната состојба на армиранобетонскиот оџак со висина H=65м во ТО Исток со методот на амбиент вибрации и со анализа со конечни елементи; Експертиза за утврдување на состојбата на оџакот со цел предложување на мерки за санација, Извештај ИЗИИС 2016-06<br><br>Вкупно поени: 4 x 1,0 = 4,0 | 4,0 |
| 2. | **Експертски активности: стручно мислење**<br>Мислење за проектиран степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на градбата бр: (27396 27414 27423 27433 27431 27469 27488 27514 27528 27524 27578 27619 27654 27657 27699 27719 27743 27757 27764 27765 27766 27767 27814 27826 27874 27906 27928 27946 27958 27974 28002 28024 28221 28229 28215 28123 28268 28270 28297 28298 28322 28361 28362 28310 28430 28451 28454 28475 28491 28505 28543 28556 28581 28618 28628 28660 28664 28689 28708 28673 28732 28733 28794 28820 28825 28858 28878 28883 28904 28926 28929 28957 28961 28956 28996 29013 29014 29049 29083 29084 29109 29139 29149 29167 29209 29232 29261 29279 29281 29301 29362 29396 29411 29412 29413 29476 29495 29539 29546 29566) | 100,0 |

| | | |
|---|---|---|
| | Вкупно поени: 100 x 1,0 = 100,0 | |
| 3. | **Студија, физибилити-студија, истражување на пазарот -учесник/соработник**<br>[1] Извештај од извршен увид и брза оцена на стабилноста на постојната конструкција на објектите Општински Суд, „Младински дом“ и „Пионерски дом“ во Кавадарци, Извештај ИЗИИС 2023-22<br>[2] Извештај од извршен увид и тестирање со НДТ опрема на приземје и подрум од објектот на Министерството – ОВР Радовиш, Извештај ИЗИИС 2022-06<br>[3] Извештај за извршена анализа на постојната состојба на конструкцијата на објектот – Управна зграда на „МАКСТИЛ“ во Скопје, Извештај ИЗИИС 2020-68<br>[4] Seismology and Earthquake Engineering Research Infrastructure Alliance for Europe – SERA –Investigation of Seismic Deformation Demand, Capacity and Control in a Novel Self-Centering Steel Braced Frame (SC-CBF), Извештај ИЗИИС 2020-22<br>[5] Испитување на сеизмичка стабилност на комплексот на Спортскиот центар „Борис Трајковски“ во Скопје – кога секундарните попречни челични решетки (рожници) дополнително се оптеретени со опрема (озвучување, расветлување, лед-екрани и сл.) за време на одржување на најразлични настани „Events“, Извештај ИЗИИС 2019-69<br>[6] Експериментално и аналитичко определување на сопствените вредности и тонови форми на јаловишната брана TSF4, Извештај ИЗИИС 2019-52/1<br>[7] Испитување на сеизмичка стабилност на кровна конструкција во вип ареaта во комплексот на Спортскиот центар „Борис Трајковски“ во Скопје, поради дополнително оптоварување со поставување на спортски лед-екран семафор со озвучување, Извештај ИЗИИС 2019-20<br><br>Вкупно поени: 7 x 1,0 = 7,0 | 7,0 |
| 4. | **Учество во промотивни активности на Институтот**<br>[1] Отворен ден на УКИМ – Отворен ден на ИЗИИС (2022)<br>[2] ИЗИИС за Скопје (2023). Проект за подигнување на сеизмичката безбедност и свесност, одбележување на 60 години од Скопскиот земјотрес во 1963 година.<br><br>Поени: 2 x 0,5 = 1,0 | 1,0 |
| 5. | **Евидентирање и прелиминарна анализа на оштетувања од случен земјотрес и изработка на извештај**<br>[1] Safiey, A., D. Roueche, L. Huallpa, W. Hassan, C. Reis, S. Sorosh, M. Lopez Ruiz, Y. Merino-Peña, L. Vargas, A. Dilsiz, A. Martin, J. Cohen, Z. Khalil, B. Tunc, S. Garcia, S. Arslanturkoglu, B. Petreski, T. Yilmaz, B. ALhawamdeh, V. Calderon, T. Feinstein, N. Quintero, J. Yuzbasi, J. Archbold, L. Ceferino, B. Duran, A. Hortacsu, M. Kenawy, A. Khan, P. Velani, G. Holtzer, M. Alam, E. Gerczak, T. Kijewski-Correa, K. Mosalam, D. Prevatt, I. Robertson. (2023) "StEER: 2023 Mw 7.8 Kahramanmaras, Turkiye Earthquake Sequence Preliminary Virtual Reconnaissance Report (PVRR) Media Repository", in StEER-February 6, 2023, Kahramanmaras, Türkiye, Mw 7.8 Earthquake. DesignSafe-CI. https://doi.org/10.17603/ds2-mm04-xq43 v2 | 9,0 |

| | | |
|---|---|---|
| | [2] Брза процена на безбедноста на објектите по серијата земјотреси во Охрид во Јули 2017<br>[3] Брза процена на безбедноста на објектите по земјотресот во Скопје од 11.09.2016<br><br>Поени: 3 x 3,0 = 9,0 | |
| 6. | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/ стручен собир**<br>[1] 15th International Symposium of Macedonian Association of Structural Engineers, Struga, N. Macedonia (September 2013).<br><br>Поени: 1 x 0,5 = 0,5 | 0,5 |
| 7. | **Студиски престој во странство**<br>[1] Еразмус+ програма за индивидуална мобилност на студенти и наставен кадар за академската 2022/23 година реализирана во IUSS Pavia, Italy, со одобрена мобилност од минимум 3 дена, а максимум 5 дена, односно минимум 8 часа академска активност на странскиот универзитет<br><br>Поени: 1 x 0,5 = 0,5 | 0,5 |
| 8. | **Меѓународна награда за научни и уметнички постигнувања - самостоен**<br>[1] Награда за најдобра презентација во специјална сесија за докторанди, со наслов: „Physical and virtual experimental investigation of self-centring concentrically braced frames“, презентирана на 2nd Croatian Conference on Earthquake Engineering, 2CroCEE, March 22-24, Zagreb, Croatia<br><br>Поени: 1 x 7,0 = 7,0 | 7,0 |
| 9. | **Член на факултетска комисија**<br>[1] Комисија за јавни набавки на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија, 2018 – 2023 г.<br><br>Поени: 6 x 0,5 = 3,0 | 3,0 |
| 10. | **Учество во комисии и тела на државни и други органи**<br>[1] Член на Работна група 3 при ТК40, Еврокодови и национални анекси, Еврокод 3: Проектирање челични конструкции<br>[2] Член на Работна група 4 при ТК40, Еврокодови и национални анекси, "Еврокод 4: Проектирање спрегнати конструкции од челик и бетон<br>[3] Член на Работна група 9 при ТК40, Еврокодови и национални анекси, "Еврокод 9: Проектирање на алуминиумски конструкции<br>Поени: 3 x 1,0 = 3,0 | 3,0 |
| | **Вкупно** | **135** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **41,85** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **136** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **135** |
| **Вкупно** | **312,85** |

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Владо Мицов, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Игор Ѓорѓиев, член, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Марија Витанова, член, с.р.**

***Прилог бр. 3***

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

**НА РАКОПИСОТ „Seismic Hazard Zonation for the Republic of North Macedonia“ ОД АВТОРИТЕ Радмила Шалиќ Макреска и Зоран Милутиновиќ со соработниците Забедин Незири, Даниел Томиќ, Јован Трајчевски и Мирко Димитровски**

Врз основа на Одлуката на Научниот совет на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр.09-1237/1 од 8.8.2024 год., за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на монографијата „Seismic Hazard Zonation for the Republic of North Macedonia“ од авторите: Радмила Шалиќ Макреска и Зоран Милутиновиќ со соработниците Забедин Незири, Даниел Томиќ, Јован Трајчевски и Мирко Димитровски, наменет за студентите на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за предметите Сеизмички хазард (ДС-14), Сеизмички ризик (U26S01P04) и Основи на сеизмички ризик (МС-301), избрани се: проф. д-р Ана Тромбева Гаврилоска (Архитектонски факултет – УКИМ), вонр. проф. д-р Игор Пешевски (Градежен факултет – УКИМ), вонр. проф. д-р Катерина Дрогрешка (Природно-математички факултет, Сеизмолошка опсерваторија – УКИМ), вонр. проф. д-р Марта Стојмановска (Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија – УКИМ) и вонр. проф. д-р Јулијана Бојаџиева (Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија – УКИМ)

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Научниот совет на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### V. ОПШТ ДЕЛ

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Seismic Hazard Zonation for the Republic of North Macedonia |
| **Назив на предметните програми:** | Сеизмички хазард (ДС-14), Сеизмички ризик (U26S01P04) и Основи на сеизмички ризик (МС-301) |
| **Назив на студиските програми:** | Трет циклус на студии: Земјотресно инженерство<br>Втор циклус на студии: Земјотресно инженерство |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети): | Сеизмички хазард (ДС-14) – 180 (6 кредити)<br>Сеизмички ризик (U26S01P04) – 180 (6 кредити)<br>Основи на сеизмички ризик (МС-301) – 180 (6 кредити) |
| Предметот Сеизмички хазард (ДС-14) на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е изборен предмет со фонд на часови 180, број на ЕКТС-кредити 6 и се слуша во прва година/прв семестар на трет циклус студии.<br>Предметот Сеизмички ризик (U26S01P0) на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е задолжителен предмет со фонд на часови 180, број на ЕКТС-кредити 6 и се слуша во прва година/прв семестар на трет циклус студии.<br>Предметот Основи на сеизмички ризик (МС-301) на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е задолжителен предмет со фонд на часови 180, број на ЕКТС-кредити 6 и се слуша во втора година/втор семестар на втор циклус студии. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |

| | |
|---|---|
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 59 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 9 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 31 слика и 13 табели. |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Ана Тромбева Гаврилоска, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Игор Пешевски, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Катерина Дрогрешка, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Марта Стојмановска, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Јулијана Бојаџиева, с.р.**

**I ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р АНА ТРОМБЕВА ГАВРИЛОСКА**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Оваа монографија дава сеопфатен преглед на проценката на сеизмичкиот хазард и напорите за сеизмичко зонирање во Република Северна Македонија за периодот од 1948 до 2024 година. Ги опфаќа главните национални, регионални и глобални проценки дискутирајќи ги соодветно применетите методологии и добиените резултати. Клучните теми ги вклучуваат предизвиците и импликациите на различните проектантски прописи со текот на времето, еволуцијата на мапите за сеизмичко зонирање и напорите на истражувачката заедница за што поверодостојно определување на сеизмичкиот хазард за територијата на денешна Северна Македонија. Монографијата зачувува важни историски и технички информации, што ја прави особено значајна за понатамошни истражувања, не само за Македонија туку и за земјите кои биле дел од поранешна Југославија. Сите карти и студии се нумерички обработени и дигитализирани со помош на ГИС. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Монографијата, по содржина и облик, целосно ја покрива и разработува областа на анализите на сеизмичкиот хазард за Република Северна Македонија. Преставува вреден ракопис во прилог на повеќе предмети кои се изучуваат на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија, но и ракопис од поширок значаен интерес за стручната фела од областа на градежништвото, архитектурата, урбанизмот, управувањето и менаџментот со катастрофи, но и пошироката општа јавност. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Не е потребно да се вршат никакви дополнителни измени. |
| **Оцена на ракописот:** | Оваа монографија е непроценлив извор за сите заинтересирани за проценките на сеизмичкиот хазард и ризик на Република Северна Македонија. Монографијата прецизно документира повеќе од седум децении сеизмички истражувања, нудејќи јасни сознанија за еволуцијата на мапите за сеизмичкиот хазард и влијанието на различните стандарди за проектирање. Темелната анализа и презентација на историските и технички информации ја прават суштинска референца за истражувачите и професионалците од праксата. Сеопфатниот пристап и деталната обработка во ГИС обезведуваат гаранција дека овој ракопис ќе биде основа за сите идни студии во оваа област. Оваа монографија е од несомнено големо значење за студентите на Институтот за земјотресно |

| | |
|---|---|
| | инженерство и инженерска сеизмологија, обезбедувајќи основни и продлабочени познавања од областа на сеизмичкиот хазард за Република Северна Македонија што ќе ги подобри нивните истражувања и практични апликации. |
| **Категоризација:** | монографија |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 59 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 9 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 31 слика и 13 табели.<br>Логичката систематизираност на материјата, надополнета со јасен и разбирлив стил на објаснување на проблематиката, го издигнуваат ракописот на ниво на современ и квалитетен современ универзитетски учебник изработен на високо стручно, педагошко и техничко ниво, за сите студенти од областа на земјотресното инженерство, инженерска сеизмологија, архитектурата и урбанизмот. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како монографија по предметите Сеизмички хазард (ДС-14), Сеизмички ризик (U26S01P04) и Основи на сеизмички ризик (МС-301), примарно наменет за студентите на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во Скопје, 5.7.2024 година.

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Ана Тромбева Гаврилоска, с.р.**

### II Посебен дел од рецензентот: вонр. проф. д-р Игор Пешевски

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Оваа монографија претставува сеопфатна студија за сеизмичкото зонирање и поврзаните истражувања во контекст на проценката на сеизмичкиот хазард.<br>Содржината е организирана за да обезбеди историска и компаративна анализа, со детално истражување на официјалните карти и нивните методологии за сеизмичко зонирање од 1948 до 2024 година, во паралела со еволуцијата на стандардите за проектирање.<br>Ракописот навлегува и во истражувачките студии на национално ниво истакнувајќи ги значајните придонеси од Михаилов (1978), Милутиновиќ и сор. (1998), Јордановски и сор. (1998) и Шалиќ (2015). Вклучува и увиди во студии на истражувачи надвор од Македонија, преку студиите на AIR Worldwide (2013) и Lee & Trifunac (2017).<br>На регионално и глобално ниво, монографијата дискутира за различни истражувачки иницијативи, како што се проектите на BSHAP поддржани од НАТО, BALKANS-OQ, GSHAP, SESAME и Европските модели на сеизмички хазард (ESHM) од 2013 и 2020 година.<br>Делот за дискусија и заклучоци ги синтетизира наодите, се осврнува на импликациите за проценка на сеизмичкиот хазард и дава препораки за идните насоки за истражување. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Монографијата сеопфатно ги обработува и елаборира анализите на сеимичкиот хазард за Република Северна Македонија, како во содржина, така и во форма. Ракописот е вреден ресурс во прилог на различни предмети што се изучуваат на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија. Покрај тоа, би нашол примена и во пошироката стручна и научна јавност. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Незначителни корекции од техничка природа. |
| **Оцена на ракописот:** | Монографијата е витален ресурс за разбирање на развојот и моменталната состојба на сеизмичкото зонирање и неговото влијание во анализите на сеизмичкиот ризик за Република Северна Македонија. |
| **Категоризација:** | монографија |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 59 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 9 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 31 слика и 13 табели. |

| | |
|---|---|
| | Како таков, претставува оригинален ракопис кој опфаќа материјал потребен за успешно реализирање на дел од наставната програма по предметите: Сеизмички хазард (ДС-14), Сеизмички ризик (U26S01P04) и Основи на сеизмички ризик (МС-301). |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како монографија по предметите Сеизмички хазард (ДС-14), Сеизмички ризик (U26S01P04) и Основи на сеизмички ризик (МС-301), примарно наменет за студентите на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во Скопје, 5.7.2024 година.

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Вонр. проф. д-р Игор Пешевски, с.р.**

## III Посебен дел од рецензентот: вонр. проф. д-р Катерина Дрогрешка

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Оваа монографија нуди исцрпно истражување на сеизмичкото зонирање и проценката на сеизмичкиот хазард за Република Северна Македонија, прецизно следејќи ја историската еволуција и обезбедува компаративна анализа на клучните стандарди за проектирање. Започнува со сеопфатен вовед поставувајќи ја основата за длабинско истражување на стандардите JUS39/64, JUS31/81 и EN 1998-1, и истакнувајќи го нивниот развој и разлики.<br>Значителен дел од монографијата е посветен на хронолошки преглед на официјалните карти за сеизмичко зонирање, од првите во 1948 година до најновите во 2020 година. Секоја карта е детално анализирана, обезбедувајќи увид во напредокот и промените во проценката на сеизмичкиот хазард во текот на седум децении. Картите од 1948, 1964 (1950), 1979, 1982, 1990 (1987) и 2020 (2016) се истражувани и од аспект на нивното влијание во проценката на сеизмичкиот ризик.<br>Монографијата потоа навлегува во истражувачки студии на национално ниво, истакнувајќи ги делата на Михаилов (1978), Милутиновиќ и сор. (1998), Јордановски и сор. (1998) и Шалиќ (2015). Овие студии се истражувани од аспект на нивните методологии, наоди и влијание врз националните политики и практики за сеизмичко зонирање.<br>На меѓународната сцена, монографијата ги разгледува клучните истражувачки напори од неколку истражувачи објавени во студиите на AIR Worldwide (2013) и Lee & Trifunac (2017). Дискусијата се протега и на регионални и глобални истражувачки иницијативи вклучувајќи значајни проекти, како што се NATO-BSHAP-1 (2011) и БNATO-BSHAP-2 (2015), BALKANS-OQ (2013), GSHAP (1999), SESAME (2000) и Европските модели на сеизмички хазард (ESHM) од 2013 и 2020 година. Секој проект се коментира од аспект на неговиот опсег, наоди и влијание врз регионалните и глобалните практики за проценка на сеимичкиот хазард.<br>Делот за дискусија и заклучоци го синтетизира презентираното сеопфатно истражување, истакнувајќи ги клучните сознанија и нивните импликации за идните проценки на сеизмичкиот хазард. Овој дел обезбедува критичка анализа на моменталната состојба во делот на сеизмичкото зонирање, идентификување на празнините во знаењето и предлагање на идни истражувачки насоки за подобрување на разбирањето на сеимичкиот хазард. |

| | |
|---|---|
| | Конечно, монографијата вклучува обемна листа на референци и кратки биографии на авторите нудејќи им на читателите дополнителни ресурси и позадина за експертизата на авторите. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Монографскиот ракопис е во целост, по содржина и форма усогласен со предметните програми во рамките на предметите: Сеизмички хазард (ДС-14), Сеизмички ризик (U26S01P04) и Основи на сеизмички ризик (МС-301). |
| **Предлози за потребни корекции:** | Не е потребно да се вршат никакви дополнителни измени. |
| **Оцена на ракописот:** | Оваа монографија е неопходен ракопис за сите студенти, професионалци, истражувачи и креатори на политики во областа на земјотресното инженерство и инженерската сеизмологијата обезбедувајќи темелно и детално разбирање на сеизмичкото зонирање и неговата еволуција во изминатите децении за територијата на денешна Северна Македонија. |
| **Категоризација:** | монографија |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 59 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 9 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 31 слика и 13 табели.<br>Логичната организација на ракописот и јасните, разбирливи објаснувања на проблемот ја прават оваа монографија модерен универзитетски учебник и помагало. Направена е да ги задоволи професионалните, педагошките и техничките стандарди служејќи им на идните студенти по земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија, но и на другите сродни дисциплини. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како монографија по предметите Сеизмички хазард (ДС-14), Сеизмички ризик (U26S01P04) и Основи на сеизмички ризик (МС-301), примарно наменет за студентите на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во Скопје, 5.7.2024 година.

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Вонр. проф. д-р Катерина Дрогрешка, с.р.**

**IV ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ВОНР. ПРОФ. Д-Р МАРТА СТОЈМАНОВСКА**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Оваа монографија обезбедува темелно истражување во областа на сеизмичкото зонирање и проценката на сеизмичкиот хазард, истакнувајќи ја историската еволуција и компаративната анализа на клучните сеизмички прописи. Започнува со вовед и споредба на стандардите JUS39/64, JUS31/81 и EN 1998-1.<br>Следува детален преглед на официјалните карти на сеизмичко зонирање од 1948 до 2020 година, прикажувајќи го напредокот во разбирањето на сеизмичкиот хазард низ децениите. Монографијата покрај официјалните студии, анализира и значајни објавени национални истражувања на Михаилов (1978), Милутиновиќ и сор. (1998), Јордановски и сор. (1998) и Шалиќ (2015).<br>Исто така, простор е даден и на придонесот на странски автори, вклучувајќи ги студиите на AIR Worldwide (2013) и Lee & Trifunac (2017), заедно со регионалните и глобалните проекти, како што се BSHAP (1 и 2) на NATO, BALKANS-OQ, GSHAP, SESAME и ESHM (2013 и 2020).<br>Делот за дискусија и заклучоци ги синтетизира овие наоди нудејќи увид во проценката на сеизмичкиот хазард и идните насоки за истражување. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | По содржина и форма целосно усогласен со програмите на предметите: Сеизмички хазард (ДС-14), Сеизмички ризик (U26S01P04) и Основи на сеизмички ризик (МС-301). |
| **Предлози за потребни корекции:** | Не е потребно да се вршат никакви дополнителни измени или корекции на доставениот материјал. |
| **Оцена на ракописот:** | Оваа монографија е витален ресурс за професионалци и истражувачи во земјотресното инженерство и сеизмологијата, обезбедувајќи сеопфатен преглед на сеизмичкото зонирање и неговиот развој. |
| **Категоризација:** | монографија |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 59 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 9 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 31 слика и 13 табели.<br>Материјалот во ракописот е презентиран на јасен, разбирлив и добро структуриран начин и како таков го прави погоден не само за студентите, но и за инженерите од праксата, што несомнено се атрибути на една високо квалитетна монографија. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како монографија по предметите Сеизмички хазард (ДС-14), Сеизмички ризик (U26S01P04) и Основи на сеизмички ризик (МС-301), примарно наменет за студентите на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во Скопје, 5.7.2024 година.

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Вонр. проф. д-р Марта Стојмановска, с.р.**

## V ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ВОНР. ПРОФ. Д-Р ЈУЛИЈАНА БОЈАЏИЕВА

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Оваа монографија преставува вреден ракопис за разбирање на проценката на сеизмичкиот хазард во Република Северна Македонија од 1948 до 2024 година. Ракописот нуди длабински преглед на сите значајни објавени достигнувања во областа на сеизмичкиот хазард на национален, регионален и глобален размер, а се однесуваат за територијата на денешна Северна Македонија. Авторите и соработниците презентираат детално истражување на методологиите што се користат во овие проценки и добиените податоци, обезбедувајќи читателите да добијат сеопфатно разбирање за темата.<br>Една од забележителните предности на оваа монографија е нејзиниот фокус на предизвиците што ги носи миграцијата на проектната сеизмичност поради разликите во сеизмичките зони, во корелација со разликите во прописите за проектирање и паралелно стандардите за бетон и армиран бетон. Оваа анализа е клучна за разбирање на еволуцијата и импликациите на сеизмичкото зонирање во проценките на сеизмичкиот ризик.<br>Монографијата детално ги презентира просторните и временските промени во картите за сеизмички хазард во изминатите 76 години. Тоа го истакнува значителниот придонес на македонските и меѓународните истражувачи во квантифицирањето на сеизмичката средина. Оваа историска перспектива е непроценлива зачувувајќи ги критичните информации до кои, инаку, би било тешко да се пристапи.<br>Се дискутираат и импликациите на овие сеизмички проценки врз развојот и повредливоста на изградената средина, обезбедувајќи увид во тоа како овие фактори влијаат на моделирањето на изложеноста. Со систематизирање и анализирање на оваа обемна работа, авторите даваат значаен придонес во областа нудејќи богат ресурс за тековни и идни истражувања.<br>Особено важно е дека оваа монографија служи како основен текст кој поддржува и академски студии и практична примена. Вклучувањето на ГИС обработени и дигитализирани мапи ја подобрува употребливоста на податоците, што ги прави суштинска алатка за сеопфатна сеизмичка анализа. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | |
| **Предлози за потребни корекции:** | Не се потребни дополнителни измени или корекции. |

| | |
|---|---|
| **Оцена на ракописот:** | Монографскиот ракопис значително ја дополнува и збогатува достапната литературата за проценка на сеизмичкиот хазард и е прво вакво дело на просторот на поранешна Југославија. Неговата темелна документација, сеопфатна анализа и пристапност го прават ракописот исклучително вреден за сите вклучени во областа, од делот на науката, образованието и праксата. |
| **Категоризација:** | монографија |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 59 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 9 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 31 слика и 13 табели.<br>Ракописот преставува современ универзитетски учебник, кој сублимираната и анализираната материја ја преставува на јасен и технички разбирлив јазик, не само за студентите во областите на земјотресното инженерство и инженерската сеизмологија, туку и пошироко во областа на архитектонско-урбанистичките науки, тектониката, геологијата и други поврзани дисциплини. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како монографија по предметите Сеизмички хазард (ДС-14), Сеизмички ризик (U26S01P04) и Основи на сеизмички ризик (МС-301), примарно наменет за студентите на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во Скопје, 5.7.2024 година.

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Вонр. проф. д-р Јулијана Бојаџиева,** с.р.

# П Р Е Г Л Е Д

**НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА Институтот за социолошки и политичко -правни истражувања, Скопје во состав на Универзитет Св. Кирил и Методиј - Скопје**

**Магистерски трудови**

| Ред. Бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. На Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Тамара Цаневска Ѓорѓиева | Регрутациски стратегии при аутсорсинг | Recruitment strategies in outsourcing | Проф. д-р Марија Топузовска Латковиќ | 02-514/6 од 27.6.2024 |
| 2. | Февзи Муслиу | Ставовите на професорите на приватни средни училишта во однос на стратегијата на училиштата | State professors in private middle schools and middle avenues school in relation to school strategies | Проф. д-р Мирјана Борота Поповска | 02-514/7 од 27.6.2024 |

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАУЧЕН СОВЕТНИК/РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ВО ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА – СКОПЈЕ

Советот на ЈНУ Институт за национална историја во Скопје, на седницата одржана на 30.5.2024 година (со Одлука бр.02-165/3), нѐ именува за членови на Рецензентската комисија во врска со пријавата на проф. д-р Александар Манојловски, виш научен соработник во ЈНУ Институт за национална историја, а по објавениот конкурс во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ во броевите од 10 мај 2024 година, за избор во научното звање научен советник/редовен професор во Балканолошкото одделение во научноистражувачките области: 60114 – историја на Македонија и 60116 – општа историја на најнов период од 1918 година до денес. Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Љубица Јанчева, проф. д-р Александар Литовски и проф. д-р Марјан Ивановски, врз основа на темелно проучените материјали доставени од кандидатот, има чест до Советот на ЈНУ Институтот за национална историја да го достави следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Биографски податоци

Проф. д-р Александар Манојловски е роден на 21 окомври 1980 година во Скопје, каде што го завршил основното и средното образование. Во 2005 година дипломирал на Институтот за историја при Филозофскиот факултет во Скопје. Во јуни 2010 година на истиот факултет ја одбранил магисерската теза со наслов: *Балканската унија меѓу Југославија и Грција во текот на Втората светска војна.*

Од 2011 година е вработен во Институтот за национална историја во Скопје, во Балканолошкото одделение, каде што во 2015 година докторира на тема: *Македонија во југословенско-бугарските односи и југословенско-бугарската федерација 1944 – 1948 година.* Истата година, кандидатот е избран во научното звање научен соработник/доцент на Институтот за национална историја во Скопје. Во 2019 година, кандидатот е избран за виш научен соработник/вонреден професор.

По направената анализа на доставените материјали од научноистражувачкиот опус на кандидатот, во периодот од неговиот избор за виш научен соработник/вонреден професор до денес, Комисијата воочи дека неговата активност е проследена со сериозна и документирана сеопфатност насочена, главно, кон историјата на Еврејската заедница во Република Македонија, еврејските заедници на поранешните југословенски простори, македонско-израелските односи од 1995 до денес, историската генеза на дипломатијата и меѓународните односи на Балканот во XX век, историја на малцинствата на Балканот. Во рамките на програмските активности на ИНИ, како и во контекст на неговиот потесен научен интерес, кандидатот продолжил континуирано да истражува, да проучува и да објавува научни трудови.

За потребите на неговата научна работа, проф. д-р Александар Манојловски извршил повеќедневни научни истражувачки престои во архивски билиотечни центри во земјава и во странство (Државниот архив на РСМ, неговите подрачни одделенија во Скопје и Битола, Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски во Скопје, НУ Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Битола, НУ Завод и Музеј Штип, Еврејската заедница во Република Македонија, Македонската академија на науките и уметностите, Архивот на Југославија во Белград и Еврејскиот историски музеј во Брелград, Република Србија). Ваквите активности му овозможиле на д-р Манојловски објавување на поголем број научни прилози и учества со реферати на научни собири со оригинални научни резултати.

Редовните научноистражувачки престои во историските и музејските архиви во земјава и во странство му овозможиле на кандидатот проф. д-р Александар Манојловски објавување на поголем број научни трудови со оригинални резултати и учество на научни трибини и меѓународни научни конференции. Кандидатот со големо внимание ги следи историските теми, научните проблеми и новите научни сознанија кои се поврзани со историјата на Еврејската заедница во Република Македонија и македонско-израелските односи од 1995 до денес. Во неговите трудови доминираат негови лични научни анализи, каде што преовладува проучувањето и расветлувањето на прашањата и проблемите поврзани, пред сѐ, со историјата на еврејскиот народ во Република Северна Македонија и на Балканот во текот на XX век, но има и неколку трудови кои со својата проблематика се однесуваат и на други актуелни случувања и состојби во регионот.

Применувајќи ги методолошките методи познати и признати во историската наука, проф. Манојловски може да го окарактеризираме како сериозен и студиозен научен работник кој успешно умее да се справи со дискутабилни прашања од горенаведните научни теми, непристрасно да се соочи со актуелни прашања, дилеми и проблеми од минатото кои се непосредно поврзани со историјата, културата, религијата, работењето и судбината на Евреите во Македонија, историјата и состојбата на еврејските заедници на поранешните југословенски простори сместени пошироко во контекстот на одвивањето на геополитичките настани и проблеми на целиот простор на Балканот.

Следејќи ги објавените научни трудови на проф. д-р Александар Манојловски, воочуваме дека во нив се застапени систематски дефинирани поимно-теоретските ставови, кои земено во целина, заедно со поставеноста на проблемите, нивната структура и развојот на анализата и заклучоците во врска со нив, отворено говорат дека кандидатот има широко познавање на објавената стручна домашна и странска научна литература и архивска граѓа поврзани со научната проблематика со која тој се занимава.

Кандидатот проф. д-р Манојловски низ своите трудови застапува свои научни гледишта, но и ги соопштува теоретските гледишта на повеќе автори кои се занимаваат со историјата на Еврејската заедница во РСМ, тематизирање на еврејското прашање во Македонија и на Балканот, како и македонско-израелските односи. Кандидатот, главно, влегува во непристрасна научна анализа и дискусија на поставените историски прашања поставени од ставовите и разбирања на авторите што ги споменува. Оттука, проф. д-р Манојловски научно ги претставува сфаќањата на авторите во неговиот приказ, во контекст на разработката на определен аспект на проблематиката, покажувајќи дека добро ги познава застапените позиции и ставови на авторите што ги вклучува во текстот.

Кандидатот укажува дека историската наука и научната проблематика која е негова сфера на интерес претставува голем научен предизвик. Во своите трудови, тој внесува еден сосема концизен историски контекст за карактеристиките во развојните текови и отворањето на критичкиот однос кон егзистенцијалните состојби на еврејското население во Македонија и на поранешните југословенски простори во периодот од 1918 до 1941 година, за време Втората светска војна од 1941 до 1945 година и во повоениот период, односно формирањето на Демократска Федеративна Југославија, подоцна Федеративна Народна Република Југославија и Социјалистичка Федеративна Република Југославија, па сѐ до нејзиното распаѓање во 1991 година и формирањето на Република Македонија, денес Република Северна Македонија. Тоа имплицира став на кандидатот дека научните опуси во себе носеле и негувале еманципаторска димензија која била и останала клучно својство во дејствувањето и перспективите на новите генерации македонски научници, иследувачи на македонската национална историја.

Во временскиот период кој е предмет на нашата рецензија, проф. д-р Александар Манојловски се појавува како автор и коавтор неколку монографии: *Последниот албум. Чувар на спомените за Еврејската верска општина во Битола.* Министерство за

култура на Република Северна Македонија. Скопје, 2020 (автор); Превод од македонски на англиски јазик на монографијата *Последниот албум. Чувар на спомените за Еврејската верска општина во Битола / (The last album. Keeper of the memories for the Jewish Religious Municipality in Bitola)* (рецензиран труд во печат.); *Книга за меморија. Учениците и студентите Евреи од град Скопје (1919-1943 год.)* Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. ЈНУ Институт за национална историја – Скопје, Државен архив на Република Северна Македонија. Скопје, 2023 (коавтор); *Мориц Романо. Белешки од Чиле* (рецензиран труд во печат, коавтор.); *Еврејска верска општина во Битола* (рецензиран труд во печат, автор.)

Освен тоа, кандидатот д-р Александар Манојловски во повеќе реномирани научни списанија има публикувано повеќе научни трудови:

*Учество на битолските Евреи во Народноослободителната и антифашистичката војна во Македонија.* Гласник на Институт за национална историја. Год. 65, бр. 1-2, Скопје, 2021, 117-134;

*Состојбата на Еврејските вероисповедни општини во вардарскиот дел од Македонија во 1937 година според извештајот на Давид Леви.* Списание „Историја“. Здружение на историчари на Република Македонија. Год. LVI, Скопје, 2021, бр. 1-2, 249-278;

*Sjećanja sarajevskog jevreja Benjamina Samokovlije – Damjana o njegovom učešći u Narodnooslobodilačkom ratu u Jugoslaviji (1941-1945).* Centar za istraživanje moderne i savremene hisorije Tuzla. Historijski pogledi, God. V, Br. 8, Tuzla, 2022, 165-188;

*Бенјамин Самоковлија (1918-1996).* Списание „Историја“. Здружение на историчари на Република Македонија. Год. LVII, Скопје, 2022, бр. 2, 209-234.

*ИЗВЕШТАЈ за работата на Управата и Одборот на Еврејската вероисповедна општина во Скопје во изборниот период од 1936 до 1939 година.* Гласник на Институт за национална историја, Год. 66, бр. 1-2, Скопје, 2022, 89-106;

*Образованието во градот Скопје во периодот од 1918 до 1929 година со посебен осврт на застапеноста на учениците Евреи.* Списание „Историја“. Здружение на историчари на Република Македонија. Год. LVIII, Скопје, 2023, бр. 2, 123-143.

*Човечките загуби и материјалните штети на Еврејската заедница во Република Македонија од Скопскиот земјотрес – 26 јули 1963 година* (**рецензиран труд во печат.**)

*Ликвидација на имотите на Евреите од Битола по нивната депортација во март 1943 година во концентрациониот логор во Треблинка* (**рецензиран труд во печат.**)

Кандидатот проф. д-р Александар Манојловски, во изманатиот период, со свои реферати има учествувано на повеќе меѓународни научни собири:

Научен собир „Современата македонска држава – две етапи во процесот на нејзиното формирање и развој: 1941 – 1991 / 1991 – 2021 година“, одржан во Скопје, од 27 до 28 септември 2021 година, со реферат на тема: *Учество на битолските Евреи во Народноослободителната и антифашистичката војна во Македонија.*

10. Научна меѓународна конференција „Охрид – Водици, 2022“, одржана во Охрид, од 17 до 22 јануари 2022 година, со реферат на тема: *Балканските народи низ фотобјективот на браќата Јанаки и Милтон Манаки.*

Меѓународен научен симпозиум „Европа и Македонија: идеи, процеси и личности“, одржан во Скопје, 21 – 22 септември 2023 година, со реферат на тема: *Човечките загуби и материјалните штети на Еврејската заедница во Скопскиот земјотрес од 26 јули 1963 година.*

Меѓународна конференција „Улогата на историските личности во историјата и во колективната меморија“, одржана во Скопје, од 6 до 8 ноември 2023 година, со реферат

на тема: *Сведоштвата на Мориц Романо како извор за историјата на Еврејска верска општина во Битола.*

Научен собир „80 години од холокаустот на македонските Евреи“, одржана во Скопје, на 26 декември 2023 година, со реферат на тема: *Ликвидација на имотите на Евреите од Македонија по нивната депортација во 1943 година во концентрациониот логор во Треблинка.*

Меѓународна научна конференција „Македонците и Граѓанската војна во Грција (1946-1949): 75 години потоа“, одржана во Скопје, на 29 март 2024 година, со реферат на тема: *Граѓанската војна во Грција низ страниците на весникот „Нова Македонија.*

Проф. д-р Александар Манојловски е носител и учествувал во реализација на повеќе научни и стручни проекти, и тоа: носител на проект поддржан од Министерството за култура на Република Северна Македонија под наслов: *Балканските народи низ фотографиите на браќата Јанаки и Милтон Манаки*, Скопје, 2020 година; носител на проект поддржан од Министерството за култура на Република Северна Македонија под наслов: *Последниот албум. Чувар на спомените за Еврејската верска општина во Битола.* Скопје, 2020 година; носител на проект поддржан од Министерството за култура на Република Северна Македонија под наслов: *Битолска еврејска верска општина.* Скопје, 2024 година, и се води како стручен соработник во научниот проект *150 години од поврзувањето на Скопје со железница,* поддржан од Министерството за култура на Република Северна Македонија. Скопје, 2023 година.

Проф. д-р Александар Манојловски е член и на организациските одбори на меѓународниот научен симпозиум *Европа и Македонија: идеи, процеси и личности (по повод 75-годишнината од основањето на Институтот за национална историја – Скопје).* Скопје, 21 – 22 септември 2023 година; член на Редакциски одбор за подготовка на Зборникот на трудови од меѓународната научна конференција *Македонија и Европа: идеи, процеси и личности,* организирана на 21 – 22 септември 2023 година од Институт за национална историја и член на Организациски одбор за организирање на Меѓународна научна конференција по повод одбележување на јубилејот *Антифашизмот помеѓу меморијата и заборавот (по повод 80 години од Првото заседание на АСНОМ,* организирана од Институтот за национална историја и Македонската академија на науките и уметностите. Во рамките на неговиот професионален ангажман се вбројуваат и членството во редакцискиот одбор на меѓународното научно списание *Гласник* на Институтот за национална историја. Тој, исто така, е долгогодишен член на Здружението на историчарите на Република Македонија

Проф. д-р Александар Манојловски учествувал во подготовка и организирање на неколку музејски изложби и каталози:

Изложба на фотографии и документи под наслов: *Битолските Евреи во македонското партизанско движење.* Здружение за негување на антифашистичките традиции. Сојуз на антифашисти АНТИФА. Битола, Мегаза, 1 ноември 2019 година (коавтор.)

Изложба на фотографии и документи под наслов: *Евреите од Македонија во Антифашистичката и народноослободителна војна (1941 – 1945).* Здружение за негување на антифашистичките традиции. Сојуз на антифашисти АНТИФА. Национална универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“. Скопје, 14 ноември 2019 година (коавтор.)

Изложба на фотографии и документи под наслов: *Сонцељубивите Македонски Сефарди.* НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Струмица. Струмица, 18 декември 2019 година (коавтор.)

Изложба на фотографии под наслов: *Сведоштвата за битолските Евреи низ фотографското творештво на браќата Манаки.* Еврејска заедница во Република

Македонија. Меморијален центар на холокаустот на Евреите од Македонија. Скопје, 20 декември 2019 година (автор.)

Изложба на документи и фотографии под наслов: *Македонија памети. Никогаш да не се повтори.* Државен архив на Република Северна Македонија и Институт за национална историја – Скопје. Меморијален центар на холокаустот на Евреите од Македонија. Скопје, 12 март 2023 година (коавтор.)

Изложба на фотографии под наслов: *Народите на Балканот низ објективот на камерите на браќата Манаки од Битола,* поддржана од Министерството за култура на Република Северна Македонија. Македонски културен центар во државата Њујорк, Соединети Американски Држави, од 2 до 12 август 2024 година (коавтор.)

Името на кандидатот проф. д-р Александар Манојловски се јавува и како рецензент на Зборникот на документи од проф. д-р Александар Литовски и д-р Роберто Трајковски под наслов: *Ослободување на Битола и Битолско*. Битола, 2020 година, но и на повеќе научни трудови објавени во релевантни научни списанија и на Школата за докторски студии при ИНИ. Тој е рецензент на текст под наслов: *Некои прашања околу испраќањето и грижата за учителите од НРМ на работа во пиринскиот дел на Македонија во учебната 1947/1948 година*. Гласник, 66/1-2, 2022, 127-136; рецензент на текст под наслов: *Односите помеѓу Демократска Федеративна Југославија и Отечественофронтовска Бугарија, септември – декември 1944 година, со осврт на Македонија*. Гласник, 67/1-2, 2023, 119-134; рецензија на трудот *Придонесот на Главниот штаб на НОВ и ПО на Македонија и на Михајло Апостолски во бробите за ослободување на Македонија во 1944 година* од кандидатот м-р Роберт Бојаџиевски за семинарот на Школата за докторски студии при Институтот за национална историја во Скопје, 2024 година; рецензент на текст под наслов *Градот повторно пулсира: Скопје во есента 1963 година.* Зборник на трудови од меѓународниот научен симпозиум *Европа и Македонија: идеи, процеси и личности,* одржан во Скопје, на 21и 22 септември 2023 година, во организација на Институтот за национална историја во Скопје (во подготовка.)

Научноистражувачката дејност на кандидатот во дадениот период е дополнета и со наставно-научна активност, реализирана преку неговиот ангажман како професор на вториот циклус – постдипломски студии и на третиот циклус – докторски студии на Институтот за национална историја.

Кон неговиот научен профил се вбројуваат и следните пројави:

промоција на изложба на фотографии и документи: *Битолските Евреи во македонското партизанско движење.* Битола, 1 ноември 2019;

промоција на изложба на фотографии и документи: *Евреите од Македонија во Антифашистичката и народноослободителна војна (1941 – 1945).* Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“. Скопје, 14 ноември 2019 година;

промоција на изложба на фотографии и документи: *Сонцељубивите македонски Сефарди.* Струмица, 18 декември 2019 година;

промоција на изложба на фотографии: *Сведоштвата за битолските Евреи низ фотографското творештво на браќата Манаки*. Скопје, 20 декември 2019 година;

промоција на изложба на фотографии и документи: *Македонија памети. Никогаш да не се повтори. Меморијален центар на холокаустот на Евреите од Македонија*. Скопје, 12 март 2023 година;

промотор на монографијата *КНИГА ЗА МЕМОРИЈА. Учениците и студентите Евреи од град Скопје (1919 – 1943 год.)*. Скопје, 27 декември 2023 година.

**Заклучок и предлог**

Врз основа на изнесените податоци за научноистражувачката, наставно-научната и стручно-апликативната дејност на проф. д-р Александар Манојловски, како членови на Рецензентската комисија сметаме дека тој во изминатиот период реализирал обемна и значајна активност и остварил значајни резултати во сите три дејности.

Ценејќи ја пројавената научна активност, можеме да констатираме дека во научната преокупација на д-р Александар Манојловски преовладува проучување и расветлување на прашања и проблеми, пред сè поврзани со историјата на Еврејската заедница во Република Северна Македонија, еврејското прашање во меѓувоениот период, за време на Втората светска војна и холокаустот, но и научна актива на други научни историски теми од националната историја, создавајќи свој критички однос кон објавените и необјавените извори и литературата поврзани со овие тематики.

Земајќи го предвид посоченото, како и податоците дадени во прилозите кон овој извештај, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот во согласност со критериумите од Правилникот за постапката и поблиските критериуми за избор во научни звања на Министерството за образование и наука, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и Правилникот за утврдување на дополнителни критериуми за избор во повисоко научно звање и за предвремен избор во научно звање во ЈНУ Институт за национална историја, ги исполнува барањата и критериумите за избор во звањето научен советник. Затоа, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Советот на ЈНУ Институт за национална историја, проф. д-р Александар Манојловски да биде избран во звањето научен советник.

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Љубица Јанчева, с.р.**
**Проф. д-р Александар Литовски, с.р.**
**Проф. д-р Марјан Ивановски, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Александар Манојловски
Институцнја: Институт за нациналнa историја – Скопје
Научна област: историја
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА (НИ)
НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ (НН) И
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ (СА)
Научно поле: хуманистички науки
Подрачје: историски науки

| Реден број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| **1** | **Монографија** | 34,4 |
| 2 | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание** | 36 |
| 3 | **Труд со оргинални научни резултати, објавен во зборник на трудови со меѓународен научен/стручен собир** | 4 |
| **4** | **Критики/рецензии на научни трудови** | 4,5 |
| **5** | **Апстаркт објавен во зборник од меѓународна конференција** | 1 |
| **6** | Учество на меѓународни и национални конференции, симпозиуми и собири | 8,5 |
| **7** | Научноистражувачки престој и теренско истражување | 20 |
| **8** | **Подготовка на нов предмет од II и III циклус студии при Институтот за национална историја во Скопје** | 3 |
| 9 | Научноистражувачки проекти | 14 |
| 10 | Учество во подготовка на музејска изложба | 7.7 |
| 11 | **Стручно-апликативна дејност** | 6.3 |
| 12 | Други активности | 2,5 |
| | **Вкупно:** | **141.9** |

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Љубица Јанчева, с.р**
**Проф. д-р Александар Литовски, с.р.**
**Проф. д-р Марјан Ивановски, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** *Александар Методија Манојловски*
(име, татково име и презиме)
**Институција:** *ЈНУ Институт за национална историја – Скопје*
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:**
**ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНИЈА (ШИФРА: 60114)**
**ИСТОРИЈА НА НАЈНОВ ВЕК (ШИФРА: 60116 )**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОРАБОТНИК**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: ___9,20_______<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: ___10,00_______<br>Просечниот успех изнесува ____9,60___за интегрираните студии. | Да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област:<br>*Историја на Македонија* и *Општа историја на најнов период од 1918 година до денес*<br>Поле: *историски науки*<br>Подрачје: *хуманистички науки*. | Да |
| 3 | Објавени најмалку четири научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | Да |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: __________<br>2. Назив на електронската база на списанија:___________<br>3. Наслов на трудот: _____________<br>4. Година на објава: _____________ | / |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на | Да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: Гласник на Институт за национална историја<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 11 членови, 6 Македонија, 1 Украина, 1 Русија, 1 Грузија, 1 Турција, 1 Босна и Херцеговина.<br>3. Наслов на трудот: *Учество на битолските Евреи во Народноослободителната и антифашистичката војна во Македонија*<br>4. Година на објава: 2021<br>1. Назив на научното списание: Историја/Journal of History<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 15 членови, 7 држави, 6 Македонија, 3 Велика Британија, 1 Украина, 1 Полска, 1 Хрватска, 1 Германија, 1 Романија.<br>3. Наслов на трудот: *Состојбата на Еврејските вероисповедни општини во вардарскиот дел од Македонија во 1937 година според извештајот на Давид Леви*<br>4. Година на објава: 2021<br>1. Назив на научното списание:Historijski pogledi/Historical views<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 17 членови, 9 држави, 9 БиХ, 1 Хрватска, 1 Србија, 1 Црна Гора, 1 Турција, 1 Македонија, 1 Бугарија, 1 Велика Британија, 1 САД.<br>3. Наслов на трудот: *Sjećanja sarajevskog jevreja Benjamina Samokovlije – Damjana o njegovom učešći u Narodnooslobodilačkom ratu u Jugoslaviji (1941 – 1945)*<br>4. Година на објава: 2022<br>1. Назив на научното списание: Историја/Journal of History<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 15 членови, 7 држави, 6 Македонија, 3 Велика Британија, 1 Украина, 1 Полска, 1 Хрватска, 1 Германија, 1 Романија.<br>3. Наслов на трудот: *Бенјамин Самоковлија (1918 – 1996)*<br>4. Година на објава: 2022<br>1. Назив на научното списание: Гласник на Институт за национална историја<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 11 членови, 6 Македонија, 1 Украина, 1 Русија, 1 Грузија, 1 Турција, 1 Босна и Херцеговина.<br>3. Наслов на трудот: *ИЗВЕШТАЈ за работата на Управата и Одборот на Еврејската вероисповедна општина во Скопје во изборниот период од 1936 до 1939 година.*<br>4. Година на објава: 2022<br><br>1. Назив на научното списание: Историја/Journal of History<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 15 членови, 7 држави, 6 Македонија, 3 Велика Британија, 1 Украина, 1 Полска, 1 Хрватска, 1 Германија, 1 Романија | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 3. Наслов на трудот: *Образованието во градот Скопје во периодот од 1918 до 1929 година со посебен осврт на застапеноста на учениците Евреи*<br>4. Година на објава: _____________ | |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>5. Назив на научното списание: _________<br>6. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД________<br>7. Наслов на трудот: _____________<br>8. Година на објава: _____________ | |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Наслов на книгата: ________<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД_______<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: ________ | |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>6. Назив на зборникот: _______<br>7. Назив на меѓународниот собир: ____________<br>8. Имиња на земјите: _________<br>9. Наслов на трудот: _____________<br>10. Година на објава: _____________ | Да |
| 3.6 | Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност<br>1. Наслов на преведеното капитално дело: _______<br>2. Година на објава: _____________<br>3. Издавач, место на издавање и година: _______ | / |
| 4 | Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа<br>5. Странски јазик: англиски јазик | Да |
| 5. | Претходен избор во наставно-научно звање: вонреден професор. Датум и број на Билтен: 15 ноември 2019 година, број 1203 | Да |
| 6. | Има способност за изведување на високообразовна дејност | Да |

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех

од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 4 (четири) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА – ДОЦЕНТ, ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР И РЕДОВЕН ПРОФЕСОР НА СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ ПРЕДМЕТИ

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | За доцент, вонреден професор и редовен професор по стручно-уметничките предмети може да биде избрано и лице без научен степен – доктор на науки, кое има завршено соодветно високо образование од втор циклус | / |
| 2 | Признати уметнички и стручни дела, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјата<br>(да се наведат/опишат) | / |
| 3 | Има способност за наставна работа | Да |

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Александар Методија Манојловски**
(име, татково име и презиме)
**Институција:** **ЈНУ Институт за национална историја – Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научноистражувачки области:**
**60114 – ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
**60116 – ОПШТА ИСТОРИЈА НА НАЈНОВ ПЕРИОД ОД 1918 ДО ДЕНЕС**

**Научни области од трето ниво:**
**6.01.01.01. – историја на Македонија**
**6.01.01.10 – историја на најновиот век**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ | |
| 1.1 | *Последниот албум. Чувар на спомените за Еврејската верска општина во Битола* (автор) | 8 |
| 1.2 | Превод од македонски на англиски јазик на монографијата *Последниот албум. Чувар на спомените за Еврејската верска општина во Битола.* *(The last album. Keeper of the memories for the Jewish Religious Municipality in Bitola)* (автор, рецензиран труд во печат) | 8 |
| 1.3 | *КНИГА ЗА МЕМОРИЈА. Учениците и студентите Евреи од град Скопје (1919 – 1943 год.)* (коавтор) | 3,2 |
| 1.4 | *Мориц Романо. Белешки од Чиле* (коавтор, рецензиран труд во печат) | 7,2 |
| 1.5 | *Еврејска верска општина во Битола* (автор, рецензиран труд во печат) | 8 |
| | **Вкупно** | **34,4** |

| Ред. Број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | |
| 2 | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови** | |
| 2.1 | *Учество на битолските Евреи во Народноослободителната и антифашистичката војна во Македонија.* | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| | Гласник на Институт за национална историја. Год. 65, бр. 1-2, Скопје, 2021, 117-134. | |
| **2.2** | *Состојбата на Еврејските вероисповедни општини во вардарскиот дел од Македонија во 1937 година според извештајот на Давид Леви.* **Списание, Историја. Здружение на историчари на Република Македонија. Год. LVI, Скопје, 2021, Бр. 1-2, 249-278.** | 6 |
| **2.3** | *Sječanja sarajevskog jevreja Benjamina Samokovlije – Damjana o njegovom učešću u Narodnooslobodilačkom ratu i Jugoslaviji (1941-1945).* Centar za istraživanje modern I savremene hisorije Tuzla. Historijski pogledi, God. V, Br. 8, Tuzla, 2022, 165-188. | 6 |
| **2.4** | *Бенјамин Самоковлија (1918-1996).* Списание Историја. Здружение на историчари на Република Македонија. Год. LVII, Скопје, 2022, бр. 2, 209-234. | 6 |
| **2.5** | *ИЗВЕШТАЈ за работата на Управата и Одборот на Еврејската вероисповедна општина во Скопје во изборниот период од 1936 до 1939 година.* Гласник на Институт за национална историја, Год. 66, бр. 1-2, Скопје, 2022, 89-106. | 6 |
| **2.6** | *Образованието во градот Скопје во периодот од 1918 до 1929 година со посебен осврт на застапеноста на учениците Евреи.* Списание Историја. Здружение на историчари на Република Македонија. Год. LVIII, Скопје, 2023, бр. 2, 123-143. | 6 |
| | **Вкупно** | 36 |

| | | |
|---|---|---|
| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
| **3.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови со меѓународен научен/стручен собир** | |
| **3.1** | *Човечките загуби и материјалните штети на Еврејската заедница во Република Македонија од Скопскиот земјотрес – 26 јули 1963 година* (рецензиран труд во печат) | 2 |
| **3.2** | *Ликвидација на имотите на Евреите од Битола по нивната депортација во март 1943 година во концентрациониот логор во Треблинка* (рецензиран труд во печат) | 2 |
| | **Вкупно** | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
| **4** | **КРИТИКИ/РЕЦЕНЗИИ НА НАУЧНИ ТРУДОВИ** | |

| | | |
|---|---|---|
| **4.1** | Рецензија на Александар Литовски, Роберто Трајковски. Зборник на документи *Ослободување на Битола и Битолско.* Битола, 2020 | 1 |
| **4.2** | Рецензент на текст во Гласникот под наслов: *Некои прашања околу испраќањето и грижата за учителите од НРМ на работа во пиринскиот дел на Македонија во учебната 1947/1948 година*. Гласник, 66/1-2, 2022, 127-136. | 1 |
| **4.3** | Рецензент на текст во Гласникот под наслов: *Односите помеѓу Демократска Федеративна Југославија и Отечественофронтовска Бугарија, септември – декември 1944 година, со осврт на Македонија*. Гласник, 67/1-2, 2023, 119-134. | 1 |
| **4.4** | Рецензија на трудот *Придонесот на Главниот штаб на НОВ и ПО на Македонија и на Михајло Апостолски во бробите за ослободување на Македонија во 1944 година* од кандидатот м-р Роберт Бојаџиевски за семинарот на Школата за докторски студии. | 0,5 |
| **4.5** | Рецензент на трудот *Градот повторно пулсира: Скопје во есента 1963 година* од меѓународниот научен симпозиум *Европа и Македонија: идеи, процеси и личности*, одржан во Скопје, 21 – 22 септември 2023 година. | 1 |
| | **Вкупно** | 4.5 |

| | | |
|---|---|---|
| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
| **5** | **Објавен/прифатен апстракт/приказ/прилог во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови** | |
| **5.1** | *The Balkan people through the photo lens of the Janaki and Milton Manaki brothers. 10th International Conference,* „Ohrid - Vodici, 2022“<br>Ohrid, 17-19 January 2022. Book of Abstracts, p. 20. | 1 |
| | **Вкупно** | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| **Ред. Број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
| **6** | **УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНИ И НАЦИОНАЛНИ НАУЧНИ КОНФЕРЕНЦИИ, СИМПОЗИУМИ И СОБИРИ** | |
| **6.1** | Научен собир *Современата македонска држава – две етапи во процесот на нејзиното формирање и развој: 1941-1991 / 1991 – 2021 година,* одржан во Скопје, 27 – 28 септември 2021 година, со реферат на тема: *Учество на битолските Евреи во Народноослободителната и антифашистичката војна во Македонија*. | 1.5 |

| | | |
|---|---|---|
| **6.2** | 10. Научна меѓународна конференција *Охрид – Водици, 2022,* одржана во Охрид, од 17 до 22 јануари 2022 година, со реферат на тема *Балканските народи низ фотобјективот на браќата Јанаки и Милтон Манаки*. | 1.5 |
| **6.3** | Меѓународен научен симпозиум *Европа и Македонија: идеи, процеси и личности*, одржан во Скопје, 21 – 22 септември 2023 година, со реферат на тема: *Човечките загуби и материјалните штети на Еврејската заедница во Скопскиот земјотрес од 26 јули 1963 година*. | 1.5 |
| **6.4** | Меѓународна конференција *Улогата на историските личности во историјата и во колективната меморија,* одржана во Скопје, од 6 до 8 ноември 2023 година, со реферат на тема:<br>*Сведоштвата на Мориц Романо како извор за историјата на Еврејска верска општина во Битола.* | 1.5 |
| **6.5** | Научен собир *80 години од холокаустот на македонските Евреи,* одржана во Скопје на 26 декември 2023 година, со реферат на тема:<br>*Ликвидација на имотите на Евреите од Македонија по нивната депортација во 1943 година во концентрациониот логор во Треблинка* | 1 |
| **6.6** | Меѓународната научна конференција *Македонците и Граѓанската војна во Грција (1946 – 1949): 75 години потоа*, одржана во Скопје, на 29 март 2024 година, со реферат на тема:<br>*Граѓанската војна во Грција низ страниците на весникот „Нова Македонија“*. | 1.5 |
| | **Вкупно** | 8.5 |

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** | **Поени** |
|---|---|---|---|
| **7** | **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКИ ПРЕСТОЈ И ТЕРЕНСКО ИСТРАЖУВАЊЕ** | Во земјава | Во странство |
| | | 8 | 12 |
| | **Вкупно:** | **20** | |

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **8** | **ПОДГОТОВКА НА НОВ ПРЕДМЕТ од II и III циклус студии при Институтот за национална историја-Скопје** | |
| **8.1** | Дипломатијата на самостојна Република Македонија (II циклус) | 1 |
| **8.2** | Историја на Евреите во Македонија и холокаустот (II циклус) | 1 |
| **8.3** | Историја на Евреите во Македонија и холокаустот (III циклус) | 1 |
| | **Вкупно** | 3 |

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **9** | **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТИ** | |

| | | |
|---|---|---|
| **9.1** | Носител на проект поддржан од Министерството за култура под наслов: *Балканските народи низ фотографиите на браќата Јанаки и Милтон Манаки*. Договор бр. 31-5578/1 од 5 мај 2020 година. | 4 |
| **9.2** | Носител на проект поддржан од Министерството за култура под наслов: *Последниот албум. Чувар на спомените за Еврејската верска општина во Битола*. Договор бр. 31-5578/1 од 5 мај 2020. | 4 |
| **9.3** | Носител на проект поддржан од Министерството за култура под наслов: *Битолска еврејска верска општина*. Договор бр. 24-4347/1 од 19 март 2024 година. | 4 |
| **9.4** | Стручен соработник во научниот проект *150 години од поврзувањето на Скопје со железница* со решение број: 31-2691/1 од 9 март 2023 година, избран од Министерството за култура на Република Северна Македонија за проект од национален интерес во културата од областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство за 2023 година. | 2 |
| | **Вкупно** | 14 |

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **10** | **УЧЕСТВО ВО ПОДГОТОВКА НА МУЗЕЈСКА ПОСТАВКА/ИЗЛОЖБА** | |
| **10.1** | Здружение за негување на антифашистичките традиции: Сојуз на антифашисти АНТИФА<br>Изложба на фотографии и документи под наслов:<br>*Битолските Евреи во македонското партизанско движење.*<br>Битола, Мегаза, 1 ноември 2019 година (коавтор). | 1 |
| **10.2** | Здружение за негување на антифашистичките традиции: Сојуз на антифашисти АНТИФА<br>Изложба на фотографии и документи под наслов:<br>*Евреите од Македонија во Антифашистичката и народноослободителна војна (1941 – 1945)*.<br>Национална универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“.<br>Скопје, 14 ноември 2019 година (коавтор). | 1 |
| **10.3** | НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Струмица.<br>Изложба на фотографии под наслов:<br>*Сонцељубивите Македонски Сефарди.*<br>Струмица, 18 декември 2019 година (коавтор). | 1 |
| **10.4** | Еврејска заедница во Република Македонија<br>Изложба на фотографии под наслов:<br>***Сведоштвата за битолските Евреи низ фотографското творештво на браќата Манаки*.**<br>Меморијален центар на холокаустот на Евреите од Македонија.<br>Скопје, 20 декември 2019 година. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| **10.5** | Државен архив на Република Северна Македонија и Институт за национална историја – Скопје.<br>Изложба на документи и фотографии под наслов: ***Македонија памети. Никогаш да не се повтори.***<br>Меморијален центар на холокаустот на Евреите од Македонија. Скопје, 12 март 2023. | 1 |
| **10.6** | Изложба на фотографии под наслов: *Народите на Балканот низ објективот на камерите на браќата Манаки од Битола*. Министерство за култура на Република Северна Македонија, Њујорк, САД, 2 – 12.XI 2024. | 1 |
| **10.7** | Каталог од изложба со фотографии под наслов *Сведоштвата за битолските Евреи низ фотографското творештво на браќата Манаки.*<br>Еврејска заедница на Република Северна Македонија. Скопје, 20 декември 2019 година. | 1 |
| **10.8** | Каталог од изложба со фотографии под наслов *Сонцељубивите македонски сефарди*, Струмица, 18 декември 2019 година. | 0.7 |
| | **Вкупно** | 7.7 |

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **11** | **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | |
| **11.1** | Член на Комисија за подобност на магистерска теза под наслов: *Трагедијата на Евреите во Скопје видена низ судбината на фамилијата Младеновски* од кандидатката Билјана Ристовска. | 0.3 |
| **11.2** | Член на Комисија за одбрана на магистерска теза од кандидатката Билјана Ристовска под наслов: *Трагедијата на Евреите во Скопје видена низ судбината на фамилијата Младеновски,* одбранета на 20.1.2020 година. | 0.3 |
| **11.3** | Член на Комисија за одбрана на докторска дисертација од кандидатката м-р Нора Малиќи-Зулали под наслов: *Законодавната политика на Бугарија кон еврејското население во вардарскиот дел на Македонија со посебен осврт на монополот во Скопје како собирен и транзитен центар (1941 – 1944 год.),* одбранета на 21.8.2020 година. | 0.7 |
| **11.4** | Член на Организациски одбор за организирање на Меѓународниот научен симпозиум *Европа и Македонија: идеи, процеси и личности (по повод 75-годишнината од основањето на Институтот за национална историја - Скопје).* Скопје, 21 – 22 септември 2023 година. | 1 |
| **11.5** | Член на Редакциски одбор за Зборник на трудови од меѓународната научна конференција<br>*Македонија и Европа: идеи, процеси и личности*.<br>Институт за национална историја<br>Број: 02-263/5 од 23.2.2024. | 1 |
| **11.6** | Член на Организациски одбор за организирање на Меѓународна научна конференција по повод | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | одбележување на јубилејот *Антифашизмот помеѓу меморијата и заборавот (по повод 80 години од Првото заседание на АСНОМ*.<br>Институт за национална историја и<br>Македонска академија на науките и уметностите<br>Број: 02-20/7 од 26.1.2024. | |
| **11.7** | Член на Редакцијата на научното списание *Гласник* на Институтот за национална историја.<br>Број: 02-20/6 од 26.01.2024. | 1 |
| **11.8** | Член на Здружението на историчарите на Република Македонија | 1 |
| | **Вкупно** | 6.3 |

| Ред. број | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 12 | **ДРУГИ АКТИВНОСТИ** | |
| 12.1 | Промоција на изложба на фотографии и документи: *Битолските Евреи во македонското партизанско движење.* Битола, 1 ноември 2019 | 0,5 |
| 12.2 | Промоција на изложба на фотографии и документи: *Евреите од Македонија во Антифашистичката и народноослободителна војна (1941 – 1945).* Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“. Скопје, 14 ноември 2019 година. | 0,5 |
| 12.3 | Промоција на изложба на фотографии и документи *Сонцељубивите македонски Сефарди.* Струмица, 18 декември 2019 година. | 0,5 |
| 12.4 | Промоција на изложба на фотографии и документи: *Македонија памети. Никогаш да не се повтори. Меморијален центар на холокаустот на Евреите од Македонија*. Скопје, 12 март 2023. | 0,5 |
| 12.4 | Промотор на изданието *КНИГА ЗА МЕМОРИЈА. Учениците и студентите Евреи од град Скопје (1919 – 1943 год.)*.<br>Меморијален центар на холокаустот на Евреите од Македонија. Скопје, 27 декември 2023 година. | 0,5 |
| | **Вкупно** | **2.5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **37,4** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **80** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **24,2** |
| **Вкупно** | **141,9** |

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Љубица Јанчева, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Александар Литовски, член, с.р.**
**Проф. д-р Марјан Ивановски, член, с.р.**

***Прилоī бр. 5***

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ИНСТИТУТ ЗА ФОЛКЛОР „МАРКО ЦЕПЕНКОВ“
### Докторски трудови

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | М-р Мелита Ивановска | Пренесување и изучување на македонското народно пеење во современите социокултурни услови | Transmission and study of Macedonian folk singing in modern socio-cultural conditions | Проф. Д-р Родна Величковска | Одлука бр. 02-95 /3.4.2024 |

# П Р Е Г Л Е Д

## НА ОДБРАНИ ТЕМИ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ФОЛКЛОР „МАРКО ЦЕПЕНКОВ“

1. МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ

| **Ред, бр.** | **Име и презиме на кандидатот** | **Назив на темата** | | **Име и презиме на менторот** | **Датум и бр. На одлука на ННС/НС за прифаќаење на темата** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **На македонски јазик** | **На англиски јазик** | | |
| 1. | Филис Синаноска | Нематеријалното културно наследство од селата Пласница и Преглово | Intangible cultural heritage from the villages Plasnica and Preglovo | Проф. Д-р Велика Стојкова - Серафимовска | Одлука бр. 02 200 27.06.2024 |